**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

# ДОПОЛНЕТ ПРЕДЛОГ БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

**Скопје, Декември 2008 година**

**БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЗА 2009 ГОДИНА**

# I. ОПШТ ДЕЛ

## Член 1

Буџетот на Република Македонија за 2009 година се состои од:

**во илјади денари**

| | | |
|---|---|---|
| **I** | **Вкупни приходи,** | **153.215.000** |
| | и тоа: | |
| | - изворни приходи | 147.630.000 |
| | - капитални приходи | 2.537.000 |
| | - донации | 3.048.000 |
| **II** | **Вкупни расходи,** | **164.797.000** |
| | и тоа: | |
| | - утврдени намени | 164.497.000 |
| | - резерви | 300.000 |
| **III** | **Дефицит** | **11.582.000** |
| | од тоа: | |
| **Приливи** | | **19.689.000** |
| | -домашни приливи | 8.550.000 |
| | -странски кредити | 7.155.000 |
| | - депозит | 3.984.000 |
| **Одливи** | | **8.107.000** |
| | -отплата на главнина | 8.107.000 |

# ВОВЕД

Предлогот на Буџетот на Република Македонија за 2009 година како огледало на политичките цели и планираните политики и стратегии го отсликува континуитетот на активностите на Владата на Република Македонија во остварувањето на амбициозните програмски цели за забрзување на економскиот раст, зголемување на вработеноста, засилена борба против корупцијата и итензивирање на интеграционите процеси во ЕУ и НАТО.

Истовремено државниот буџет ги отсликува и напорите на Владата на Р.М. во справувањето со можните последици од глобалната економска криза, преку интензивирање на јавните инвестиции како продуктивни расходи, кои во услови на намалена екстерна побарувачка ќе придонесат кон зголемување на економскиот развој и креирање на нови работни места. При тоа одржувањето на макроекономската стабилност и поставувањето на економскиот развој на здрави основи, како и натамошното спроведување на координираната рестриктивна фискална и монетарна политика се императив на политиката на оваа влада за наредната година и наредниот среднорочен период.

## Тековен макроекономски амбиент

Во 2008 година македонската економија продолжи да остварува забележителни економски постигнувања, пред се како резултат на успешната економска политика водена од страна на Владата на Република Македонија, и покрај забавувањето на глобалната економска активност, вклучително и во земјите од регионот. Позитивни движења се остварени во речиси сите сектори на економијата, што е потврда дека македонската економија конечно излегува од транзициската апатија и им се придружува на останатите земји со повисоки стапки на раст. Забрзаниот раст се остварува во услови на повисока координација помеѓу фискалната и монетарната политика, со дисциплинирана и одговорна фискална политика и порестриктивна монетарна политика. Прогресот во растот на економијата, спроведените реформи и подобреното бизнис опкружување беше признаен и од реномирани меѓународни институции. Така, покрај водечкиот бизнис портал Forbes, кој во неговиот извештај Best Countries For Business ја рангираше Македонија на 50-то место за водење бизнис, што е скок за 32 места во однос на 2007 година, и извештајот Doing Business на Светска банка го потврди остварениот прогрес со тоа што ја рангираше нашата земја осум места погоре во однос на 2007 година (од 79 на 71 место). Борбата против корупцијата и остварените резултати ја потврди најновиот извештај на меѓународната организација за борба против корупција Transparency International кој ја рангираше Македонија на 72 место во 2008 наспроти 84 место претходната година.

Стапката на раст на **бруто домашниот производ** (БДП) за второто тримесечје од 2008 година изнесува 6,5%, со што продолжува започнатиот тренд на остварување високи стапки на раст. Она што е значајно да се напомене е диверзифицираноста на овој пораст, при што, најзабележителен раст оствари градежништвото (23,2%), преработувачката индустрија (12,6%) и трговијата на големо и мало (6,2%). Високиот раст на додадената вредност во услугите доведе до натамошна промена и приближување на производната структура на БДП кон истата во развиените земји. Покрај засилениот раст на БДП, остварен е и значителен напредок во поглед на расходните компоненти на БДП изразен преку номинален пораст на учеството на инвестициите и тоа од од 18% во вториот квартал од 2007 година на 31,6% во истиот квартал од 2008 година, што упатува на повисоки стапки на раст во наредниот период.

Релативно високиот пораст на општото ценовно ниво од минатата година, продолжи и во првата половина на 2008 година, додека пак од средината на

годината се стабилизира и започна да опаѓа на месечно ниво. Така, **стапката на инфлација** во првите девет месеци на 2008 година, споредено со крајот на 2007 година изнесува 3,1%, а на годишно ниво 7,1%. Сепак, инфлацијата до крајот на годината се очекува да се намали и да достигне 5-5,5%, пред се поради зголемувањето на споредбената база, како и поради мерките на Владата и Народната банка на Македонија во правец на нејзино намалување. НБРМ презеде мерки во нејзиниот домен и изврши затегнување на монетарната политика со зголемувањето на каматните стапки на благајничките записи на 7% и воведувањето на задолжителен депозит за банките кај кои растот на кредитирањето е над 40%. Истовремено, Владата на Република Македонија, слично на политиката во развиените земји и ЕУ, имплементира свој пакет од седум мерки кој вклучија: субвенции за нафта на регистрираните земјоделци, ослободување од обврската за плаќање акциза при увозот на автомобили на хибриден погон, намалување на вкупните трошоци за престој на терминал и вагање на транспортните возила, намалување на цената за регистрација, намалување на патарините, намалување на премијата за осигурување за 30% и слично. Во поглед на причинителите на инфлацијата, треба да се потенцира дека тие во доминантен дел се екстерни. односно главниот инфлаторниот притисок беа растечките цени на храната, нафтата и суровините на светскиот пазар, што во одреден момент предизвика верижно зголемување на цените и на некои други продукти. Потврда за поврзаноста на домашната инфлација и светските цени на храната и нафтата е фактот што со нивното стабилизирање и постепено намалување се намалува и домашната стапка на инфлација, имајќи предвид дека храната и горивата во вкупниот пораст на цените, изнесува дури 80%.

Во **надворешниот сектор**, растот на извозот во првите седум месеци од 2008 година изнесува 33,1%, додека растот на увозот 58,5%, што предизвика продлабочување на трговскиот дефицит за 114% споредено со истиот период минатата година. Зголемениот дефицит во анализираниот период се должи, пред се, на порастот на негативното салдо во размената на енергија, а посебно на зголемениот увоз на нафта и производи од нафта и електрична енергија.

Високиот дефицит е очекуван и поради значително зголемените странски директни инвестиции (СДИ), кои со себе носат и голема увозна компонента (увоз на технологии, суровини и сл.). Имено, СДИ во првите шест месеци од 2008 година се приближија до 270 милиони евра, што е повеќе отколку за целата 2007 година. Најзначајни инвестиции кои се реализираа во првата половина од 2008 година се: купувањето на втората по големина млекарница Идеал Шипка од страна на хрватски Дукат, фабриката на Johnson Controls во Бунарџик, купувањето на Алумина од страна на израелскиот Gazit-Globe, купувањето на битолската млекарница од страна на бугарската компанија Сирма, инвестицијата на California Resort која ќе започне со изградба на хотели, казина и шопинг центри во Гевгелија и др.

Позитивните економски движења се одразија и врз **социјалната сфера** при што последните статистички податоци за пазарот на труд во вториот квартал на 2008 година (Анкета на работна сила[1]) покажуваат дека стапката на вработеност се зголеми за 1,1 процентни поени (п.п.) и достигна 41,8%, додека стапката на невработеност изнесува 34%, што во однос на истиот квартал од претходната година значи намалување за 1,2 п.п. Трендот на намалување на стапката на невработеност во последниве три години, генерално е резултат на зајакнатата економска активност и активните политики на пазарот на труд. Значајно е да се нагласи дека од вкупниот број на невработени лица утврден на ниво под 350 илјади (на крајот од август 2008 година), активно бараат работа 271.942 лица, додека останатите 72.381 се пријавуваат само за остварување на

[1] Население на возраст од 15 -64 години

правото за здравствено осигурување и според дефиницијата за невработеност не би требало да се вклучат во таа категорија.

Од претходните анализи може да се заклучи дека до овој момент негативни импликации од глобалната финансиска криза, која сеуште трае, врз македонската економија не се забележани, согласно кое Владата на Република Македонија сеуште нема превземено конкретни мерки за намалување на можните штетни последици. Ваквите анализи се базираат на анализата на водечкиот и коинцидентниот индекс. Таа покажува дека **водечкиот композитен индекс**, MakLead, во вториот квартал од 2008 година порасна за 4.4 индексни поени во однос на претходниот квартал, и за 17.5 индексни поени во однос на истиот квартал од 2007 година. MakLead повторно регистрира пораст, по забавувањето во прва квартал (2.3 индексни поени), што сугерира дека економијата ќе остане во зоната на растот и во првото полугодие од следната година.




Извор: Министерство за финансии на Република Македонија

Водечкиот дифузен индекс, во вториот квартал од 2008 година забележа позитивни движења кај 75% од компонентите на композитниот индекс, и го задржува нивото од истиот квартал од 2007, како и просечната вредност од 2007 (81%). Врз основа на вредностите на водечкиот композитен и дифузен индекс, во првата половина од 2008 година може да се очекува продолжување на економската активност и во наредната година, при што проекцијата за економскиот раст за наредната 2009 година изнесува околу 5,5%.

И покрај овие анализи Владата на Република Македонија интензивно ја следи состојбата на финасискиот и реалниот сектор во светот и регионот и е свесна дека доколку кризата трае подолго можни се индиректни последици.

Светската економска криза во основа започна поради загубите поврзани со хартиите од вредност врз основа на заеми или обезбедени со хипотека. Вакви инструменти во македонската економија не постојат и македонските банки не се инволвирани во нивното емитирање и тргување. Оттука, директни загуби на банките по овој основ не е можно да се појават.и истовремено македонските банки имаат висока капитална адекватност (над 15%) и силни ликвидносни резерви. Сепак тие се изложени на можни посредни ризици. Тука првенствено се вбројува порастот на каматните стапки на европските пазари со што би поскапело банкарското задолжување, поради тоа што со странските каматни стапки е поврзано и домашното кредитирање, што нужно би довело до пораст на домашните каматни стапки. Многу посериозен е т.н. психолошки ризик кој би предизвикал недоверба на штедачите во банките и нивен притисок за подигање на своите депозити, уривајќи ја на тој начин банкарската ликвидност. Анализите покажуваат дека прв на удар на глобалната финансиска криза беше пазарот на капитал во Македонија. И покрај позитивните перформанси на најликвидните компании кои котираат на Македонската берза и воопшто позитивните движења

во економијата, прометот на берзата и цените на нивните акции паѓаат континуирано. Тоа значи дека учесниците на берзата не се раководат од споменатите фундаментални фактори, кои треба да го движат пазарот на капитал, туку. перцепцијата на инвеститорите е диктирана од негативната еуфорија во светот. Така, прометот на Македонската берза во првата половина од 2008 година падна дури за 71,6% спореденo со истиот период од претходната година, додека Македонскиот берзански индекс (МБИ - 10) во септември изнесуваше ниски 4448,9 поени што претставува пад од 42,5% во споредба со декември претходната година. Падот на берзата во одредена мера може да се сфати како корекција на цените по минатогодишното нивно спирално зголемување, предизвикано можеби од шпекулативни побуди, но доминантен фактор за драматичниот пад има повлекувањето на големите институционални инвеститори предизвикано од проблемите со ликвидноста, кои се појавија како што кризата земаше замав во нивните матични земји.

Анализите на можните ефекти од глобалната финансиска криза и движењата на цените на светските берзи врз реалната економија, укажува дека постојат и ***позитивни и негативни движења***.

Имено, цената на нафтата и нафтените деривати на светските берзи се намали од 133 УС долари/барел во Јуни 2008 на 99 УС долари/барел во септември 2008 година. Оттука, имајќи предвид дека енергијата е значителен дел од производните трошоци, намалената цена е во корист на домашната индустрија. Истовремено, во претходниот период дојде до значително намалување и на цената на одредени прехрамбени производи на светските берзи, што секако ќе има позитивно влијае врз увозот, односно ќе ја намали вредноста на истиот, при непроменет количински увоз., (цената на житото се намали од 329 $/mt во јули на 294 $/mt во септември оваа година, а цената на зејтинот се намали од 2536 $/mt на 2341 $/mt). кои како суровини во прехранбената индустрија, ќе влијаат врз намалување на производните трошоци на овие претпријатија.

Како негативни движења во глобални рамки, кои имаат негативно влијание врз македонската економија се воглавно намалените цени на светските берзи на одредени производи, кои имаат значајно учество во македонскиот извоз. Така, негативните ефекти прва ги почувствува металуршката индустрија. Драматичниот пад на цените на металите ги доведе компаниите од оваа индустрија во незавидна позиција. Имено, во септември 2008 година, цената на никелот, цинкот и оловото на светските берзи се намали за околу 40% во однос на истиот месец минатата година, цената на бакарот падна за 9%, додека раст на берзанската цена бележат челичните ладновалани и топловалани лимови за 69% и 82%, соодветно. Намалените цени на наведените производи на светските пазари веќе доведоа до намалување на производството (случајот со Фени индустри) и пуштање на работниците на принуден одмор. Ако се земе во предвид дека овие компании главно се извозници на светските пазари, нивното намалено производство автоматски би значело и помал извоз. Сепак, додадената вредност во производството е релативно ниска, околу 20% (значи, со увезени 100 ЕУР произведуваат и извезуваат 120 ЕУР) така што намаленото производство секако ќе биде придружено со помал увоз на суровини за преработка, и негативниот ефект врз нето извозот ќе биде понизок од очекувањата.

### Очекувани макроекономски движења за 2009 година

Во 2009 година, се очекува да продолжи започнатиот тренд на остварување високи стапки на економски раст. Така, според нашите проекции, реалниот **бруто домашен производ** и натаму ќе бележи висока стапка на пораст која се очекува да изнесува 5,5%. Од аспект на производниот метод за пресметка на БДП, главен поттикнувач на растот ќе биде индустријата, пред се поради

отпочнувањето на производството со реализираните СДИ, како и поради подобрувањето на перформансите на домашните индустриски капацитети. Од аспект на расходната страна на БДП, поттикнувач на економскиот раст ќе бидат бруто инвестициите кои во 2009 година се очекува да достигнат 30% од БДП. Порастот на БДП се очекува да биде остварен во услови на стабилно и ниско општо ниво на цените, при што стапката на инфлација мерена како просек не се очекува да ја надмине проектираната од 3,5%.

Во **надворешниот сектор**, дефицитот на трговскиот биланс се очекува и натаму да остварува пораст, што е тренд присутен во сите брзорастечки економии. Слично на трговскиот дефицит, и дефицитот на тековната сметка ќе биде зголемен и ќе се изнесува околу 11% од БДП во 2009 година, при стабилен номинален прилив на приватни трансфери и намалување на дефицитот на билансот на услуги. Проекциите се дека извозот во 2009 година во однос на 2008 година ќе расте со стапка од 16%, додека увозот ќе расте со помала стапка од 13%.

Високиот трговски дефицит ќе се должи пред се на очекувањата за значително повисоки странски директни инвестиции во 2009 година, кои со себе носат и голема увозна компонента. Оттука, состојбата со трговскиот дефицит не се очекува да биде алармантна, бидејќи странските директни инвестиции се здрав начин за негово финансирање. Очекувањата се дека во 2009 година во Република Македонија ќе влезат над 500 милиони евра по основ на СДИ, што во однос на проекциите за 2008 година претставува пораст за околу 10%.

Во однос на **монетарната политика** во 2009 година, примарната активност на НБРМ и понатаму ќе биде насочена кон одржување на ценовната стабилност и стабилноста на девизниот курс на денарот. Монетарната политика се очекува и во 2009 година да биде конзистентна, но поради настанатата финансиска криза, чии негативни ефекти се очекува да се прелеат и во 2009 година, постојат сериозни причини да се очекува пораст на каматните стапки на банките.

Состојбите во **социјалната сфера**, согласно конкретните заложби на Владата, се очекува да бележат натамошно подобрување. Така, платите се очекува да го задржат трендот на пораст, при натамошно намалување на стапката на невработеност, која според проекциите треба да се намали на ниво од 32%, и пораст на вработеноста за 4%. На ова поле Владата презема интензивни и сеопфатни структурни реформи.

Поттикната од успехот на воведувањето на рамниот данок, Владата на Република Македонија донесе одлука во 2009 година и во следните две години да спроведе сеопфатна реформа во системот на финансирање на социјалното осигурување и персоналниот данок на доход. И покрај неопходноста од преземање на ваква реформа поради високата невработеност, долго време, повеќе претходни влади го одложуваа нејзиното спроведување, што е потврда за реформскиот карактер на оваа влада. Оваа реформа се состои од:

- постепено намалување на стапките на социјалните придонеси, и тоа за пензиско осигурување од 21,2% во 2008 година на 15% во 2011 година, за здравствено осигурување од 9,2% на 6% во 2011 година, и за осигурување во случај на невработеност од 1,6% на 1% во 2011 година;
- воведувањето на системот на бруто плата, со што издатоците на работодавачот за храна и превоз ќе се инкорпорираат во истата;
- целосна хармонизација на основиците за плаќање на придонесите за задолжително социјално осигурување;
- намалување на минималната основица за плаќање на придонесите за задолжително социјално осигурување од 65% на 50%;
- интегрирана наплата на социјалните придонеси и персоналниот данок на доход во Управата за јавни приходи.

Основната цел на оваа реформа која ќе се примени од 01.01.2009 година е намалување на трошоците за работна сила и на тој начин стимулирање и формализирање на вработувањето. Со ваквите сеопфатни реформи во социјалната сфера, се очекува стапката на невработеност во 2009 година да изнесува околу 31,5%.

**Очекувани среднорочни економски движења**

Основна цел на Владата на Република Македонија, согласно нејзината економска програма во наредниот среднорочен период и натаму останува да биде задржување и забрзување на високиот економски раст, при што потребно е неколку-годишно последователно остварување на високи стапки на раст за да граѓаните почувствуваат позначајно зголемување на расположливиот доход и подобрување на нивниот животен стандард. Согласно ова, во периодот 2009-2011 година, проекциите се дека просечната стапка на пораст на БДП ќе биде на високо рамниште и ќе се движи меѓу 6% и 7%, зависно од натамошниот успех во привлекувањето на СДИ, реализацијата на планираните капитални инвестиции, движењата на светската економија, како и последиците од глобалната економска криза.

Од аспект на производниот метод за пресметка на БДП, најголемо учество во неговото создавање ќе имаат услугите како главен поттикнувач на растот. Сепак, висок раст се очекува и кај индустриското производство, како резултат на продолжување на преструктуирањето на домашните капацитети, но и влезот и отпочнувањето на производството во реализираните и нови СДИ.

Од аспект на расходната страна на БДП, поттикнувач на економскиот раст ќе бидат личната потрошувачка и инвестициите. Во рамките на инвестициите, се очекува значителен придонес да дадат СДИ, но не помалку значајни ќе бидат и капиталните инвестиции во патната и железничката инфраструктура, како и вложувањата во енергетските проекти.
Интензивирањето на реформските активности од страна на Владата на Република Македонија, посебно во даночната и социјалната сфера, подобрувањето на бизнис климата, како и очекуваното интегрирање на Република Македонија во Евро-атлантските структури, ќе придонесе до зголемување на инвестициската активност во земјата, при што бруто инвестициите се очекува да растат помеѓу 19% и 20%.

Притоа, стапката на инфлација се очекува да се стабилизира, и на среден рок да биде ниска, едноцифрена и конзистентна при што во периодот 2009-2011 година ќе се движи помеѓу 3,5% и 2,8%, при планиран годишен пораст на вработеноста од 4% и на продуктивноста од 2-4%.

## БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2009 ГОДИНА

Фискалната политика во наредната година рефлектирана преку Буџетот на Република Македонија за 2009 година во основа ќе биде насочена кон интензивирање на продуктивните инвестирања во стратешки капитални проекти, како единствен начин во справувањето со можните последици од глобалната економска криза и рецесија.

Вака дефинираната фискална политика ќе дејствува генерално на два фронта и тоа:

-преку конзистентно и координирано дејствување со монетарната политика во обезбедување на стабилноста на фиксниот курс на денарот и

-преку интензивирање на јавните инвестиции особено во патната и железничката инфраструктура, како и изградба на приоритетни проекти во енергетскиот сектор за кои државата ќе издава гаранции, кои ќе го интензивираат економскиот развој и ќе обезбедат апсорпција на работната сила отпуштена од последиците на рецесјиата.

Во вакви услови фискалната политика ќе се остварува во рамките на планирани расходи во Буџетот на Република Македонија во износ од 164.797 мил. денари, кои ќе се финансираат од оценети приходи во износ од 153.215 милиони денари. При тоа буџетскиот дефицит е планиран на повисоко ниво во однос на минатата година во износ од 2,8% во однос на планираниот БДП, во рамките на кој околу 1% од планираниот БДП, односно 80 милиони евра ќе бидат наменети за започнување, подготовка на проектна и техничка документација, експропријациони активности и изградба на патната и железничката инфраструктура.

## Буџет на Република Македонија за 2009 година

| | Буџет 2008 | Буџет 2009 |
|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | ***144.706*** | ***153.215*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **118.803** | **126.525** |
| Даночни приходи | **81.049** | **88.594** |
| Придонеси | **37.754** | **37.931** |
| **Неданочни приходи** | **22.293** | **21.105** |
| **Капитални приходи** | **1.284** | **2.537** |
| **Донации** | **2.326** | **3.048** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | ***150.371*** | ***164.797*** |
| **Тековни расходи** | ***123.409*** | ***135.926*** |
| Плати и надоместоци | *22.979* | *25.154* |
| Стоки и услуги | *21.494* | *22.693* |
| Трансфери до ЕЛС | *10.461* | *12.342* |
| Субвенции и трансфери | *8.047* | *9.218* |
| Социјани трансфери | *57.717* | *63.016* |
| Каматни плаќања | *2.712* | *3.504* |
| **Капитални расходи** | **26.962** | **28.871** |
| **ДЕФИЦИТ** | **-5.665** | **-11.582** |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | **5.665** | **11.582** |
| **Прилив** | ***12.919*** | ***19.689*** |
| Домашни извори | 6.160 | 8.550 |
| Странски извори | 5.463 | 7.155 |
| Депозити | 1.296 | 3.984 |
| **Одлив** | ***7.254*** | ***8.107*** |
| Отплати на странско задолжување | 1.974 | 2.271 |
| Отплати на домашно задолжување | 5.280 | 5.836 |

Во рамките на ***вкупните приходи*** и понатаму доминантен дел од приходите ќе се остварува по основ на даночните приходи, кои се планирани на повисоко ниво од 9,3% во однос на минатата година, односно околу 58% во вкупните приходи, чија добра реализација во изминатите 2 години во целост го потврди успешното спроведување на реформата во даночната сфера и позитивните ефекти од примената на рамниот данок. Во структурата на даночните приходи и понатаму најголемиот износ на приходи ќе се оствари од данокот на додадена вредност планиран на повисоко ниво од 9,7%, по основ на акцизи планирани на повисоко ниво од 5,8%, и по основ на данокот на добивка и персонален данок на доход зголемени за по 13,8% во однос на минатата година.

Во изминатите години приходите наплатени по основ на увозни давачки имаат опаѓачки тренд што се должи на намалувањето на номиналната царинска заштита иницирана од превземените меѓународни обврски. Согласно Законот за ратификација на протоколот за пристапување кон Светската трговска организација, од 01.01.2009 година започнува седмиот транзиционен период на намалување на царинските стапки согласно кои Република Македонија е должна да ги намали основните царински стапки, кои претставуваат основа за намалување на преференцијалните царински стапки предвидени со Договорот за слободна трговија. Во наредните две години прогресивните намалувања кај царинските стапки ќе продолжат при што ќе дојде до намалување на истите за одредени индустриски производи. Согласно ова приходите од увозни давачки во 2009 година се планирани на пониско ниво за 6,3% во однос на минатата година.

Успешното спроведување на даночната реформа ја поттикнаа Владата на Република Македонија во напорите за натамошно растоварување на економијата и воведување на намалени социјални придонеси. Согласно оваа политика придонесите во 2009 година се планирани на незначително повисоко ниво од 0,5%, што ќе обезбеди поефтинување на трошоците на работната сила и обезбедување на доволен простор за инвестирање. Успешноста на политиката на намалени социјални придонеси претставува тест на влијанието на фискалната политика врз политиката на повисоки стапки на економски развој.

Во рамки на вака проектираните приходи Владата на Република Македонија се одлучи за зголемување на ***вкупните расходи*** во наредната година генерално за зголемени капитални инвестиции, кои креираат зголемен дефицит за 1 % како единствен можен начин во амортизирањето на можните негативни ефекти од економската криза и светската рецесија.

Притоа, на расходната страна ќе се обезбедат зголемени средства:

- за исплата на плати и надоместоци во износ од 8,9% споредено со исплатените плати во тековната година, во кој износ е вклучено зголемувањето на платите за 10% на државната администрација и потребното доекипирање на државната администрација сврзано со потребите на интеграционите процеси.

- за стоки и услуги во износ од 5% во однос на минатата година, кои ќе обезбедат редовно подмирување на обврските за нормално извршување на функциите на државата. Во овие рамки непродуктивните трошења сврзани со патувања, договорни услуги и репрезентација се сведени на минимум за сметка на зголемени расходи по основ на реформите во образованието (за набавка на бесплатни учебници, бесплатен превоз во средното образование, подготовка на стандардизирани тестови), зголемени расходи во здравството за задолжителни здравствени програми за целокупното население, планирани средства за избори, како и објава на тендери и отпочнување на процедури за имплементација на стратешките проекти.

- за редовно и навремена исплата на пензиските надоместоци, надоместоците за материјално обезбедување на невработените лица и другите социјални надоместоци обезбедени се средства во зголемен износ од 9,2%, во кои е вклучено системското усогласување на пензиите, како и трансферот до

Фондот за здравствено осигурување со цел надоместок на приходите изгубени по основ на намалена стапка на социјални придонеси и покривање на долгови со постар датум на доспеаност на Јавните здравствени установи.

- за субвенции на земјоделските производители и нивна подготовка за искористување на претструктурните ИПА фондови, како и финансиска поддршка на МРТВ и МРД, како единствен јавен сервис на граѓаните.

- за капитални инвестиции наменети пред се за подготовка на проектна и техничка документација, експропријациони активности и изградба на патната и железничката инфраструктура во износ од 80 милиони евра. За таа цел во Буџетот на Република Македонија за 2009 година се обезбедуваат дополнителни средства наменети за изградба на патните правци од Коридор 8, Стенковец-Блаце, Радовиш-Струмица, Градско-Прилеп (3 лента), Ски центар Кожуф, Обиколница Охрид, крак влез во Битола, Коломот-Брезница и експропријација за Коридор 10 и Коридор 8. Истовремено, обезбедени се и дополнителни средства за градба на железничката пруга од Коридор 8 спрема Бугарија, средства за покривање на нерентабилниот патнички сообраќај од јавен интерес и тековно и инвестиционо одржување на пругата од Коридор 10.

Во рамките на тековните капитални инвестиции во областа на образованието обезбедени се средства за реконструкција, санација и изградба на основните и средни училишта, изградба на училишни сали, капитални инвестиции за опремување и изградба на постојните и новите факултети.

Во областа на транспортот обезбедени се средства за инвестиции во водоводните и канализациски системи, довршување на Северната трибина, подготовка на техничка документација за изградба на Источна и Западна трибина, изградба на социјални станови.

Во областа на животната средина обезбедени се средства за изградба на пречистителни станици, каскадните прегради на реката Вардар, како и набавка на инценератор за медицински отпад.

Во областа на информатичките технологии планирани се средства за целосна имплементација на проектите Компјутер за секое дете, Документ менаџмент систем, Електронско поврзување на регистри меѓу институциите, како и Инсталирање на систем за авторизација на јавната администрација, Електронска здравствена картичка и Електронско поврзување на системите на јавните здравствени установи. Воедно, обезбедени се средства и за модернизација на постојните и набавка на нови специјализирани лаборатории во образовните, научните и други институции.

Планираните расходи во Буџетот на Република Македонија за 2009 година обезбедуваат доволен простор за буџетско кофинансирање, ДДВ и средства од ИПА фондовите во согласност со добивањето на акредитација на надлежните институции за менаџирање со европските фондови.

Проектираниот дефицит од 2,8% од планираниот БДП воглавно ќе се финансира со странско задолжување кредити од Светска банка и од други меѓународни финансиски организации, како и од домашно задолжување преку издавање на државни хартии од вредност.

## ВЛАДИНИ ПРОГРАМИ

Владините програми и потпрограми ги рефлектираат активностите на Владата на Република Македонија кои се превземаат за реализација на стратешките приоритети и истите се во функција на забрзување на економскиот раст, интензивирање на интеграционите процеси на Република Македонија во НАТО и ЕУ, борба против корупцијата, спроведување на еднакви права на етничките заедници и инвестиции во образованието. Овие приоритети се дефинирани и содржани во повеќе документи на Владата на РМ и тоа: Одлука за утврдување на стратешки приоритети. Мерки и активности за реализација на главните приоритети за пристапување во ЕУ, Макроекономска политика, претходните аранжмани со ММФ и повеќето документи за заеми од Светската банка, Рамковниот договор итн.

Средствата за финансирање на владините програми се обезбедуваат од буџетски средства, од донации и од заеми од Светската банка и други меѓународни финансиски институции. Во многу случаи, утврдените владини програми се усогласуваат со редовните активности на одделните министерства со давање на приоритет за нивното финансирање. Најдобар пример за тоа е Министерството за одбрана, каде што голем дел од оперативните политики и процедури се променети во насока на исполнување на стандардите за влез во НАТО.

Фискалната политика за наредната година рефлектирана во Буџетот за 2009 година, има за цел да обезбеди имплементација на овие програми, информации за користењето на средствата, континуитет во реализацијата, како и следење на успешноста во исполнувањето на стратешките приоритети.

| Програма | Назив | Општ буџет од централни приходи | Буџет на дотации и донации | Буџет на само-финансирачки активности | Буџет на заеми | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| А | Децентрализација | 12.341.851 | 0 | 0 | 0 | 12.341.851 |
| Б | Мерки за намалување на сиромаштија | 633.000 | 0 | 0 | 0 | 633.000 |
| В | Унапредување на одбраната и безбедноста | 649.782 | 0 | 0 | 0 | 649.782 |
| Г | Јакнење на владеењето на правото | 193.249 | 0 | 0 | 122.620 | 315.869 |
| Д | Економски развој | 2.135.087 | 1.147 | 0 | 0 | 2.136.234 |
| Ѕ | Реформа на образованието | 689.858 | 230.000 | 0 | 93.053 | 1.012.911 |
| И | Реформа на здравството | 18.000 | 0 | 500 | 70.000 | 88.500 |
| К | Реформа на јавната администрација | 330.660 | 0 | 750 | 0 | 331.410 |
| Л | Реформа на катастар и регистрација на недвижности | 49.800 | 0 | 0 | 150.350 | 200.150 |
| М | Интеграција во ЕУ | 311.490 | 635.634 | 0 | 0 | 947.124 |
| Н | Информациски и комуникациски технологии | 1.674.500 | 0 | 0 | 0 | 1.674.500 |
| | **ВКУПНО** | **19.027.277** | **866.781** | **1.250** | **436.023** | **20.331.331** |

**Владини програми**
**(вкупен износ, во илјада денари 20.331.331)**




Во посебниот дел на Буџетот за 2009 година, програмските компоненти кои се извршуваат од страна на буџетските институции се прикажани како програми кај одделните буџетски институции. Во продолжение се резимирани владините програми.

## А. ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА

Децентрализација на надлежностите до локалните власти и подобрувањето на нивниот капацитет заради стимулирање на економскиот раст и обезбедувањето на локалните услуги, како и подобрувањето на образовниот и културниот развој на општините се јавува како приоритет согласно Рамковниот договор и Мерките и активностите за реализација на главните приоритети за пристапување во ЕУ. Повеќе меѓународни институции и

влади на други држави обезбедија техничка и финансиска помош во процесот на спроведувањето на децентрализацијата.

Општините презедоа надлежности во повеќе области кои се особено значајни за населението, со што се зголемија и обврските за јакнење на капацитетите за управувањето со поголем обем на финансиски средства, кои со законите им се доделени за реализација на нивните изворни и пренесени надлежности.

Оваа програма се реализира преку две *потпрограми А0-Децентрализација* и *А2-Пренесување на надлежности на ЕЛС*. Со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа предвиден е фазен пристап на фискалната децентрализација и оценување на исполнетоста на условите за премин кон втората фаза.

Првата фаза отпочна да се спроведува во втората половина на 2005 година со пренесување на надлежностите на општините и потребните ресурси за нивно извршување. Во најрано утврдениот законски рок, две години потоа, стартуваше втората фаза. Врз основа на објективни критериуми за оценка на исполнетост на условите, пристап до блок дотации имаат над 80% од општините и истите се во втората фаза од фискалната децентрализација.

До крајот на 2009 година се очекува со блок дотации да се финансираат сите општини во областите на образованието, културата, детската заштита и згрижувањето на стари лица со пренесувањето на надлежностите и извршената евалуација на исполнетоста на условите за втората фаза на фискалната децентрализација.

Финансирањето на пренесените надлежности на општините во рамките на дејноста на основното и средното образование се врши преку Министерството за образование и наука, со наменска и блок дотација врз основа на критериуми утврдени со уредби донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Надлежностите пренесени во дејностите од културата целосно се финансираат преку Министерството за култура за расходите поврзани со програмите за локалните културни установи, согласно со критериумите утврдени во уредбите донесени од страна на Владата на Република Македонија, односно со наменски и блок дотации.

Надлежностите во општествената заштита на децата и социјалната заштита се финансираат за пренесените надлежности во овие дејности, преку Министерството за труд и социјална политика, со наменските и блок дотации врз основа на критериуми утврдени во уредбите донесени од страна на Владата на Република Македонија.

Финансирањето на платите, додатоците од плати и надоместоците за вработените во територијалните противпожарни единици кои се пренесени на општините се врши преку Министерството за внатрешни работи во согласност со утврдени критериуми во уредба донесена од страна на Владата на Република Македонија.

Финансирањето на пренесените надлежности во општините во областа на образованието - основни и средни училишта, културата, социјалната заштита и заштита на децата - домови за стари лица и детски градинки и во противпожарните територијални единици во текот на 2009 година се врши самостојно од страна на општината, преку наменски и блок дотации. Износите на средства за финансирање на расходите со наменски и блок дотации обезбедуваат непречено извршување на овие надлежности (Прилог 1: Преглед на наменски и блок дотации за пренесените надлежности по општини).

## Б. МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА

Оваа програма ги опфаќа активностите кои се однесуваат на зголемување на вработувањето, како и посебни проекти за подобрување на условите за живеење во неразвиените подрачја во функција на намалување на сиромаштијата. Активностите во рамките на оваа програма се подетално објаснети во развојниот дел на буџетот преку следните *потпрограми: БА-Поттикнување на вработувањето; ББ-Ревитализација на села; БВ-Електрификација на села,* кои како развојни се повеќегодишни потпрограми во функција на економскиот развој.

## В. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА

Целта на оваа програма е унапредување на одбранбените и безбедносните активности на Република Македонија и поттикнување на Министерството за одбрана како носител на овие активности да продолжи со интензивирање на процесот за влез во НАТО. Активностите од оваа програма се подетално објаснети во развојниот дел на буџетот преку *потпрограмата ВА-Интеграција во НАТО,* како развојна повеќегодишна потпрограма, која индиректно придонесува за зголемување на економскиот развој на Републиката.

## Г. ЈАКНЕЊЕ НА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

Целта на оваа програма е реализирање на антикорупциските иницијативи на Владата; продлабочување на соработката со меѓународниот кривичен суд; борба против организираниот криминал и продолжување со реформата на судството. Активностите од оваа програма се реализираат преку две потпрограми: *потпрограмата ГА-Реформа на судството* која е објаснета во развојниот дел од буџетот и *потпрограмата Г1-Борба против корупција и организиран криминал* која ги опфаќа планираните активности за 2009 година предвидени со Акцискиот план за борба против корупцијата како еден од врвните приоритети на Владата на Република Македонија.

Акцискиот план за борба против корупцијата ги опфаќа мерките и активностите во надлежност на министерствата, органите на државната управа и другите државни органи во надлежност на Владата на Република Македонија, кои имаат за цел спречување на корупцијата и организираниот криминал во следните области: политички систем, Собрание и политички партии, правосудство, јавна администрација и локална самоуправа, органи за спроведување на законот-надзорни тела, економски и финансиски систем, приватен сектор, граѓанско општество, медиуми и синдикати. Реализацијата на мерките и активностите од Акцискиот план за борба против корупцијата ќе придонесат: да се ревидира законодавството за употреба на специјалните истражни мерки во делот на кривичните дела поврзани со корупцијата, да се донесе програма за конфликт на интереси, да се постигнат резултати од примена на новите измени на Законот за спречување на корупцијата во врска со имотната и материјалната состојба итн.

## Д. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Со цел интензивирање на економскиот развој како еден од главните стратешки приоритети и креирање на нови работни места, Владата на Република Македонија создава услови за подобрување на деловната клима и развивање на приватниот сектор. Активностите од оваа програма се реализираат преку следните потпрограми: *потпрограмата ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, потпрограмата ДВ-Технолошки индустриски развојни зони, потпрограмата ДГ-Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, потпрограмата ДЕ-Поддршка на инвестициони вложувања* , кои се прикажани во развојниот дел од буџетот како повеќегодишни развојни потпрограми, кои придонесуваат за развојот. Во рамките на оваа програма се реализираат и активностите во потпрограмите: *Д1-Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија, Д4-Економска промоција и Д7-Унапредување на деловните активности.*

Во рамките на *потпрограмата Д1-Поддршка на развојот на мали и средни претпријатија* се реализираат континуирани активностите за поддршка на мали и средни претпријатија, активности за воспоставување на поволна клима за развој на претприемништвото и развој на соодветна институционална и бизнис инфраструктура за поддршка на иновативноста, извозната ориентација и соработката во секторот на мали и средни претпријатија и развој на инструменти за финансиска и нефинансиска поддршка за потикнување на претприемништвото.

*Потпрограмата Д4-Економска промоција* ги опфаќа активностите на презентирање на инвестиционите погодности, секторски специфичните и оперативните добивки кои би ги оствариле странските инвеститори во Република Македонија. Промоцијата се реализира со ангажирање на осумнаесет промотори во дваесет и три земји во светот.

Преку *потпрограмата Д7-Унапредување на деловните активности* реализирани се активности во насока на реализација на Програмата на Владата на Република Македонија во делот на подобрување на вештините на менаџерите во Република Македонија и зголемување на конкурентноста на македонските компании. Продолжуваат активностите за подобрување на регистрацијата на деловната активност, зајакнување на конкурентноста на секторот претпријатија, унапредување на домашното производство и укинување на бариерите за влез на странски инвестиции во земјата.

## Ѕ. РЕФОРМА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Во текот на 2009 година во рамките на оваа програма ќе се врши финансирање на значајни активности во насока на спроведување на бројните реформи во оваа дејност. Во рамките на оваа владина програма ќе се реализираат повеќе потпрограми: *потпрограмата ЅА - Изградбата на основните училишта, потпрограмата ЅБ – Реконструкција на основните училишта, потпрограмата ЅВ – Изградба на училишни спортски сали во основни училишта, потпрограмата ЅГ – Изградба на средни училишта, потпрограмата ЅД – Реконструкција на средни училишта, потпрограмата ЅЕ – Изградба на училишни спортски сали во средните училишта, потпрограмата ЅИ – Реконструкција на ученички домови, потпрограмата ЅЈ – Изградба на студенстки домови и потпрограмата ЅК – Реконструкција на*

*студенстки домови* кои како повеќегодишни потпрограми се прикажани и подетално објаснети во развојниот дел од буџетот.

Во рамките на оваа програма се реализира и *потпрограмата S1-Програма за модернизација на основното образование* како и *потпрограмата S2-Програма за модернизација на средното образование* кои се однесуваат на Проектот за модернизација на образованието. Овој проект за модернизација на образованието се имплементира преку Министерството за образование и наука и се финансира со грант од Владата на Република Холандија, заем од Светска Банка и буџетски средства од Владата на Република Македонија. Во рамките на овој проект се имплементираат три компоненти: 1) подобрување на квалитетот на образованието преку подобрување на планирањето и управувањето во училиштата, обуката во училиштата и преку програма на грантови до училишта; 2) градење на капацитет за децентрализирано образование преку унапредени процедури за стратешко планирање, управување, следење и одговорност и 3) евалуација и управување на проектот. Целта на оваа програма е постигнување на ефективност на училиштата што е од клучно значење за подобрување на квалитетот на образованието.

## И. РЕФОРМА НА ЗДРАВСТВОТО

Активностите во рамките на програмата Реформа на здравството - проект кофинансиран со заем од Светска банка и техничка помош од Холандската Влада, во суштина претставуваат континуитет на активностите во изминатиот период, главно насочени кон надградување на капацитетот на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување за формулирање и ефективна имплементација на политиките за здравствена заштита, здравствено осигурување, финансиски менаџмент и склучување на договори со вршители на услуги, како и развивање и имплементирање на ефикасна шема на реструктуирање на болничките услуги, со акцент на развивање на услуги за дневна нега и зајакнување на примарната здравствена заштита.

Активностите од оваа програма се подетално објаснети во развојниот дел на буџетот преку *потпрограмата ИА- Реформа на здравството,* со оглед на тоа што активностите се реализираат повеќе години и со одделни компоненти на заемот сврзани со реконструкција на клиниките се придонесува кон забрзување на економскиот развој.

## К. РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

Во рамките на оваа програма се реализираат активности сврзани со потребата за зајакнување на капацитетот на јавната администрација и формирање на ефикасна државна администрација оспособена за успешна имплементација на интеграционите процеси во ЕУ и НАТО. За таа цел ќе се спроведуваат обуки и усовршување на јавната администрација за ефикасно управување со буџетските средства, имплементација на ефикасни контролни механизми во управувањето, унапредување на финансиското управување на фондовите, како и натамошно усовршување на вработените со ЕУ регулативите.

Оваа програма се реализира преку две потпрограми: *К2- Стручно оспособување и усовршување* и *К5- Соодветна и правична застапеност на заедниците.*

*Потпрограмата К2- Стручно оспособување и усовршување* ги опфаќа реформите во јавната администрација во насока на зголемување на квалитетот, капацитетот и професионалноста на јавната администрација која има носечка улога во евроатланските процеси и оспособување за генерички обуки на државните службеници, како составен дел на Годишната програма за 2009 година.

Во рамки на *потпрограмата К5- Соодветна и правична застапеност* на заедниците се обезбедува процентот на застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

## Л. РЕФОРМА НА КАТАСТАР И РЕГИСТРАЦИЈА НА НЕДВИЖНОСТИ

Целта на оваа програма чија реализација започна во 2005 година и ќе трае до крај на 2009 година е изградба на ефикасен и ефективен катастар на недвижности и систем за запишување на права (регистрација) во Република Македонија, што ќе придонесе за создавање и развој на ефикасни пазари за земјиште и недвижности.

Активностите од оваа програма се реализираат во рамки на *потпрограмата Л1-Реформа на катастар и регистрација на недвижности* во чии рамки до крајот на 2009 година се планира: комплетирање на катастарот на недвижности и запишување на права на сите урбани и полу-урбани средини на земјата, институционален развој и подобрување на процесите и процедурите на запишување на сопственоста во сите локални и регионални канцеларии преку реорганизација на шалтерските служби, развивање на земјишна политика и политика за воспоставување на КН со изготвување на студии за земјишна политика и пристап до земјиште на инвестиции, основно картирање, повторен катастарски премер (реамбулација), системско излагање и запишување на права на недвижност. Проектот со комлетирање на катастарот на недвижен имот и изградба на институционален капацитет за поддршка на трансфер на сопственост на земјиште, ќе ја подобри сигурноста на сопственичките права и перформансите на пазарот на сопственост, ќе ги поттикне приватните инвестиции и ќе создаде работни места, ќе ги подобри услужните стандарди и ќе го намали времето потребно за запишување на трансакции со имот од повеќе недели на еден ден.

## М.ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ

Дел од активностите од оваа програма ќе се реализираат преку *потпрограмата М4-Поддршка на институции за приоритетни ЕУ проекти* во Секретаријатот за европски прашања во која се планирани средства за набавка на софтвер за Интегрирано гранично управување.

Во рамките на оваа програма се прикажани и активностите поврзани со користењето на средствата од ИПА фондови во функција на реализација на стратешкиот приоритет на Владата на Република Македонија за започнување на преговорите за членство на Република Македонија со Европската Унија.

Финансирањето преку ИПА фондовите се програмира и имплементира преку следните компоненти:

***МА - Помош при транзиција и институционална надградба***; Како корисници на средствата од првата компонента на ИПА се јавуваат повеќе ресорни министерства, агенции и државни органи на кои се однесуваат проектите во рамките на оваа компонента и тоа во следниве области:
*1. Добро владеење и владеење на правото:* кои проекти имаат за цел исполнување на политичките критериуми, градење на институциите и јакнење на капацитетите за децентрализирано управување со фондовите од ЕУ.
*2. Економски развој и социјална кохезија:* кои проекти се наменети за подобрување на инвестиционата клима, подобрување на административните капацитети на централно и локално ниво во областа на фискалната политика (наплата на даноци, контрола на трошоците и сл) и институционална надградба во областа на регионалната политика како придонес за подобра имплементација на националните и регионалните развојни планови.
*3. Acquis:* проекти поврзани со законодавството на ЕУ во областа на јавните финансии, статистика, царинско работење, институционално зајакнување на капацитетите на регулаторните тела, дирекции, инспекторати и управување со земјиштето.
*4. Техничка помош:* проекти наменети за поддршка при подготовка на проекти (изработка на тендерско досие и друга проектна документација како поддршка за реализација на компонентите 3, 4 и 5).

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Активностите на Секретаријатот за европски прашања во текот на оваа година ќе бидат насочени кон реализација на следните приоритети: воспоста-вување на стручна поддршка и координација на водењето преговори за членство во Европска унија; следење и ажурирање на реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА); следење и координација на спроведување на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА); координација и мониторинг на Претпристапниот инструмент (ИПА) и другата странска помош; јакнење на институциите и обука на државните службеници во органите на државната управа за потребите на процесот на европска интеграција; подготовка на македонска верзија на правото на Европска унија и превод на македонското законодавство; комуникација и информирање на јавноста и јакнење на комуникацијата и соработката со ЕК, како и со држави-членки.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 57
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.378

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Секретаријатот за европски прашања ќе се реализира преку следните програми:

<u>Програма 2 - Секретаријат за европски прашања</u>. Оваа програма е наменета за зајакнување на капацитетите за ефикасно спроведување на процесот на пристапување на Република Македонија во Европската унија; ефикасно функционирање на националниот систем за управување и координација на процесот на европска интеграција; следење на спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) склучена меѓу Република Македонија и Европските заедници и нивните земји членки и другите договори склучени меѓу Република Македонија и Европската унија; спроведување и ажурирање на Национална програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА); изработка на македонската верзија на aquis communautaire (правото на Европската унија); поддршка во воспоставување на систем за водење на преговори на Република Македонија со Европската унија и учество во формулирање на идните преговарачките позиции; максимизирање на користење на странска помош поврзана за реформите комплементарни на процесот на интегрирање на Република Македонија во Европската унија; подигнување на јавната свест за интеграција на Република Македонија во Европската унија и европските прашања и слично.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на одржани состаноци на Комитетот за стабилизација и асоцијација и Поткомитетите кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација: 7

<u>Програма 3-Дипломатски и конзуларни преставништва.</u> Во рамките на оваа програма планирано е административно зајакнување на Мисијата на Република Македонија при европските заедници во Брисел, со цел соодветна подготовка на Република Македонија за започнување на процесот на преговори.

## 04010 СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 260.578 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Со измените и дополнувањата на Законот за Влада (Службен весник на РМ бр.115/2007) Секторот за спроведување на рамковниот договор кој функционираше при Генералниот Секретаријат на Владата на РМ се трансформира во Секретраијат за спроведување на рамковниот договор кој започна да функционира од јануари 2008 година. Секретаријатот својата функција ја извршува преку: следење и унапредување на соодветната и правична застапеност, развивање и унапредување на капацитетите на анализа на политиките и координација, редовно и навремено информирање на јавноста за процесот на спроведување на рамковниот договор.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Активно учествуваше во донесувањето на Законот за употреба на јазиците, донесен во август 2008 „Службен весник на РМ“ бр.101/2008. Реализиран е проектот ПАЦЕ 3 за обука на раководни државни службеници. Подобрување на правичната застапеност на заедниците

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Активностите на Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор во текот на 2008 година ќе бидат насочени пред се кон следење и унапредување на соодветна и правична застапеност, развивање и унапредување на капацитетите за анализа на политиките и координација, редовно и навремено информирање на јавноста за процесот на спроведување на рамковниот договор. Спроведување на соодветната и правична застапеност, анализа на политиките и координација, транспарентност и информирање за степенот на спроведувањето на рамковниот договор.

### ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Буџетот на Секретаријатот за импементација на Охридскиот рамковен договор ќе се реализира преку следниве програми:

<u>Програма 2 - Секретаријат за имплементација на рамковен договор</u>. Оваа програма е наменета за зајакнување на капацитетите за ефикасно спроведување на процесот за целосно спроведување на рамковниот договор како и општите активности кои овозможуваат функционирање односно ссправедување на задачите и целите на Секретаријатот.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*

Зголемен број на лица од заедниците во Република Македонија во јавната администрација: 1.000

## 04012 АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 13.400 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Улогата на Агенција за остварување на правата на заедниците е остварување на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението на Република Македонија.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година основана е Агенција за остварување на правата на заедниците која е надлежна за спроведување на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Македонија како и за вршење надзор над спроведувањето на законите со кои се уредуваат правата на припадниците на заедниците.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Планирани цели и приоритети за 2009 година на Агенцијата за остварување на правата на заедниците се: запознавање и обука на вработените со позитивната законска регулатива за остварување на правата на заедниците и човековите права, организирање меѓународна конференција за состојбите во наведената област, запознавање на јавноста во Република Македонија за постоењето и улогата на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Агенција за остварување на правата на заедниците ќе се реализира преку следнава буџетска програма:

<u>Програма 2 - Агенција за остварување на правата на заедниците.</u> Преку програмата се реализира основната улога на Агенцијата: остварување на правата на заедниците кои се помалку од 20% од населението на Република Македонија.

## 05001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 8.340.000 илјади денари

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Министерството за одбрана, со својата стратегиска определба за членство во НАТО е посветено на спроведување на одбранбените реформи и унапредување на одбранбените способности. Во таа насока продолжи со реализација на долгорочните цели за развој на Армијата во добро обучена, соодветно опремена и распоредлива сила. Како резултат на досега успешно спроведените реформи, продолжува учеството во мировни операции предводени од НАТО, ЕУ и ОН.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Успешно спроведени мировни мисии во Ирак, Авганистан, Босна и Либан (вкупно со 240 лица); задржување на територијалниот интегритет на МО; обезбедување на безбедноста во РМ и успешно обучени припадници на АРМ за учество во мировни мисии; подготвување на тимови за мировни мисии; зголемување на искоритеноста на капацитетите; одржување и реконструкција на објекти во МО и АРМ; опремување на единиците на АРМ за постигнување на борбена готовност за изведување на операции во земјата и како и за учество во мировни мисии; учество на повеќе семинари и работилници од областа на работењето на јавната администрација, како и НАТО курсеви и семинари од областа на одбраната и безбедноста.

Се очекува дека согласно член 226а од Законот за служба во АРМ, во текот на 2008 година ќе се пензионираат вкупно 454 воени старешини (офицери и подофицери).

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Прием во НАТО алијансата; учество во мировни мисии предводени од ОН, ЕУ и НАТО; унапредување на постигнатото ниво на одбранбена способност; одржување на борбената спосбност на декларираните единици за мировни мисии; обезбедување на борбени системи компатибилни на НАТО стандардите; зајакнување на билатерална и мултилатерална соработка со земјите членки на НАТО и Партнерство за мир; дивестирање на несуштинските дејности; обезбедување на подобра информатичка поврзаност и набавка на нови софтверски решенија во МО; опремувањето на декларираните единици за мировни и хуманитарни мисии; одржување на системите за вооружување и опрема; реализација на партнерските цели зацртани во ГНПЧ во НАТО; подобрување на животниот и работниот стандард на припадниците на АРМ, како и создавање на услови за обезбедување на здравствени услуги со висок квалитет.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 8.648
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 779

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Целите и приоритетите на Министерството за одбрана во Буџетот за 2008 година ќе бидат прикажани преку следниве програми:

Програма 1-Администрација. Оваа програма ги опфаќа активностите на секторите и одделенијата во рамки на Министерството за одбрана и го овозможува функционирањето на Армијата на РМ. Во оваа програма се систематизирани организационите единици кои се стручни носители на процесите на менаџирање (раководење, координирање, организирање и контрола).

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на лица на служба во странство како претставници на МО:28

Програма 2-Функционирање на АРМ. Оваа програма го опфаќа функционирањето на Армијата на Република Македонија, согласно Уставните одредби, Законот за одбрана и определбата за членство во НАТО структурите. Со буџетската програма се покриват трошоците за обука, логистика, опремување, модернизација и интеграција во НАТО. Основните цели на оваа буџетска програма се насочени кон исполнување на превземените партнерски цели, опремување на командите и единиците по утврдени приоритети, обука и стручно усовршување на активниот и резервниот состав, реализација на целите за исполнување на условите за влез во НАТО, учество во меѓународни мировни мисии и хуманитарни операции во странство предвоидени од НАТО, ЕУ и ООН.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на набавени видови на материјално технички средства: 13

Програма 3-Мировни и хуманитарни мисии. Оваа потпрограма го опфаќа финансирањето на единиците на АРМ упатени во мировни и хуманитарни мисии во странство предводени од ООН, ЕУ и НАТО (исплата на придонеси, надоместок на плати и логистички трошоци).

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на лица од АРМ кои учествуваат во мировни мисии: 260

Програма 4-Воена болница. Оваа буџетска програма го опфаќа функционирањето на Воената болница како организациона единица на МО, чија главна цел е грижа за здравјето на припадниците на АРМ, но и на останатаите граѓани-корисници на нејзините здравствени услуги. Основната цел која се постигнува преку активностите опфатени во оваа програма е подобрување на квалитетот на здравствените услуги.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Процент на искористеност на болнички легла: 60

Програма 5-Одржување на објекти и инфраструктура. Оваа програма го опфаќа градежното обезбедување (инвестиционо и тековно) на организационите единици на МО (сектори и одделенија) и АРМ (команди и единици во АРМ). Основната цел која се постигнува преку активностите опфатени во оваа програма е градежно обезбедување во МО и АРМ, подобрување на стандардот за работење, како и извршување на задачите и активностите на АРМ.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на реализирани проекти: 15

## 05002 ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ ВКУПЕН БУЏЕТ: 39.445 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во функција на национален безбедносен авторитет се грижи за спроведување на утврдената политика за заштита на класифицирани информации, усогласена со меѓународните безбедносни стандарди. Како еден од носителите на процесите за интеграција во евроатланските структури, во својот домен на работа Дирекцијата ја имплементира и унапредува работата со класифицирани информации, во согласност со нормативните и техничките меѓународни стандарди, се грижи за обука на лицата кои ракуваат со нив, за нивната размена на меѓународно ниво во правец на поставување на Република Македонија на местото на рамноправен партнер во меѓународните организации.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во текот на 2007 година успешно ги реализираше следните активности: Учество во изработка на Закон за криптозаштита кој е во фаза на разгледување во Владата на Република Македонија; Експертско учество во реализацијата на проектот за Национална разузнавачка база на податоци, Интегрирано гранично управување и Мрежата за размена на информации за истражните органи; Претставници на ДБКИ учествуваа во финалната планирачка конференција и во реализација на вежбата на НАТО-CMX08; Направени се подготовки за набавка на комуникациско-информатичка опрема во Централниот регистар на Дирекцијата за подигање на електронската комуникација и рамена на класифицирани информации до степен „Строго доверливо„; Завршена е изградбата на безбедносната ограда и поставен е дел од неопходната безбедносна опрема; Упатени се двајца вработени на ДБКИ во регистарот на Мисијата на Република Македонија при НАТО во Брисел и во Мисијата на ЕЗ во Брисел; Учество во проекти на ЕВРОПОЛ; Усогласени се и ставени во процедура на потпишување/ратификација текстовите на билатералните

спогодби за размена на КИ со Украина и Полска; Потпишан е договор за размена на класифицирани информации со Чешка; Во тек се преговори за влегување во билатерална соработка со Германија; Продолжена е соработката за размена на класифицирани информации со Турција, САД, Франција, Унгарија, Романија; Усогласени се текстовите на билатералните спогодби за размена на класифицирани информации со Словенија, Словачка и Хрватска; Организирани се специјални обуки за судии, обвинители и судска администрација; Изведени се обуки на корисниците/овластените лица за запознавање со измените во ЗКИ; Учество во изготвувањето на интерните упатства/правилници на државните органи и приватните компании за ракување со класифицирани информации; Извршени се редовни и вонредни инспекции во регистрите за странски класифицирани информации; Изработен е софтвер за водење на евиденција за издадени безбедносни сертификати и дозволи за пристап; во континуитет се врши прием на странски класифицирани информации од НАТО и ЕУ, нивна обработка и дистрибуција.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Приоритетите и целите за 2009 година се: Постапна реализација на националната стратегија за развој на електронските комуникации; Активно учество на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации во реализација на: а) Националната стратегија за развој на електронските комуникации со информатичките технологии; б) Националната разузнавачка база на податоци; в) Национален виза менаџмент систем; Набавка на информатичка опрема за размена на класифицирани информации до степен „СД“ со НАТО и ЕУ; Унапредување на работата со КИ во институциите-корисници на КИ во внатрешноста на Република Македонија и во ДКП на Р.Македонија во странски земји; Безбедна и навремена достава на странски класифицирани информации до корисниците и нивна обука; Унапредување на индустриската безбедност. Контрола над имплементацијата на усвоените мерки и стандарди за безбедност на класифицираните информации во РМ. Континуирани контроли на имплементацијата на безбедносните стандарди во регистрите, подрегистрите и контролните точки во државните органи и другите институции и правни лица; Проширување на постоечката мрежа на регистри, под-регистри и контролни точки. Внатрешна реорганизација заради совладување на зголемениот обем на работни обврски и ограничен број на вработени во Дирекцијата, Унапредување на активностите на Дирекцијата и имплементација на Спогодбата меѓу Европската Унија и РМ за размена на ЕУ класифицирани информации преку испраќање на еден советник за дисеминација во Мисијата на РМ при ЕЗ во Брисел, Континуирана обука, помош и координација на корисниците на КИ. Организација и учество на семинари, работилници и предавања сврзани со безбедноста на класифицираните информации на национално и меѓународно ниво, Учество на управувачко и експертско ниво во националните проекти за воспоставување на Националната разузнавачка база на податоци, Интегрираното гранично управување, Националната стратегија за информатичко општество, Воспоставување на критериумите за оперативна соработка со Европол, Твининг проект за единствена база на податоци за истражните органи и обвинителствата, Акредитација и сертификација на информатички системи и опрема низ кои се процесуираат класифицирани информации.Електронска размена на класифицирани информации со ЕУ преку нова мрежа на ЕУ-CAN, Набавка на сертифицирана комуникациско-информатичка опрема за надоградба на постоечкиот систем за електронска размена на класифицирани информации помеѓу Централниот регистар во Дирекцијата и регистарот во Мисијата при ЕЗ во Брисел, Набавка на т.н. “Tempest” комуникациско-информатичка опрема за Централниот Регистар на Дирекцијата и нејзино инсталирање и акредитација;

Набавка на агрегат за непрекинато одвивање на работата на информатичката опрема, крипто опремата и безбедносната опрема; Набавка на безбедносна опрема за комплетирање на безбедносниот систем на безбедносната ограда; Набавка на телефонска централа; Интензивна меѓународна соработка заради склучување билатерални договори за заемна заштита на класифицирани информации; Реконструкција и довршување на инфраструктурните работи Континуирани контроли на имплементацијата на безбедносните стандарди во регистрите, подрегистрите и контролните точки во државните органи и другите институции и правни лица. Проширување на постоечката мрежа на регистри, под-регистри и контролни точки; Имплементација на Спогодбата меѓу НАТО и РМ за размена на НАТО класифицирани информации; Задолжително учество на работните тела на НАТО. Акредитација и сертификација на информатички системи и опрема низ кои се процесуираат класифицирани информации, Набавка на сертифицирана комуникациско-информатичка опрема за надоградба на постоечкиот систем за електронска размена на класифицирани информации помеѓу Централниот регистар во Дирекцијата и регистрите во Мисијата при НАТО во Брисел и Кооординативната ќелија на ПзМ во Монс.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 33
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):1.053

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во Буџетот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации планирани се две програми:
Програма 1-Администрација во која се опфатени активностите кои се однесуваат на целосна имплементација на Законот за класифицирани информации и Закон за изменување и дополнување на Законот за класифицирани информации како дел од стандардите кои треба да се постигнат за добивање на покана за членство. Тоа подразбира создавање на услови за ракување и чување на класифицираните информации според стандардите на НАТО, на кои се обврзани сите земји членки и партнери и

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на разменети класифицирани информации: 2.500

Програма 2-Спроведување на спогодбата за размена на класифицирани информации меѓу РМ и ЕУ во која се опфатени активностите за постигнувањето на стандардите неопходни за побрзо зачленување на РМ во ЕУ и активностите за воспоставување билатерална соработка за размена на класифицирани информации со земјите од интерес за РМ.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на издадени национални НАТО/ЕУ сертификати за работа со класифицирани информации: 5.000

**05003 ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 323.369 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Дирекцијата за заштита и спасување е самостоен орган на државната управа,со основна функција за заштита и спасување на луѓето и природните богатства на РМ, добрата во општа употреба, како и на предметите и објектите од посебно културно и историско значење, определени со законот како добра

од општ интерес на РМ, од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства со кои се загрозуваат животите на луѓето, природните богаства, животинскиот и растителниот свет, добрата во општа употреба и предметите и објектите од основно културно значење.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година извршена е измената и дополната на Законот за заштита и спасување; изработена е работна верзија на Националната стратегија за заштита и спасуување со која се утврдени приоритетите за развој на системот за заштита и спасување во наредните години; формирани се силите за заштита и спасување и Републичките сили (штабови и единици) за заштита и спасување, а во фаза е нивно пополнување со персонални и материјални ресурси; извршена е мобилизација на тимовите за брз одговор и нивно активно учество во гасењето на пожарите на територија на Државата; Организирање и активно учество во расчистување на коритото на река Вардар; учество на тимот за брз одговор-Планианари во изнаоѓање на изгубено лице во планина; извршено е деминирање и уништување на минскоексплозивни средства; активно учество на тимовите за деминирање во обуката и деминирањето на Охридското езеро; санирање и расчистување на повеќето свлечишта на територијата на Државата; рушење и санирање на карпи; во тек е тендерот за набавка на 10 противпожарни возила и 2 навални противпожарни возила; распишан е тендер за набвка на 3 авиони за гасење на пожар;се спроведуваат редовни меѓународни активности на Дирекцијата во насока на имплементација на стандардите на НАТО и ЕУ како и редовен инспекторски надзор за заштита и спасување на правните субјекти кои подлежат на истото.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Активностите на Дирекцијата за заштита и спасување во текот на 2009 година ќе бидат насочени кон подигнување на ефикасни сили за заштита и спасување; организирање и спроведување на современа обука за заштита и спасување; комлетирање, опремување и осовременување на силите за заштита и спасување од резервен и постојан состав; донесување на Национална стратегија за заштита и спасување; доизградба на комуникацискиот информацискиот систем (КИС) за потребите на заштитата и спасувањето; зголемување на меѓународната комуникација и соработка со сите организации и институции во системот за заштитата и спасувањето; комплетирање, опремување и осовременување на силите за заштита и спасување, обука на силите за заштита и спасување за превентивни мерки од природни непогоди, потпишување на меѓународни договори во заштитата и спасувањето.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 259
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 705

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Дирекцијата за заштита и спасување предвидува една буџетска програма која ги опфаќа сите активности на институцијата во насока на успешно извршување на основните функции.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на разнородни видови на материјална техничко средства за опремување на силите за заштита и спасување: 10

## 05004 ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 181.800 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Центарот за управување со кризи како самостоен орган на државната управа по положба и функција на Дирекција, ги извршува работите во врска со управувањето со кризи што се однесуваат на: обезбедување на континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, консултации и координација во управувањето со кризи, изработување и ажурирање на единствената процена за ризиците и опасностите по безбедноста на Републиката, предлагање на мерки и активности за разрешување на кризната состојба и сл.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Планирање, организирање и спроведување на вежбовна активност "Поплава 2008" наменета за проверка на функционалноста и оперативноста на субјектите во Системот за управување со кризи; Национална координација со НАТО вежбата "CMX 2008"; Изработка на подзаконска регулатива (Правилник) и имплементација на Системот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување во Центарот, како законска обврска; Потпишување на проект со УНДП за поддршка во зајакнувањето на капацитетите; Набавка и подготовки за ставање во употреба на систем за менаџмент со документи (ДМС); Набавка и подготовка за употреба на географски информациски систем (ГИС) за потребите на Центарот; Покренување на иницијатива за структурни измени во Системот за управување со кризи со поднесување на потребните Нацрт-закони; Прифатено е концептуалното решение од страна на Владата на РМ и изработена е тендерска документација за меѓународен повик за изработка на физибилити студија за концептуалното решение и дизајнот на Е-112 во Република Македонија

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Изработка на методологии за процена на ризиците; продолжување со практичната имплементација на системот за планирање, програмирање и буџетирање; продолжување на Проектот за имплементација на системот за итни повици Е-112; целосна имплементација на Проектот за документ менаџмент системот (ДМС) во Центарот; создавање на база на податоци во ГИС формат и оперативно користење на ГИС; екипирање и материјално-техничко опремување на субјектите во системот за управување со кризи. воспоставување и оддржување на функионален и одржлив систем за национална координација и меѓуресорска соработка помеѓу сите субјекти кои извршуваат обврски и задачи во системот за управување со кризи, отпочнување со реализација на проектот Е-112.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 272
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):536

### ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Буџетот на Центарот за управување со кризи предвидува две буџетски програми:

<u>Програма 2-Управување со кризи.</u> Оваа програма ги опфаќа главните активности на буџетскиот корисник кои се извршуваат согласно законски регулираните надлежности и претставуваат редовни функции и дејности

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Одржани состаноци на Управувачкиот комитет и Групата за процена: 25

Програма 3 - Комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување. Во оваа програма се опфатени активностите во врска со продолжувањето со функционирањето на овој систем, кој би значел исполнување на стандардите и нормите што треба да се постигнат на патот кон целосна интеграција во ЕУ и НАТО.

*ИНДИКАТОР НА РЕЗУЛТАТ:*
Процент на реализација на проектот Е-112: 60

## 06001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 10.651.500 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за внатрешни работи е орган на државната управа кој врши законски утврдени функции поврзани со: остварување на системот на државната и јавната безбедност; пријавување на живеалиште и престојувалиште; државјанство и патни исправи за премин на државната граница; движење и престој во граничниот појас; контрола на преминување на државната граница; определени работи во врска со утврдувањето и решавањето на граничните инциденти и други повреди на границата; регулирање на престојот и движењето на странски државјани; производство, промет, складирање и заштита од запаливи течности, гасови, експлозиви и други опасни материјали и превозот на овие материјали; давање на помош при елементарни непогоди и епидемии; набавка, поседување, носење и контрола на обележувањето на оружјето и муницијата; надзор и други работи утврдени со закон.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во 2008 година, во рамки на активностите кои ги извршува Министерството за внатрешни работи, спроведени се големи и успешни акции против сите облици на организиран криминал и тоа недозволена трговија со луѓе, дрога и оружје; во областа на јавниот ред и мир е регистрирано намалување на прекршоците како резултат на зголемено ангажирање во оваа област; остварена е поволна и стабилна состојба, без потешки инциденти и нарушување на јавниот ред и мир во поголем обем; остварена е поголема ефикасност во расветлувањето на кривични дела со елементи на насилство; превземени се активности во областа на државната безбедност со кои се постигна подобрување на ефикасноста во борбата против тероризмот и заштитата од шпионажа; зголемена е ефикасноста на сообраќајната полиција со подобрување на безбедноста на патиштата; ставен е во функција новиот систем за издавање на лични документи со кој веќе се подобрува ефикасноста на активностите од областа на граѓанската и статусната сфера; извршена е потребната реконструкција, техничко опремување, како и реновирање на управните шалтерски служби.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во текот на 2009 година Министерството за внатрешни работи предвидува продолжување со активностите во насока на хармонизација со законодавството на ЕУ; продолжување на започнатиот реформски процес до негово целосно заокружување; довршување на опремувањето до достигнување соодветен техничко-технолошки степен на опременост потребен за современи

услови за работење на службата; зголемување на безбедноста во сообраќајот преку превентивно делување (предавање во образовните институции) и преку зајакнување на воспоставениот систем на санкционирање на прекршителите во областа на сообраќајот за стекнување на соодветна сообраќајна култура на учесниците во сообраќајот и поголема безбедност на патиштата во Република Македонија.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени:12.253
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 703

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Министерството за внатрешни работи ќе се реализира преку следните програми:
Програма 1 – Администрација. Оваа програма опфаќа: активности за администра-тивна поддршка на редовните законски активности на буџетската институција; активности во врска со обезбедување на сместувачки капацитети и храна за потребите на полицијата. Основните цели на програмата се: обезбедување на ефикасна поддршка во делот на законската нормативa; навремено обезбедување на финансиски, материјално - технички средства и услуги; ефикасна координа-ција на функциите на Министерството и сл. Во рамките на оваа програма е планирана и реализација на капитален проект за реконструкција на постојните објекти за одмор и рекреација на вработените во Министерството со цел за подобрување на условите во овие објекти.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на донесени интерни акти: 21

Програма 2 - Безбедност. Активностите опфатени со оваа програма ги одразуваат основните функции на Министерството за внатрешни работи, со цел унапредување на заштитата на граѓаните и имотот, обезбедување на јавен ред и мир, зголемување на безбедноста на сообраќајот и патиштата; зголемување на безбедноста и контролата на границата, за контрола на преминување на границата и престојот во граничните појаси на сите граници во Република Македонија, заштита од тероризам и шпионажа, заштита од потешки форми на организиран криминал, регулирање на државјанствата, водење на матична евиденција на граѓаните, регулирање на престојот и движењето на странците, зголемување на транспарентноста и рационалност во користењето на буџетските средства, пренесување на надлежностите на секторите за внатрешни работи во делот на планирање, следење и искористување на Буџетот, како и зголемување на ефикасноста во вршење на функциите на секторите за внатрешни работи во сите сегменти од работењето.

Во рамките на оваа програма се планирани активности за реализација на капитални проекти, преку реконструкција на објекти што подразбира довршување на веќе започнатите инвестициони зафати и основно одржување на постојните објекти, а со цел создавање услови за непречено и ефикасно извршување на функцијата на Министерството за внатрешни работи.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на прекршоци против јавниот ред и мир: 5.638

*Програма 3 - Полициска академија.* Оваа програма вклучува активности на Полициската академија за образување на кадри за потребите на Министерството, други државни органи, како и за други организации, установи и правни лица кои вршат дејност од областа на безбедноста. Овие активности се преземаат со цел за реализирање на обука на припадниците на Граничната

полиција, основна обука на полицаец, одржување на курс за менаџмент и специјалистички курсеви, вршење на високообразовна дејност (додипломски и постдипломски студии), научно-истражувачка и применувачка дејност и спроведување на континуирано образование, кое се остварува врз основа на програми што ги донесува министерот за внатрешни работи или друг барател на образовни услуги на Академијата.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на успешно завршени обуки на припадници на Министерството за внатрешни работи: 90

<u>Програма 4 - Државна безбедност</u>. Оваа програма опфаќа обезбедување на државна безбедност и контраразузнавање заради заштита од тероризам и шпионажа. Основните цели на програмата се: зголемување на ефикасноста во обезбедувањето на државната безбедност и контраразузнавање, како и транспарентност и рационалност во користењето на буџетските средства.

## 07001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 511.821 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за правда во рамките на своите програмски задачи и оперативни активности ги извршува функциите и надлежностите утврдени со Уставот и со законите. Во рамките на своите програмски цели и задачи и оперативни активности, Министерството за правда учествува во создавање на нормативни и организациски претпоставки, при што води грижа доследно да се изразат уставните определби, меѓународните и европските стандарди со цел востановување и организирање независно, непристрасно и ефикасно судство; унапредување на статусот на јавнообвинителската организација; остварување на уставните определби за адвокатурата како самостојна и независна служба, унапредување на вршењето на нотарската дејност и дејноста на судските извршители; градење ефикасен и модерен изборен систем и унапредување на граѓанската иницијатива.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 Министерството во рамките на програмските цели континуирано креираше политики на изготвување и предлагање на закони и други подзаконски акти од областа на правосудството и државната управа. Донесени се 33 закони, во собраниска процедура се наоѓаат 17 предлог закони, во владина процедура се 2 закони, а 7 закони се во работна верзија во стручните служби на министерството. Во делот на подзаконските акти донесени се 34 подзаконски акти, а додека 14 подзаконски акти се во работна верзија. Од страна на Државниот управен инспекторат во текот на 2008 година реализирани се сите активности зацртани со Годишната програма на Државниот управен инспекторат. Заклучно со месец август реализирани се 650 инспекциски надзори; реализирана е стручна обука за вработените во Државниот управен инспекторат и др. Во рамките на владината потпрограма ГА-Реформа на судството реализирана е напредна ИТ обука (втора фаза) на вработените во Државниот управен инспекторат; извршена е набавка на компјутерска опрема и канцелариски мебел за Комората на стечајните управници; набавена е канцелариска опрема за потребите на Судскиот Совет на РМ, како и завршена изведба на градежни работи за реновирање на просториите на Судскиот Совет. Изведени се проектни задачи за градежни работи за реновирање на основните судови во 4 апелациони подрачја - Скопје,

Штип, Битола и Гостивар доставени се идејните решенија, главните проекти и тендерска документација и истите се исплатени. Започнати се градежни работи за реновирање на 6 основни судови со проширена надлежност Охрид, Струга, Тетово, Велес, Штип и Струмица. Изработена е проектната документација за геомеханички истражни работи, статичка анализа на темелната конструкција за доградба на Основниот суд Битола, како и извршена е ревизија на Изведбениот проект за реновирање - опремување на Основниот суд Битола. Реализирана е меѓународна тендерска постапка за избор на компанија за набавка, транспорт и монтажа на судски мебел за потребите на основниот суд со проширена надлежност Прилеп. Реализацијата на активностите на Министерството за правда во рамките на Акцискиот план за борба против корупција до крајот на 2008 година се состоеше од следното: Одржување на тркалезна маса со учесници од МФ, МП, ДКСК, ДИК, УЈП, ДЗР, Претставници на политичките партии (Столб 1, Проблем 1, Активност 1, Индикатор ИА1) – одржана е тркалезна маса со наведените учесници на наведената тема и изменети процесните закони во насока на воведување на конкретни рокови за постапување по барањата на правосудството, адвокатурата и др. институции и санкции за непостапување по нив (Столб 2, Проблем 3, Активност 3А, Индикатор ИА1) – Одржан е семинар за Законот за претставки и предлози; Јавни дебати за нацрт законот за финансирањето на политичките партии (Столб 1, Проблем 1, Активност 1, Индикатор ИА2); Изготвување на унифицирана методологија за собирање и обработка на статистички податоци за правосудството; Изменет Законот за нотаријат – редовни работни активности и опрема; Олеснети и намалени режими на издавање дозволи и нивна замена со регистрирање и еџ-пост инспекции – јавни расправи; Одржување и надградба на веб-страници; Измена на Законот за здруженија на граѓани и фондации и воспоставување на јавно објавување на финансиските извештаи на ГО-ата; Разгледана и утврдена меѓуресорска политика за дефинирање на критериумите, во консултации со ГО секторот; Ажурирање на управувачките стандарди, критериуми и процедури во Законот за здруженија на граѓани и фондации; Усвојување на регулативата за регистрирање на ГО од јавен интерес и правила за поднесување на податоци и годишни извештаи од страна на ГО од јавен интерес.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во 2009 година се предвидува: заокружување на активностите за зголемување на ефикасноста на судството, процесот на реформите во судството во смисла на донесување на одредени закони како и имплементација на истите; натамошно развивање на политиките, на изготвување и предлагање на закони и други подзаконски акти од областа на правосудството, државната управа, како и вршење надзор над спроведувањето на прописите во областите во кои е надлежно, а со цел обезбедување на еднакви можности на граѓаните на РМ во остварувањето и заштитата на своите права и слободи преку постоење на ефикасен систем во услови на владеење на правото и правната сигурност; заокружувањето на активностите за зголемување на ефикасност на судството и процесот на реформите во судството и понатаму остануваат врвни приоритети; спроведување на локални и претседателски избори и превземање на матичната евиденција од Министерството за внатрешни работа во управа за матична евиденција како орган во состав на Министерството за правда; практична реализација на активностите врзани за оптимално извршување на со закон утврдени функции на јавното обвинителство. Од страна на Државниот управен инспекторат за 2009 година се планирани надзори во одредени институции, обука на вработените во ДУИ, обука за примена на законот за општа управна постапка и законот за постапување по претставки и предлози за

одредена група на државни службеници од други институции и др. Во рамките на владината потпрограма ГА-Реформа на судството, во делот на компонентата за зајакнување на институционалните капацитети за поддршка на судските реформи во Република Македонија, се очекуваат следниве активности: ангажирање на меѓународен консултант за потребите на Судскиот совет на Република Македонија, како и покривање на трошоците за студиски патувања на членовите на Судскиот совет на Република Македонија. Во делот на зајакнување на ИТ капацитетите на Советот се очекува набавка на дел од потребниот хардвер, како и ангажирање на локален консултант за изработка на технички спецификации за компјутерска опрема; зајакнување на капацитетите на Државниот управен инспекторат преку ангажирање на консултантска компанија за стратешко и оперативно управување; продолжување на ангажманот на локалните консултанти за континуирана обука за кандидатите за стечајни управници; реализација на обуките за стечајни судии, стечајните управници и доверители организирано од страна на Академијата за судии и јавни обвинители; ангажирање на кадар за потребите на Комората за стечајни управници и инсталирање на соодветен софтвер за електронско работење на Комората. Согласно плановите за реконструкција на судовите со проширена надлежност: Гостивар, Кочани и Куманово кои влегуваат во втората фаза од судската инфраструктура, во 2009 година се планира да отпочнат градежните работи за истите. Исто така планирана е и набавка, транспорт и монтажа на судски мебел за канцеларии, судници и архива за судовите со проширена надлежност: Гостивар, Кочани, Куманово и Битола. Набавката на судски мебел за шестте основни судови со проширена надлежност: Охрид, Струга, Тетово, Велес, Штип и Струмица, каде градежните работи се во тек се очекува да започне оваа година, додека монтажата и исплатата на дел од мебелот се очекува да се реализација во 2009 година. Идејниот проект за реновирање на Основен суд Битола е доставен во Министерството за транспорт и врски, во чија надлежност е обезбедување на сите потребни согласности и дозвола за градба. По добивањето на потребните документи се очекува во 2009 година да отпочнат и градежните работи за истиот суд. Тендерската постапка за избор на проектанска компанија за проектирање на новата судска зграда Кривичен суд, е продолжена со доставување на барање за изработка на техничка и финансиска понуда до шестте фирми. Врз основа на горенаведеното, се очекува изработка на проект и изведување на градежни работи за нова судска зграда и реновирање на Основен суд Скопје 1 во рамките на втората компонента од буџетот на проектот за 2009 година. Се предвидува изработка на опис на работни задачи за ЛАН мрежата, полнење на правната база на податоци (LDBIS) и унапредување и имплементација на СИС во сите судови во рамките на третата компонента од буџетот на проектот. Активностите на Министерството за правда во рамките на Акцискиот план за борба против корупција за 2009 година се во насока на продолжување на динамиката на реализација на Акцискиот план за борба против корупција, со посебен акцент на активностите кои се однесуваат на правосудството, т.е активностите од вториот столб на Акцискиот план за борба против корупција.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 599
Оперативни расходи по вработен (во илјада денари): 532

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Со Буџетот на Министерството за правда за 2009 година се предвидени три буџетски програми, и тоа:
Програма 1 – Администрација. Оваа програма ги содржи активностите кои ја поддржуваат реализацијата на програмските задачи врзано за обезбедување

на општите услови за остварување на основната функција на правосудниот систем, неговата реформа, а со цел создавање на ефикасен систем за остварување на човековите права и слободи и нивна заштита.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на изработени закони: 13

Програма 2 - Управен инспекторат. Програмата предвидува активности на Државниот управен инспекторат за вршење на работите на управна инспекција над примената на одредбите на Законот за општа управна постапка како и над други закони и прописи што содржат одредби за управната постапка. Исто така Инспекторатот врши надзор и над извршувањето на прописите за канцелариско и архивско работење согласно уредбата.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на инспекциски надзори: 1000

## 07002 УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 876.218 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за извршување на санкции е орган во состав на Министерството за правда која ги врши работите што се однесуваат на извршувањето на санкциите и тоа: изготвување на законски и подзаконски акти од областа на извршувањето на санкциите; координација во работењето со казнено-поправните и воспитно-поправните установи; укажување за пропусти и давање на стручна помош во работењето на казнено-поправните и воспитно-поправните установи; следење на квалитетот на работата на установите и вршење на стручно-инструкторски надзор; контрола и обезбедување на сместувачки услови на осудените, малолетните и притворените лица; давање мислење и согласност по општи акти на установите; одлучување по разни барања на осудени лица; давање на услуги и помош директно на осудените лица или пак преку системот на казнено-поправните установи и сл.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Започната е изградба на ново крило за притвор во Казнено-поправна установа Скопје; Завршување на адаптацијата и надградбата на објект кој ќе функционира како затвор во Куманово; Изработка на основни проекти за останатите објекти и пропратна инфраструктура во Затвор Куманово; Набавка на систем за набљудување за КПД Штип; Набавка на систем за набљудување во Затвор Прилеп; Подобрени се условите за престој на затворениците Донесени се подзаконски акти; Извршени се 11 стручно инструкторки надзори во КПУ; Спроведени се тендерски постапки за градежни работи во КПУ; Извршени се разговори со осудени лица; Донесени се решенија по барања на осудени лица и предлози на директори за прекин на казна, преместување од една во друга установа, прогресирање и репрогесирање на осудени лица од една во друга установа

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Активностите на Управата за извршување на санкции во текот на 2009 година ќе бидат насочени кон завршување и опремување на новиот затвор во Куманово; Завршување на изградбата на новото притворско крило во Затвор Скопје; Санација, реконструкција и опремување на оградниот ѕид во Затвореното одделение во КПД Идризово; Набавка на опрема за пекара,

перална и кујна во КПД Идризово; Проширување на просторните капацитети, редовно одржување на хигиената со топла вода, одржување на санитарните јазли во исправна и чиста состојба, дезинфекција на просториите; Спроведување на образовниот процес на осудените и малолетните лица; Спроведување и остварување на спортски и слободни активности; Обезбедување на исхрана на затворениците која одговара на научните сознанија за прехранување; Редовно следење на здравствената сосотојба; Изградба и опремување на ново Затворено одделение во КПД Идризово; Изградба и опремување на стационар во КПД Идризово; Реновирање на постојното притворско крило и реновирање на кујната во Затвор Скопје; Изградба на Тренинг центар во КПД Идризово; Изградба на ново Отворено одделение во КПД Идризово; Реновирање на женско одделение во КПД Идризово; Изградба на Отворено одделение во КПД Штип; Изградба и надградба на Затвор Струмица и негово опремување; Продолжување на реформите во КПУ И ВПУ во делот на подобрување на сметувчките услови на КПУ; Изградба на нов воспитно поправен дом на соодветна локација; зајакнување на капацитетите на персоналот; Квалитетен третман на осудени и малолетни лица; Имплементација на алтернативните мерки; Продолжување со континуираната едукација на вработените во КПУ

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 618
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):900

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Управата за извршување на санкции предвидува две буџетски програми:

<u>Програма 2 - Санкции.</u> Во рамките на оваа програма се реализираат активностите поврзани со контролата и надзорот во казнено-поправните установи и воспитно-поправните установи со цел за ефикасно извршување на санкциите и подобрување на условите за работа на вработените и престојот на осудените лица.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на стручно инструкторски надзори во казнено поправните установи: 22

<u>Програма 3 - Казнено-поправни установи.</u> Во рамките на оваа програма се опфатени активностите на казнено-поправните установи за успешно реализирање на надлежностите утврдени со закон, Подобрување на сметувачките услови и на хигиената, како и зголемување на безбедноста во казнено поправните установи

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на проекти за подобрување на условите во казнено-поправните установи: 5

## 08001 МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.155.533 илјади денари

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Министерството за надворешни работи извршува работите кои што се однесуваат на надворешните работи и надворешната политика на Република Македонија, а во согласност со Законот за надворешни работи („Сл.весник на Р.Македонија бр.46/2006) и Стратешкиот план за периодот 2009- 2011 година.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Значајни резултати кои се постигнати во текот на 2008 година првенствено се однесуваат на интензивирање на активностите поврзани со надворешните работи и надворешната политика за интеграција на Република Македонија во ЕУ и НАТО. За таа цел се објавени платени реклами во најтиражните дневни весници во: САД, Германија, Франција, Холандија, Белгија, како и во меѓународните дневни весници: „Фајненшел Тајмс" и „Интернешенел Трибјун"; остварени се бројни политички консултации со повеќе држави; Потпишана е Декларација за стратешко партнерство и соработка со САД; потпишан е договор за двојно оданочување со Ирска, остварен е состанок на претседатели од Централна Европа во Р.Македонија; одржани се состаноци кои произлегуваат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и членките на Европската заедница, реализирани се неколку капитални инвестиции за купување на деловен простор за Амбасади на Република Македонија во странство, отворени се неколку дипломатско-конзуларни претставништва во странство,набавена и доставена е опрема за реализација на проектот Национален информациски систем за визно работење и Визен центар во повеќе амбасади на Р.Македонија во странство, Реализирани се активностите поврзани со 62-та сесија на Генералното собрание на ОН, Реализирани се економски презентации и остварени контакти со голем број странски компании– потенцијални инвеститори, Реализиран е 9-тиот Membership Action Plan за членство во НАТО, Реализирација на голем број на политички консултации на билатерално ниво со држави-членки на ЕУ и НАТО, Учество во сите тековни средби и состаноци на мултилатерално ниво во меѓународните организации каде што членува Република Македонија, Склучени се билатерални договори со држави-членки на ЕУ и НАТО, соседни и воневропски држави; Набавени се нови објекти за ДКП- ата во Прага и Виена,а до крајот на годината се очекува да бидат набавени во Лондон и Москва; во тек се активности за изградба на амбасада во Анкара, Отворени се нови ДКП-а во Тел Авив, Минхен, Мелбурн и Њу Делхи, а до крајот на годината предвидено е да бидат отворени во: Чикаго, Перт, Сиднеј, Гетеборг, Казахстан и Токио, финализирање на новиот национален визен систем во сите ДКП-а, Учество во изработување на мултилатерални меѓународни договори, придружување кон заеднички политички позиции на ЕУ и НАТО, Одржување на континуирани контакти со дијаспората и македонските национални малцинства, Организација на културни и спортски настани – средби, манифестации, изложби, турнири, спортски дипломатски натпревари и сл; Иницијатива и активности во врска со обезбедување на локација и изработка на идеен проект за изградба на нов деловен објект на МНР, со намера за објавување на постапка за јавна набавка на услуги за изработка на главен проект за изградба; реализирани се економски презентации и остварени се контакти со голем број на потенцијални инвеститори; Учество во остварување на средби и политички консултации на билатерално ниво со држави-членки на ЕУ и НАТО, како и на мултилатерално ниво-во меѓународните организации каде што членува Република Македонија, Склучени билатерални договори со држави- членки на ЕУ и НАТО, соседни и воневропски држави, како и учество во изработување на мултилатерални меѓународни договори, со цел придружување кон заеднички политички позиции на ЕУ и НАТО, Започнување со употреба на новиот национален визен систем по претходно воспоставување на истиот во ДКП-ата, Реализирани се активности во врска со решавање на прашањето за простор во кој би била сместена Академијата и сите други организациски и технички предуслови за нејзино функционирање, правната рамка и обезбедување на наставен кадар од земјата и странство.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Остварување на националните стратешки приоритети утврдени од Владата на РМ и МНР: економска презентација на РМ во странство со цел привлекување на потенцијални странски инвеститори и интеграција на РМ во НАТО и ЕУ; Реализација на активностите за постигнување на полноправно членство во НАТО и започнување на преговори за членство во ЕУ; Започнување на проектот Дипломатска академија; Имплементација на новиот национален визен режим; Набавка на нови возила по пат на лизинг за потребите на ДКП-та; Купување на нови дипломатско-конзуларни претставништва на Република Македонија во странство; Отворање нови дипломатско-конзуларни претставништва на Република Македонија во Казахстан и Токио; Организирање и спроведување на дипломатски, конзуларен испит и советнички испит; Продолжување на постојаната соработка на полето на дипломатската едукација со реномираните дипломатски академии и институти во светот; Организирање на семинари за млади дипломати за земјите од регионот; Воведување на поефикасен систем за подготовка на вработените во Министерството за надворешни работи пред нивно упатување на работа во дипломатско- конзуларните претставништва на Република Македонија во странство; Покана и посети на странски претставници на трибини во Република Македонија; Издавање и зголемување на тиражот, како и бројот на страниците на месечниот дипломатски билтен „Crossroads“,

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 394
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 3.958

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Со буџетот за 2009 година се предвидени следните буџетски програми во Министерството за надворешни работи:

Програма 1–Администрација. Оваа програма ги опфаќа општите административни активности кои ја поддржуваат реализацијата на активностите поврзани со надворешните работи, надворешната политика и дипломатските и конзуларните претставништва и се во функција на обезбедување услови за ефикасно извршување на надворешните работи и надворешната политика.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на издадени дипломатски и службени пасоши: 1.015

Програма 2 – Дипломатски и конзуларни претставништва. Оваа програма ги опфаќа активностите за организација и раководење со дипломатските, конзуларните и други претставништва на Република Македонија во странство. Основни цели на оваа програма се развој на дипломатска служба и мрежа на дипломатско-конзуларни претставништва која ќе биде во функција на економските интереси и политичките приоритети на Република Македонија во странство; кадровско доекипирање на на ДКП-та во насока на современа и професионална дипломатија; контрола врз финансиско-материјалното работење на ДКП. Во рамките на оваа програма започната е постапка за купување на деловен простор за сопствени објекти за трајно решавање на просторното сместување на ДКП-та на Република Македонија во странство што би придонесло за заштеда на средства наменети за закупнина.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на купени ДКП на Република Македонија во странство: 9

Програма 3 – Иселеништво. Оваа програма опфаќа реализација на активности поврзани со соработка и контакти со македонските граѓани кои живеат и работат во соседството и дијаспората за нивно поврзување со татковината, со цел да зајакне и да се прошири непосредната комуникација и активностите во остварувањето на уставнната обврска за грижа на државата кон иселеништвото, а во тие рамки и кон македонското малцинство во соседните земји. Согласно со тоа предвидена е координација на другите субјекти во соработката со иселеништвото, но и реализација на сопствени активности и проекти насочени кон организациите и здруженијата на иселениците во странство.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на реализирани проекти во иселеништвото: 20

Програма 4 –Дипломатска едукација и јавна дипломатија. Оваа програма опфаќа реализација на активности поврзани со формирање на Дипломатската академија; одржување семинари за дипломатските претставници од МНР, изучување на странски јазици, одржување на тренинг курсеви за млади дипломати, контакти и соработка со позначајни дипломатски академии во Европа во функција на согледување на искуства во однос на полагањето на дипломатски испит; подготовки за формирање на Дипломатската академија, како и воведување и развој на јавната дипломатија

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на семинари курсеви и друг вид на обуки: 16

## 09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.671.012 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за финансии е надлежно за работите на системот за финансирање, изготвување и извршување на Буџетот на Република Македонија, трезорскиот систем, управување со јавниот долг, даночниот систем и даночната политика, царинскиот систем, системот на девизното работење, системот на банките и другите финансиски институции, системот на сметководството, ревизијата и платниот промет, внатрешната контрола, заемите и кредитите, макроекономската и развојната политика, подготвување и проекција на платниот биланс, управување со капиталот, странска помош и компензационите фондови, осигурување на имот и лица, игрите на среќа, системот на јавните набавки, сопственоста и другите имотно-правни односи.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година е изготвен Годишен економски извештај на РМ за 2007 година, Национален развоен план 2009-2013; подготвување на месечни краткорочни извештаи за економските движења во земјата; подготвување на билтен за актуелните економски движења во земјата; континуирана контрола и мониторинг на веќе склучени договори за кредити и донации за проекти кои се во фаза на реализација; затворена правна рамка како основа за децентрализирано управување со ИПА фондовите; спроведена проценка на усогласеноста со Критериумите за акредитација и добиена национална акредитација од страна на Националниот координатор за авторизација за децентрализирано управување со ИПА фондовите; изготвена стратегија за јавен долг, како и редовни квартални, полугодишни и годишни извештаи за состојбата и структурата на долгот; Измена и дополнување на Законот за јавен

долг; воведување на единствена евиденција за вкупните обврски по јавниот долг по носители и редовно сервисирање на јавниот долг и изготвување на Правилник за начинот и постапката за задолжување на носителите на јавниот долг; изработени се Фискалната стратегија за периодот 2009-2011 година, Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2007 година, изготвен е Буџетски циркулар кој буџетските корисници го пополнуваат електронски, изработка на Ребаланс во новиот апликативен софтвер, изработка на Буџетот на Република Македонија за 2009 година во новиот апликативен софтвер, како и навремена изработка на потребната законска регулатива; Следење на работата на јавните претпријатија и агенции во државна сопственост, редовна контрола на исплата на плати и вработувањата во буџетските институции ; донесени се измени и дополнувања на Царинскиот закон, Закон за царинска тарифа и други прописи од областа на царините; донесени се измени и дополнувања на закони и подзаконски акти од областа на даноците; издавање на одобренија за приредување на игри на среќа; склучени договори за одбегнување на двојно оданочување; подобрување на регулативата во областа на финансискиот менаџмент и контрола; внатрешна ревизија кај субјекти од јавниот сектор и изготвување и донесување на решенија по второстепена управна постапка.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Активностите на Министерството за финансии во оваа година ќе бидат во насока на реализација на следниве приоритети: успешно спроведување на реформите за постепено приближување на РМ кон структурите и стандардите на ЕУ и исполнување на критериумите за интеграција на РМ во ЕУ; следење на остварувањето на Макроекономската политика за 2009 година; проектирање и анализирање на макроекономските индикатори и монетарни движења и нивното влијание врз макроекономската стабилност и економскиот раст; добивање на акредитација од страна на Европската Комисија за децентрализирано управување со ИПА помошта; ефективно и ефикасно управување со ИПА средствата; развивање и насочување на соработката со меѓународните финансиски институции и билатерални кредитори за остварување на стратешките приоритети на РМ; навремена изработка на Фискалната стратегија за периодот 2010-2012, Завршна сметка на Буџетот на Република Македонија за 2008 година, изработка на Буџетски циркулар за 2010 година и навремена изработка на потребната законска регулатива; спроведување и следење на втората фаза на фискалната децентрализација; реализација на основните функции на трезорското работење, управување со ликвидноста, транспарентно и наменско извршување на буџетите; целосно превземање на податоците за надворешниот јавен долг од Народна банка на Република Македонија и целосно интегрирање на податоците за јавниот долг во софтверот за управување со јавен долг; редовно ажурирање на евиденцијата, следењето и сервисирањето на јавниот долг и следење и сервисирање на обврските по основ на јавниот долг на јавните претпријатија; континуирано издавање на државни записи и обврзници кои во иднина ќе бидат главна потпора на државата при задолжување, односно да се намали зависноста на финансирачката страна на буџетот од странски задолжувањ; следење и подобрување на прописите од областа на даноците и игрите на среќа и хармонизација на прописите со директивите на ЕУ; следење и планирање на даночните приходи; склучување на билатерални договори за одбегнување на двојно оданочување со други земји; продолжување на реформите во областа на царините, континуирано усогласување на регулативата согласно европските стандарди, анализа и проектирање на царински приходи и зајакнување и развој на системот на јавната внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор.

Основна цел на Министерството за финансии е одржување на стабилна макроекономска политика, подигнување на стапката на економски раст на среден рок преку интензивирање на економските реформи, намалување на стапката на невработеност и во таа насока намалување на сиромаштијата, подобрување на бизнис климата и создавање на услови за побрзо интегрирање во европските интеграциони процеси.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени:600
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.231

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Целите и приоритетите на Министерството за финансии за 2009 година во Буџетот ќе се реализираат преку следниве програми:

Програма 1 - Администрација. Оваа програма вклучува активности кои ги поддржуваат останатите активности во Министерството за финансии. Основни цели на оваа програма се: да обезбеди услови за ефикасно извршување на законските обврски на одделните програми во рамките на Министерството, како и спроведување на Законот за извршување на буџетот во делот на локалната самоуправа, законите од областа на финансиското работење и обезбедување технички услови за непречено функционирање на регионалните трезорски канцеларии. Оваа програма вклучува и активности за доизградба на зградата Банка за надворешна трговија, со цел трајно решавање на просторното сместување на Министерството за финансии.

Програма 2 -Макроекономска и буџетска политика. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за проектирање на макроекономските индикатори, подготовка на Макроекономската политика и Фискалната стратегија, публикување на месечни економски извештаи. Исто така, се извршуваат активности околу утврдување на буџетска политика и подготовка на буџет. Воедно оваа програма вклучува активности за управување со трезорската сметка и другите сметки на државата, водење на Регистар на буџетските корисници и единки корисници, водење на буџетското сметководство за приходите и расходите на Буџетот на Република Македонија, водење на евиденција за наплатата на приходите и другите приливи на трезорската сметка. Во рамките на оваа програма се извршуваат и активностите за следење на законските прописи во врска со индиректните и директните даноци, царините и игрите на среќа, изготвување на законски решенија и подзаконски акти, следење и проучување на решенијата во други држави, вршење на анализи и истражувања за наплата на даночните приходи, како и активности за реализирање на проектите со Светската банка, Меѓународниот монетарен фонд, Европската инвестициона банка, Европската банка за обнова и развој, Банката за развој при Советот на Европа, билатерални аранжмани со билатерални кредитори и други мултилатерални договори. Основни цели на програмата се подготовка на одржлива макроекономска политика на среден рок и подготовка и реализација на буџет кој ќе одговори на законските обврски на Владата, а воедно ќе биде и одраз на владините политики и стратегии. Како дел од оваа програма се и активности за развој на пазарот на државни хартии од вредност преку: континуирано издавање на државни записи и обврзници; имплементација на три годишна стратегија за управување со јавен долг; формирање на единствена евиденција, софтвер за јавниот долг; тргување со евро обврзници издадени од Република Македонија на меѓународните финансиски пазари; редовно следење и сервисирање на обврските по јавниот долг и стимулирање на побарувачката на

домашни хартии од вредност преку привлекување на инвеститори, по пат на остварување на редовни контакти со истите.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на аукции на државни хартии од вредност: 49

Програма 4 -Финансиски систем и регулатива. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности во врска со подготовка на прописи во областа на банкарскиот систем, небанкарските финансиски институции, пазарот на капитал, системот на осигурување, сметководствениот систем, работите околу вршењето ревизија и платниот промет, издавање дозволи и согласности за работа на друштвата за осигурување и осигурително брокерските друштва, издавање дозволи за работа како овластен актуар, организирање обука и спроведување испит за осигурителен брокер и издавање лиценци за работа како осигурителен брокер, издавање дозволи за работа на друштва за финансиски лизинг, издавање на дозвола за работа на друштва за ревизија и спроведување на испит за стекнување на звање овластен ревизор.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Пласирани кредитни средства во земјоделството (во илјади денари): 11.600

Програмата 5- Биро за јавни набавки ги опфаќа активностите за подобрување на управувањето во јавниот сектор, односно сите активности врзани со системот на јавни набавки, согласно Законот и пропишаните процедури.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на одржани обуки за јавни набавки: 7

Програма 7 - Имотно-правни работи. Целта на оваа програма е да ги согледува и уредува имотно правните односи. Во рамките на програмата се изготвуваат и предлагаат законски прописи и подзаконски акти; се води евиденција за недвижните ствари што државните органи престанале да ги користат и евиденција за потребите од користење на недвижните ствари. Управата за имотно-правни работи, исто така има улога на советодавен орган на Владата во однос на сопственичките и другите имотно правни односи.

Програма 8 - Дирекција за спречување на перење пари. Оваа програма се однесува на надележностите на Дирекцијата за спречување на перење пари, во однос на прибирање, обработка и доставување на податоци добиени од субјекти кои се обврзани за превземање мерки и дејствија за откривање и спречување на перење пари врз основа на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело.

Програма 9 -Државен девизен инспекторат. Државниот девизен инспекторат врши непосреден инспекциски надзор на девизното работење над резиденти и нерезиденти, врши услуги за брз трансфер на пари кај резиденти и нерезиденти кои не се банки, штедилници и менувачници, даватели на услуги и субагенти со дозвола за работа. Основни цели на Државниот девизен инспекторат се: утврдување на правилна примена на законските прописи од областа на делокругот на работата на Државниот девизен инспекторат, преземање законски мерки по утврдени неправилности и подготовка на Законот за девизната инспекција.

## 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ – ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 21.233.875 илјади денари**

### *ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА*

Во рамките на буџетот на овој раздел за 2009 година опфатени се следниве активности: навремено сервисирање на обврските (отплата на камата и главнина) на државата по основа на домашно и странско задолжување; трансферирање на средства до хуманитарни здруженија и политички партии, согласно со Законот за игрите на среќа и Законот за финансирање на политички партии; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; исплата на испратнини при редовно пензионирање, пензиско, инвалидско и здравствено осигурување за инвалидизирани лица; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; трансферирање на средства до Агенцијата за државни патишта; плаќање на ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од пооделните компоненти од ИПА (национално ко-финансирање и ИПА средствата од ЕУ), како и финансирање на одлуки донесени од Владата на Република Македонија во текот на годината. Исто така, во рамките на оваа програма, а согласно со Законот за буџетите на Република Македонија и Законот за извршување на буџетот, предвидени се и средства за финанисрање на непредвидените трошоци во текот на фискалната годината. Основни цели се: ефикасно извршување на функциите на државата; навремено и целосно финансирање на активностите на Владата на РМ, кои при планирањето на Буџетот не можеле да се утврдат; навремена исплата на солидарна помош во случај на смрт и финансирање на штети во услови на природни непогоди.

## 09003 ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.299.846 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Царинската управа е орган на државната управа во состав на Министерството за финансии, во својство на правно лице. Функциите утврдени со закон ги извршува преку Централната управа и царинарниците. Централната управа координира и раководи со царинските надлежности на целата територија на Република Македонија, додека царинарниците се формираат кога тоа го бара обемот и структурата на стоковниот и патничкиот промет со странство.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Царинската управа на Република Македонија во текот на 2008 година во насока заштита на граѓаните и македонската економија од шверц на забранета стока и од економски криминал, ги реализирање следниве активности: воведување на едношалтерски систем и единствена контрола при застанување; изврши набавка и инсталирање на 4 мобилни скенери за преглед и контрола на контејнери; воспостави царинска лабараторија; инсталиран е систем за видео надзор на граничните царински терминали. Во текот на 2008 година е донесена Измена на на Законот за Царинска управа и превземање на надлежностите за управување со граничните премини и донесен е нов правилник за систематизација на работни места во Царинската управа на Република Македонија.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Основни приоритети на Царинската управа за 2009 година се: зголемена пресметка и наплата на увозни и извозни давачки, побрз проток на стока и патници и забрзување на царинските постапки, обезбеддување на заштита на границите од недозволена трговија со нуклеарни и радиоактивни материјали и поголема примена на поеднастовени царински постапки и намалување на трошоците за учесниците во царинската постапка.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 962
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 820

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во рамките на буџетот на Царинската управа за 2009 година е планирана една буџетска програма која ги опфаќа активностите за извршување на со закон утврдените функции на Царинската управа на територијата на Република Македонија. Основните цели на програмата се успешно спроведување на законските надлежности и ефикасна реализација на утврдените приоритети на институцијата.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Наплатени царински давачки (во ијлади денари): 60.000

## 09004 АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.883.425 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Агенцијата за стоковни резерви управува со користењето и располагањето со стоковните резерви на Република Македонија. Носител е на правата, обврските и одговорностите во управувањето, користењето и располагањето со стоковните резерви на Република Македонија, се грижи за пополнетоста и за користењето на стоковните резерви согласно законот. Агенцијата за стоковни резерви е орган во состав на Министерството за финансии и е единствен орган во Република Македонија кој се грижи за стоковните резерви.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 од годината завршена е продажбата на: пченка пченица, тутун, извршена е замена на моторен бензин МБ-96 премиум со екстра лесно масло за горење ЕЛ, реализирана е набавка на: јачмен, нафтени деривати, спроведени се редовни и вонредни контроли на стоковните резерви, како и други работи од елокругот дна Бирото. Отстапено е правото на користење на силоси за жито во Прилеп на ЈП Агроберза Скопје и правото на користење на магацин во Тетово на Царинска управа на Република Македонија.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Приритетите и целите на  Агенцијата за стоковни резерви за 2009 година, се следните: дополнување на стоковните резерви на нафтени деривати согласно превземените обврски со ЕУ Прашалникот и Директивите на ЕУ, навремено  спроведување на јавни набавки за набавка на стоки и услуги заради навремено обновување на стоковните резерви.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 22
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари):4.175

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во рамките на буџетот на Агенцијата за стокови резерви за 2009 година е планирана една буџетска програма која ги опфаќа активностите за извршување на со закон утврдените функции на Агенцијата за стокови резерви. Основните цели на програмата се успешно спроведување на законските надлежности и ефикасна реализација на утврдените приоритети на институцијата.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*

Износ на тендери за прехрамбени стоки (во ијлади денари): 205.000

## 09005 УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

**ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.625.252 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Управата за јавни приходи ги врши работите што се однесуваат на утврдување и наплата на даноци и на други видови јавни приходи во согласност со закон заради финансирање на јавните расходи.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Управата за јавни приходи во текот на 2008 година ја зголеми наплата на јавните приходи и оствари намалување на даночната евазија како резултат на зголемениот број на инспекциски контроли и екипирање на инспекцијата во рамките на канцеларијата за големи даночни обврзници и значително зголемениот број на редовни контроли во однос на системот за регистрирање на готовинските плаќања-фискализација.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во текот на 2009 година Управата за јавни приходи ќе преземе активности за зголемување на наплата на јавните приходи, подигање на нивото на доброволно исполнување на даночните обврски од страна на даночните обврзници, развој на професионализмот кај човечките ресурси.

*ИНДИКАТОРИ:*

Број на вработени: 1.244

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 832

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

<u>Програма 2 –Управа за јавни приходи. Оваа програма</u> ги опфаќа активностите за реализација на утврдување и наплата на даноците и на други видови јавни приходи во согласност со законските прописи. Основни цели на оваа програма се: зголемување на степенот на наплата на јавните давачки, следење и анализа на наплатата на јавните давачки, подигање на свеста на даночните обврзници за доброволно плаќање на даночните обврски. Во рамките на оваа програма се извршуваат и активности во врска со реконструкција на постојни деловни објекти во Управата со цел подобрување на условите за работа и нормалната циркулација на работни активности на вработените во Управата.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*

Наплата на јавни приходи заради финансирање на јавните расходи (во илјада денари): 400.000

## 09006- УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 41.219 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за финансиска полиција е специјализиран државен орган во Република Македонија со овластувања согласно Законот за кривична постапка кој се грижи за доследна примена на прописите, особено од областа на финансиското, даночното и царинското работење. Управата за финансиска полиција е со својство на посебно правно лице и е надлежна за спроведување финансиска контрола, прибирање и анализирање податоци за готовински трансакции, преземање предистражни и други мерки кога постојат основи на сомнение за сторени кривични дела од областа на финансиите и вршење контрола на примената на даночните, царинските и други прописи.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Поднесени кривични пријави до Јавното обвинителство за кривични дела: даночно затајување, перење пари и други приноси од казниво дело, даночни и други измами на штета на имотот на Република Македонија, корупција и злоупотреби, неплаќање на други јавни давачки пропишани со закон. Во текот на 2008 година поднесени се вкупно 11 кривични пријави, против 21 лице за кривични дела даночно затајување, перење пари, измами, фалсификување и уништување на документација, злоупотреба на службена положба и овластување при што се откриени сторени штети врз Буџетот на Република Македонија во вкупен износ од 101.505.089,30 денари.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Приоритети и цели на Управата за финансиска полиција во 2009 година се следните: зајакнување и прецизирање на системот на мерки кои се превземаат за откривање и спречување на организираниот финансиски криминал, зголемување на ефикасноста на државните органи надлежни за откривање и гонење на криминалот, откривање финансиски криминал даночно затајување, перење пари и други казниви дела, даночни и други измами, корупција и злоупотреби, неплаќање на други јавни давачки пропишани со закон, откривање случаи кога постои сомневање за склучени договори спротивно на закон или друг пропис, на штета на Република Македонија, спроведување постапка за утврдување потекло на имот и парични средства, воведување на интегриран информатишки систем, преку имплементација на современи стандарди и методи за работа со податоци и нивно инкорпорирање во единствена електронска база на податоци.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 24
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.509

### ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во рамките на буџетот на Управата за финансиска полиција за 2009 година е планирана една буџетска програма која ги опфаќа активностите за извршување на со закон утврдените надлежности на Управата за финансиска полиција. Основните цели на програмата се успешно спроведување на законските надлежности и ефикасна реализација на утврдените приоритети на институцијата.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на извршени контроли: 70

## 10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.491.802 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за економија опфаќа активности за создавање на услови за развој на индустријата базарана на иновации и знаење, регулација на внатрешниот пазар, развој на енергетскиот сектор, унапредување на деловната клима и поттикнување на домашните и странски инвестиции, зголемување на конкурентноста на корпоративниот сектор, создавање на услови за поттикнувачка деловна и инвестициона клима за раст на деловните активности и инвестициите, развој на претприемништвото и малите и средни претпријатија, искористувањето на природните минерални ресурси, зголемување и промоција на извозот, развој на јавно-приватното партнерство и развој на туризмот.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во насока на зголемување на меѓународната, глобална конкурентност на македонските компании со поддршка на технолошка модернизација истражување и развој спроведени се активности за промоција на концептот за индустриска политика и зголемување на свеста за соработка на институциите, индустријата и науката. Се реализира акцискиот план на Програмата за развој на метролошката инфраструктура, се имплементира ИСО 17025 во лабораторискиот центар на Бирото за метрологија. Продолжува да се развива системот на доброволна стандардизација со активности за усвојување на европските стандарди како македонски. Во обаласта на акредитацијата спроведени се 18 постапки за акредитација, а во тек се уште 20 постапки. За јакнење на капацитетот на Државниот пазарен инспекторат се реализира: техничка помош на ЕУ-КАРДС, информатичка подршка на работата на инспекторатот со целосно електронско мрежно поврзување. Државниот пазарен инспекторат изврши 17.162 надзори, донесени се 1.465 решенија во управна постапка, одземени се производи во вредност од 3.366.063 денари од познати субјекти и производи во вредност од 580.631 денари од непознати субјекти. Донесени се Закон за измена и дополнување на Законот за трговски друштва и Законот за едношалтерски систем. Над 75% целосно се имплементирани прописите на ЕУ за трговски друштва и едношалтерскиот систем. Реализирани се активности од Проектот за изградба на мали хидроелектрични централи. Продолжија активностите за надградба на геолошко информативниот систем и префрлање на геолошката документација во дигитална форма. Формирани се 12 нови бизнис центри, основан е Европски иновативен релеен центар, подржани се активностите на постојните деловни инкубатори, реализирани се 10 проекти за обука на целни групи преку бизнис центрите, надоместен е дел од трошоците на деловните субјекти за сертификација на систем за квалитет (ИСО/ХАСАП) и дел од трошоците за интернет конекција. Во делот на технолошки индустриски развојни зони изработена е проектна документација за инфраструктурата во ТИРЗ Скопје 1, извршени се геомеханички истражни работи, набавени се две автоматски рампи на влез и излез од ТИРЗ Скопје 1, набавени се: ваги за товарни возила монтирани се канделабри за улично осветлување. Потпишан е договор за закуп на земјиште во ТИРЗ Скопје 1 со Џонсон Мети, создадени се услови за инвестирање на Искра од Словенија и извршена е експропријација на земјиште во ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип и ТИРЗ Тетово.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Министерството за економија за 2009 година се: развивање и инплементација на интегрирана индустриска политика која води кон раст, развој со конкретни мерки и инструменти инкорпорирани во повеке програми, зголемување на инвестициите, конкурентен и иновативен индустриски корпоративен сектор, развој на кластерингот и вклучување на македонските компании во мрежата на глобални добавувачки ланци, развивање на претприемачки сектор на микро мали и средни претпријатија, регулирање на внатрешен пазар и примена на европските технички прописи за воспоставување на систем за безбедност на производи и стандарди за квалитет, зголемување на извозот и инвестициите, либерализација на енергетскиот пазар, создавање на услови за стабилно и одржливо обезбедување со енергија и раст на инвестициите во енергетскиот сектор, развој на туризмот со зголемување на стандардите на туристичката понуда и зголемена валоризација и промоција на македонските тиристички можности, продолжување на усвојување и примена на европската регулатива и стандарди во областа на индустријата, енергетиката, искористување на минералните ресурси, внатрешниот пазар врзан со ПЕКА (Европски протокол за оцена на сообразност). Поттикнување и подршка за поинтензивно користење на средствата од инструментите за претпристапна помош на ЕУ (ИПА) и програмите на Заедницата (ЦИП) во функција на остварување на динамичен и иновативен развој на индустријата, енергетиката, туризмот и малите и средни претпријатија.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 486
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.399

## ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Програма 1 - Администрација. Оваа програма вклучува активности за развивање и имплементирање на интегрирана индустриска политика која води кон раст, развој со конкретни мерки и инструменти инкорпорирани,воспоставувување на ефикасен систем на надзор на пазарот, уредување на метролошкиот систем во Република Македонија, контрола на предметите од скапоцени метали, развој на туризмот и угостителството преку донесување на политики и програми за развој, активно учество во подготовката и реализацијата на Националната програма на приближување и хармонизација на законодавството на РМ со ЕУ, превземање на мерки и активности за исполнување на превземените обврски за регулирање на внатрешниот пазар. Финализирање на процесот на приватизација, спроведување на брза и ефикасна контрола над правните и други субјекти и донесување на ефикасни решенија.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на извршени инспекциски надзори: 35.500

Програма 2 - Искористување на природните ресурси. Во рамките на оваа програма се извршуваат следниве активности: Изготвување на годишни програми за вршење на детални геолошки истражувања на минерални суровини и објавување на тендери за доделување на концесии за детални геолошки истражувања. Обезбедување на геолошки карти-подлоги на Република Македонија, анализи на постојната геолошка документација и изработка на проектна документација за изнаоѓање на геотермална и

петротермална енергија, дигитализација на целокупната геолошка документација и геодетско снимање на коповите во фаза на експлоатација.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на доставени геолошки извештаи за извршените геолошки истражувања - геолошки карти: 15

Програма 3 - Развој на енергетиката. Програмата Развој на енергетиката опфаќа креирање на енергетската политика, изготвување на законска, развојна и инвестициона документација, водење на проекти, мониторинг на изведени проекти, реформа на енергетскиот сектор врз економските принципи за ефикасност и ефективност во работењето и либерализација на пазарот на електрична енергија и природен гас и вклучување во внатрешниот пазар на енергија на ЕУ.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на субвенционирани домаќинства кои ќе инсталираат соларни загревачи на вода: 500

Програма 4 – Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија. Во рамките на оваа програма се реализираат активности за поддршка на развојот на претприемништво, малите и средни претпријатија со цел создавање на нови работни места, кофинансирање на работењето на Фондот за развој на човековите ресурси (HRDF), имплементација на ваучерскиот систем на советување со консултанти, реализација на конкретни подпроекти за претприемничко учење, воведување на стандарди на квалитет, поттикнување на иноваторство, промотивни активности, претприемничко поврзување и сл. Во текот на 2009 година се планира да се зголеми бројот на обучени менаџери во претпријатијата, реализација на ваучерскиот систем за советување и воведување на иновативниот ваучер, подигање на свеста за значењето од примената на: стандарди за квалитет, информатичка технологија и интелектуална сопственост.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на издадени ваучери: 60

Програма 5-Стандардизација и Акредитација. Во оваа програма се планираат активностите на Институтот за стандардизација и Институтот за акредитација. Во текот на 2009 година ќе спроведат активности за воспоставување на национален систем за стандардизација, интеграција во европските и меѓународните процеси на стандардизација, имплементација на стандардите ISO, IEC и CEN, CENELEC i ETSI, зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност- лабаратории, сертификациони тела и инспекциски тела, зачленување во ILAC и IAF и зголемување на бројот на технички оценувачи, зголемување на бројот на акредитирани тела за оцена на сообразност- лабаратории, сертификациони тела и инспекциски тела и зачленување во ILAC и IAF.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на усвоени стандарди: 2.200

**10002 АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ**
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 267.768 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Агенцијата за странски инвестиции е самостоен орган чија основна цел е обезбедување зголемен прилив на странски директни инвестиции со кои се поттикнува економскиот развој на Република Македонија преку професионално презентирање на секторски специфичните и оперативните добивки кои Република Македонија ги нуди на инвеститорите, во електронски и печатени медиуми, промовирање на регионите на Република Македонија, поттикнување на странските инвеститори да користат производи и услуги од македонските претпријатија, обезбедување услуги на инвеститорите и други работи утврдени со закон.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година во досегашниот период се зајакна процесот на економска промоција преку ангажман на досега осумнаесет од вкупно планирани дваесет и три економски промотори за нивна работа во дваесет и три земји во светот со цел подигање на свеста на странските потенцијални инвеститори за инвестиционите погодности кои Македонија ги нуди. Се превземаа активности за координација на странска помош од аспект на доусовршување на методите на услужување на странските инвеститори и зајакнување на клучните маркетинг пораки, за реализација на Програмата за промоција и развој на инвестиции за 2008 година и се реализираат активностите од четврта фаза од кампањата Инвестирајте во Македонија, како и промоција на автомобилската индустрија како најконкурентен сектор. Потпишан е еден договор и пет меморандуми за разбирање со компании за инвестициони вложувања, со очекување оваа бројка да порасне до вкупно 10-тина до крајот на 2008 година.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во 2009 година продолжуваат активностите за склучување на конкретни проекти со цел вложувања, зголемување на бројот на остварени средби со заинтересирани инвеститори и подигање на тековните преговори со потенцијални инвеститори на повисоко ниво.

Директно учество на Агенцијата во економскиот пораст преку проекти посредувани од страна на Агенцијата во вкупниот проток на странски директни инвестиции да изнесува 30-40%. Да се постигне годишен проток на странски директни инвестиции од 250-275 Евра по глава на жител.

*ИНДИКАТОРИ:*

Број на вработени: 19

Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 3.077

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Програма 20-Агенција за странски инвестиции. Оваа програма ги опфаќа активностите за: развивање и имплеметирање на практики и вештини за ефективно развивање на стратегијата за промоција на инвестиции, привлекување на Greenfield инвестиции, дефинирање и поткрепување на клучни маркетинг пораки, анализа на услови за инвестирање и предлагање мерки и реформи во законската регулатива и воспоставување на ефективно партнерство меѓу јавниот и приватниот сектор и развој на дата база на податоци.

## 11002 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 47.794 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот завод за индустриска сопственост е самостоен орган на државната управа надлежен за спроведување на постапката за стекнување и одржување на правата од индустриска сопственост и вршење на други работи и задачи утврдени со закон.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година преведена е Европската патентна конвенција, подготвена е Националната програма за спроведување на заштитата на правата од интелектуалната сопственост, продолжено е со координирање на активностите на координативното тело за интелектуална сопственост, потпишан е Протокол за соработка на Државниот завод за индустриска сопственост со Зводот за пронајдоци и трговски марки на Република Романија и на Република Чешка.  Започнати се активности за изработка на “Национална стратегија за интелектуална сопственост на Република Македонија”.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Основни приоритети и цели на Државниот завод за индустриска сопственост за 2009 година се: прием на Република Македонија во Европската патентна организација, спроведување на подготовки за ратификување на: Договорот ПЛТ-Договор за правото на патент од страна на Република Македонија, Договорот ТЛТ- Договор за правото на трговска марка од страна на Република Македонија, Договорот за Виенската класификација на фигуративни елементи на трговски марки од страна на Република Македонија. Ќе продолжат активностите за изработката на “Национална стратегија за интелектуална сопственост на Република Македонија”.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 35
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.280

### ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во рамките на Буџетот на Државниот завод за индустриска сопственост за 2009 година планирана е една буџетска програма која ги вклучува активностите на Државниот завод за индустриска сопственост и сите стручно-административни работи чии основни цели се успешна реализација на законските функции и утврдените приоритети за 2009 година.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на издадени документи во постапка за признавање на правата од индустриска сопственост: 7.400

## 12101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
## И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
### ВКУПЕН БУЏЕТ: 805.437 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за животна средина и просторно планирање е буџетска институција чии законски надлежности се во доменот на заштитата на животната средина и просторното планирање и се однесуваат на: следењето на состојбата на животната средина; заштитата на водите, почвата, флората, фауната, воздухот и озонската обвивка од загадување; заштитата од бучава,

радијација, заштитата на биодиверзитетот, геодиверзитетот, националните паркови и заштитените области; реставрацијата на загадените делови од животната средина; предлагањето мерки за третман на цврст отпад; просторното планирање; просторниот информативен систем; надзорот од негова надлежност и врши и други работи утврдени со закон.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Министерството за животна средина и просторно планирање во рамки на законските надлежности, во 2008-та година во делот на законската регулатива го донесе Законот за генетски модифицирани организми, Законот за води и Законот за прогласување на локалитетот Куклица за споменик на природата. Организирани беа јавни презентации на Стратегијата за управување со отпад, организациони активности околу чистење на терените во рамки на проектот „Ден на дрвото„, организирање на кампањите „Денови на пролетта-денови на екологијата„, „Чисти улици за сите нас„. Извршено е уредувањето на речното корито во с.Голема Речица, изградени се водоснабдителни системи во н.м. Теарце, н.м. Желино 2 фаза, н.м. Теново, с. Групчин, извршена е изведба на дел од улична фекална канализација во с.Велешта и Кондово. Изработен е Извештај за спроведување на Просторниот план, континуирано се реализираа активностите за одржување на воспоставените мониторинг станици контрола на квалитет на водите, воздухот и цврстиот, радиоактивниот и медицинскиот отпад, поддршка на стопанскиот сектор и индустријата за постигнување на стандардите согласно директивите на ЕУ и новите закони.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Приоритетите и целите на Министерството за животна средина и просторно планирање во 2009 година се следниве: успешна имплементација на законите за животна средина, подготовка на студии како основа за донесување просторни планови за подрачја и локалитети, изградба на национален систем за еко-етикетирање на производи и услуги, реализација на проекти за инвестиции во животната средина, одбележување на деновите од еколошкиот календар, редовно одржување на мониторинг системот за воздух и дооформување на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух со рурални автоматски мониторинг, спроведување на ГЛОБЕ програмата, еколошка санација и енергетска рационализација на геотермалниот систем ГЕОТЕРМА, тековно одржување на хидросистемот Дојранско езеро, изградба на главен колектор за фекална канализација во Берово, како и реконструкција и изградба на водоводи и канализациони мрежи.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 156
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.275

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Со буџетот на Министерството за 2009 година се планирани следните буџетски програми:

Програма 1 - Администрација. Оваа програма ги опфаќа општите активности кои обезбедуваат поддршка на извршувањето на основните функции на Министерството и ја поддржуваат имплементацијата на новите закони и подзаконски акти од областа на животната средина, со цел за обезбедување услови за ефикасно извршување на предвидените активности.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на денови на вработените поминати на обуки: 50

Програма 2 - Заштита на животната средина. Оваа програма вклучува активности базирани на стратешките програмски активности кои се однесуваат на реализација на проекти, интерсекторска соработка и имплементација на меѓународни документи ратификувани од страна на Република Македонија. Приоритетни активности и цели се мониторинг на: квалитетот на компонентите на животната средина, изготвување на студии и проекти за управување со цврст отпад, елаборати за прогласување, односно управување со заштита на природното наследство и подигање на јавната свест за значењето на здравата животна средина и сочуваното природно наследство за идниот одржлив развој на Република Македонија, изготвување на законски проекти за заштита на основните компоненти на животната средина, изведба и реконструкција на водоводни и канализациони мрежи, изградба на колектори, пречистителни станици и фекални канализации во повеќе општини.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на инвестициони проекти: 48

Програма 3 - Просторни планови. Активностите во оваа програма се однесуваат на работите поврзани со просторното планирање, односно изготвување и спроведување на Просторниот план на Република Македонија и другите просторни планови, со цел да се реализира целосна покриеност на територијата на Републиката со просторни планови.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на просторни планови: 5

Програма 4 - Мониторинг. Програмата за мониторинг на животната средина со лабораторија, опфаќа активности за мониторинг на: амбиентен воздух и одржување на оформената инфраструктура, реките и подземните води и одржување на изградената инфраструктура и вградената опрема, трите природни езера, на природните живеалишта и биолошките заедници, собирање и трансфер на податоците од мониторингот и нивно објавување, идентификување на проблемите во животната средина.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на прекршочни норми за максимални дозволени концентрации: 400

## 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 4.054.121 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за транспорт и врски како составен дел на Владата на Република Македонија ги уредува односите во сверата на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и врските, внатрешната пловидба, уредувањето на просторот и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008

Министерството за транспорт и врски во текот на 2008 година има изработено повеќе нормативни акти од областа на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и врските, успешно ги спроведе тендерите за продажба на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Македонија, продолжено е со изградбата на Северната трибина на Градски

стадион во Скопје, извршена е реконструкцијата и продлабочувањето на езерското пристаниште Св.Наум-Охрид, завршена е изградбата на новиот мост на Реката Вардар во општина Сарај, распределени се ЦЕМТ дозволите, воведен трет мобилен оператор, изработени проекти за санација на неколку активни свлечишта, изградени се водоснабдителни и канализациони системи во единиците на локалната самоуправа, изработени се предвидените урбанистички планови, извршена е планираната модернизација на железничката инфраструктура, изграден е патот од Крушево до манастирот Св.Преображение, извршена е планираната реконструкција на мостовите на Автопатот Е-75 во соработка со НАТО.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Министерството за транспорт и врски во текот на 2009 година ги планира следните приоритетни активности: изработка на закони и подзаконски акти од областа на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и комуникациите, изградба на Северната трибина на Градски стадион во Скопје, изграба на Источна и Западна трибина, изградба на каскадни прегради на река Вардар, изградба на социјални станови, доградба на Гратски трговски центар, продлабочување на каналот на Билјанини извори во Охрид, изградба на мост во Ранковце, набавка на нови двокатни автобуси за јавен градски превоз, отопчнување со изградбата на жичара од Средно Водно до Милениумски крст, продолжување со санацијата на активните свлечишта, модернизација на железничката инфраструктура, изградба на Коридорот 8, изработка на проектот за гасоводен систем во Република Македонија, решавање на проблемот со водоснабдување со изградбата на нови водоводи и фекални канализации во ЕЛС, подобрување на водоснабдувањето на ЕЛС од регионалниот водовод Студенчица, како и изработка на урбанистички планови на населените места.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 207
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.170

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2009 година планирани се следниве програми:
<u>Програма 1-Администрација</u>. Во рамки на оваа програма опфатени се активности кои се од општ интерес на министерството, а кои обезбедуваат услови за ефикасно функционирање на урбанизмот и градежништвото, сообраќајот и комуникациите, во која се вклучени само општите режиски расходи. Оваа буџетска програма опфаќа административни активности кои се однесуваат на комплетното книговодствено и финансиско работење, планирање и развој, како и вршење на правни работи, со цел за обезбедување логистичка поддршка на сите останати програми на Министерството за транспорт и врски.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на објавени тендери за продажба на градежно неизградено земјиште сопственост на Република Македонија-85

<u>Програма 2- Сообраќај и комуникации</u>. Во рамките на оваа програма се извршуваат активностите во сверата на сообраќајот, телекомуникациите и внатрешната пловидба. Основните цели се: изработка на прописи од сверата на сообраќајот и електронските комуникации, контрола на примената на донесените прописи од областа на сообраќајот од страна на надлежниот инспекторат, регулирање и уредување на внатрешната езерска пловидба,

регулирање и уредување на воздушниот и железничкиот сообраќај, како и издавање на ЦЕМТ и обични транспортни дозволи.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на распределени ЦЕМТ дозволи-950

*Програма* 3-Урбанизам и градежништво. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности во сверата на урбанизмот, градежништвото и управувањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија. Основните цели за 2008 година се насочени кон подобрување на водоснабдувањето во населените места во ЕЛС и снабдување на населението со здрава вода за пиење, санација на активните свлечишта и мостовите во соработка со НАТО, изработка на урбанистички планови за населените места, како и извршување на контроли за почитување на урбанистичките планови од страна на Државниот инспекторат.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на проекти за изградба на водоводи и фекални канализации во Република Македонија: 45

## 13002 АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 938.342 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за цивилно воздухопловство ги извршува задачите во врска безбедноста на воздушната пловидба, го контролира воздушниот простор на Република Македонија, безбедноста на воздухопловите, издава лиценци и врши валидација на дозволите на воздухоловниот персонал.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008:

Во текот на 2008 година Агенцијата за цивилно воздухопловство оствари зголемен обем на сообраќај, отпочна со активности во врска со поделабата на регулатор и провајдер и имплементираше голем дел од законската рагулатива на ЕУ.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Основните приоритетни цели на Агенцијата за цивилно воздухопловство е финализирање на процесот за раздвојување на провајдерот Давател на услуги (Прелети и приодна контрола) и Регулатор (кој ќе ги имплементира законските регулативи и ќе го контролира давателот на услуги), зголемување на безбедноста на авиосообраќајот преку имплементација на современи воздухопловни концепти во управувањето на воздушниот сообраќај, зголемување на авио сообраќај за 3 -5%, како и имплементирање на сите регулативи кои произлегуваат од Европската комисија во врска со исполнување на обврските од ЕВЗО.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 326
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.317

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Програма 1- Администрација. Оваа буџетска програма опфаќа административни активности кои се однесуваат на комплетното книговодствено и финансиско сервисирање за потребите на Агенцијата, планирање и развој, како и вршење на правни работи од областа на домашното и меѓународното право, со цел за обезбедување логистичка поддршка на сите останати програми за постигнување на примарната цел - безбедност во сообраќајот.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Издадени дозволи за редовен и нередовен авионски сообраќај:330

Програма 2 - Воздухопловна навигација. Оваа буџетска програма опфаќа активности од областа на воздухопловната навигација и подразбира сервисирање на услугите на воздухопловите во прелет на воздушниот простор на Република Македонија, овозможува проток на авиосообраќај, како и сервисирање на услугите за слетување и осветлување со цел пораст на безбедноста во сообраќајот, согласно со стандардите и регулативите на меѓународните организации.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Остварени летови: 137.300

Програма 3 - Метео и воздухопловни информации. Програмата ги опфаќа активностите на институцијата во врска со метео и воздухопловните информации, прогнози, мерења и нејзината дејност се однесува на давање на услуги во областа на воздухопловната метеорологија за прелет, за слетување и за полетување; давање на услуги за публикување на сите информации кои се потребни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај, кои придонесуваат за остварување на повисока безбедност во воздушниот сообраќај.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Издадени билтени: 93.500

Програма 4 - Воздухопловна техника. Програмата реализира активности во областа на воздухопловната техника за одржување на вкупните системи (земски радионавигациски системи, информатички системи, радарска техника, комуникациски и метеоролошки системи, енергетски системи, мототехнички системи и техничко одржување), на системот за автоматска обработка на податоците, комуникации и навигации и на системот за непрекинато напојување.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Одржување на CNS(Communication, Navigation and Survaliance) уреди: 230

Програма 5 - Безбедност, воздухопловна едукација и медицина. Оваа буџетска програма опфаќа активности во областа на безбедноста, воздухопловна едукација и медицина, програми, испити и дозволи, пловидбеност и регистар, воздухопловни стандарди и регулативи, пребарување и спасување непосредно поврзани со: безбедноста во одвивањето на воздушниот сообраќај; инспекциски надзор во воздушниот сообраќај и проверка на здравствената состојба на воздухопловниот персонал.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Извршени безбедносни (security) инспекции: 15

## 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.932.875 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство е буџетска институција која донесува и спроведува политики од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и руралниот развој и сродните области како безбедност на храна, ветеринарна и фитосанитарна заштита и врши следење и проценка на ефектите од спроведувањето на политиките во областите од негова надлежност. Министерството презема мерки и извршува активности поврзани со: користење на природните ресурси: земјоделско земјиште, шуми, пасишта и води на еколошки одржлив начин; зголемување на ефикасноста на полјоделското и сточарското земјоделско производство, преработка и маркетинг; обезбедување оддржлив развој на руралните средини; унапредување на ловството и риболовот; обезбедување заштита на здравјето на растенијата и животните; мониторинг и инспекциски надзор во областите од надлежност на министерството, како и други активности пропишани со закон.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година беа реализирани следните активности: подготвен е подзаконски акт за Форма, содржина и начин на водење на Единствениот регистер на земјоделски стопанства; Подготвена ревидирана верзија на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ (НПАА)-ревизија 2008 и реализирани се поголем дел од обврските од истата, Воспоставена инфраструктура и процедури за Пазарниот информативен систем и започнато со пилот прибирање на податоците од поголем број на селектираните пазари. Подготвени се следните програми за подршка на земјоделството и руралниот развој: Програма за финансиска подршка на земјоделството во 2008 година, Програма за потикнување и развој на органското земјоделско производство во 2008 год. Програма за финансирање на активностите во примарното тутунско производство во 2008 год. Програма со мерки за унапредување на рибарството и аквакултурата во 2008 год. како и подготвена и објавена Национална програма за рурален развој за 2008 год. Спроведена е програма за здравствена заштита на животните и обезбедено нормално спроведување на работните задачи на Управата за ветеринарство и ветеринарните инспектори; извршена е доградба и проширување на системи за наводнување, формирани се нови водостопанства и водни заедници.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во 2009 година Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ги планира следниве активности: поставување на информационите системи кои се дел од интегрираниот ЗИС Интензивирање на активностите за прилагодување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, спроведување на краткорочните активности од Пристапното партнерство 2007, Спроведување на активностите предвидени во Спогодбата за стабилизација и асоцијација, ефикасно чување на шумата во приватна и државна сопственост од бесправни сечи и шумски кражби, шумски пожари, растителни болести, шумски штетници и други непогоди. Подготовка на ефикасни програми за директна поддршка на земјоделските стопанства и тоа: Програма за финансиска поддршка во земјоделството, Програма за финансирање на активностите во примарното тутунско производство, Програма за поттикнување и развој на органското земјоделско производство и Програма со мерки за унапредување на рибарството и аквакултурата. Поддршка и извршување на почетните активностите за воведување на Системот за идентификација на земјишни

парцели (ЛПИС): воздушно снимање, производство на ортофото карта на РМ, и почетна дигитализација на земјоделските парцели во дефинирани региони, воведување и имплементирање на ефикасен и одржлив систем на следење, контрола и сузбивање на заразните болести кај животните, воведување и имплементирање на ефикасен и одржлив систем на контрола на ветеринарно медицински препарати и контрола на производството, прометот и употребата на добиточна храна и исхраната на животните. Следење, прогнозирање, и одредување мерки за спречување и ширење на растителни штетни организми, мерки за сузбивање на појава на нови штетни организми и каламитет и јак интензитет штетни организми, одржливо управување и користење на водните ресурси, обезбедување на доволни количества на квалитетна вода и намалување на последиците од недостигот на вода.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 628
Оперативни расходи по вработен (во илјада денари): 1.133

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во Буџетот на Министерството за 2009 година се планирани шест буџетски програми и тоа:

<u>Програма 1 – Администрација</u>. Оваа програма вклучува активности поврзани со: реализација на општите административни работи, ревизија на националната регулатива, водење на управни и судски постапки, усогласување на законската регулатива со регулативите на ЕУ, подготвување на општи акти на министерството, протоколи, договори и други акти, менаџмент со човечки, навремено информирање на јавноста за политиката и активностите на министерството и спроведување на внатрешната ревизија. Тука се вклучени и активностите за координација на евроинтегративните процеси на земјоделскиот сектор, координација на странската помош и меѓународната соработка и земјоделската трговска политика и воспоставување на Земјоделски Информативен Систем (ЗИС).

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на донесени законски и подзаконски акти согласно НПАА: 40

<u>Програма 2 - Шумарство.</u> Во рамките на оваа програма се вршат активности за обезбедување на законска, институционална и економска рамка за одржливо стопанисување со шумите и дивечот преку рационално користење на шумите, другите шумски производи и општокорисните функции на шумите со што ќе се одржува нивната продуктивност, капацитет и потенцијал и ефикасно чување на шумите во државна и приватна сопственост од бесправни сечи и шумски кражби. Целите на оваа програма е да се обезбеди трајност во стопанисувањето и управувањето со шумските ресурси во државна и приватна сопственост и развој на ловството во Република Македонија и доследно спроведување на прописите од Законот за шумите, Законот за ловството, од ЈП “Македонски шуми”, од претпријатијата што вршат одгледување и заштита на шумите со посебна намена, од претпријатијата што се занимаваат со шумско расадничко производство, од ловните друштва, од здруженијата на ловци и другите субјекти кои користат дивеч во ловиштата и претпријатијата што се занимават со промет и преработка на дрво.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на потпишани договори со правни лица за реализација на активностите за пошумување и заштита на шуми: 6

Програма 3 – Земјоделство. Оваа буџетска програма вклучува активности за прилагодување на домашното законодавство со легислативата на ЕУ, дефинирање на мерките за финансиска поддршка на земјоделското производство со цел подобрување на приходот на земјоделските производители и намалување на руралната невработеност и сиромаштија, обезбедување на стабилно производство на квалитетна храна по пристапна цена за потрошувачите и обезбедување на прехранбена сигурност на населението, подобрување на вредноста на земјоделското производство, воведување ефикасен систем за евиденција на земјоделското земјиште, одржување и унапредување на систем за мониторинг и менаџмент за лозови насади и оптимална употреба на земјишните ресурси на еколошки одржлив начин.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на донесени програми за поддршка на земјоделството: 5

Програма 4 - Ветерина. Активностите на оваа програма се во насока на обезбедување на заштита на здравјето на луѓето и животните, спречување и контрола на појавата на болестите кај животните, посебно на тие болести кои се пренесуваат на луѓето (зоонози), благосостојбата на животните, како и законска поддршка за заштита на профитабилните пазари (особено на ЕУ) за извоз на месо, обезбедување на здравствена и хигиенска исправност на храната од животинско потекло и унапредување на животната средина и природата,

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Процент на испитани говеда за бруцелоза и туберкулоза од вкупниот број на говеда кои се целна група за испитување: 90%

Програма 5 - Заштита на растенија и семе и саден материјал. Оваа програма ги вклучува мерките и активностите за заштита на здравјето на растенијата согласно одредби од Законот за здравјето на растенијата, Законот за ѓубрива и Законот за производи за заштита на растенијата кои ги спроведува Фитосанитарната. Опфаќа и производството и контролата на сертифициран семенски и саден материјал и заштита на нови сорти, како и обезбедува поддршка на изработка на подзаконски акти од областа на семето и садниот материјал и нивно усогласување со законодавство на ЕУ, испитување на квалитетот на производите за заштита на растенија, дијагностика на штетни организми и определување на квалитетот на семенскиот и садниот материјал.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на извршени лабораториски фитопатолошки, квалитативни и хемиски анализи за следење на растителни штетни организми: 430

Програма 6 - Водостопанство. Оваа програма вклучува активности за непосредно извршување на законските и други прописи и општи акти во областа на водостопанството, заради прилагодување на националното законодавство со законодавството на ЕУ, одржливо управување и користење на водните ресурси, обезбедување на доволни количества на квалитетна вода и намалување на последиците од недостигот на вода, заштита и намалување на последиците од штетното дејство на водата, заштита и зачувување на водите и намалување на сиромаштијата и ревитализација на селата.

Во рамките на програмата се планира реализација на следниве развојни проекти: Хидросистем Злетовица, Хидросистем Лисиче, Наводнување на јужновардарската долина, како и Програмата за ревитализација на села.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Должина на реконструирани, изградени и исчистени канали за наводнување и одводнување: 120 км

## 14002 АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 76.500 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството - Битола е одговорна за давање на стручна помош на индивидуалните земјоделски производители со цел зголемување на квалитетот, квантитетот и профитабилноста на земјоделското производство со оптимално искористување на располозивите ресурси , преку примена на соодветни мерки во процесот на земјоделското производство и практична имплементација на научните и техничките сознанија.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Агенцијата во рамките на своите надлежности во текот на 2008 година вршеше активности за развој на техничко економски советодавни услуги на индивидуалните земјоделски производители и нивна реализација на терен; подржана е реализацијата на Програмата за поттикнување на развојот на земјоделството и континуитет на имплементација на Системот за мониторинг на фарма - ФАДН.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Како основни приоритети за 2009 година се следните активности: развој на квалитетна советодавна услуга и нејзина имплементација на терен; функционирање на системот за мерливост на квалитет и квантитет од спроведени советодавни услуги кај ИЗП; овозможување на флексибилна и пазарно ориентирана рурална економија преку развојот на земјоделското производство и во руралните области и одржување континуитет на системот за мониторинг на фарма - ФАДН.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 137
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 558

### ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во Буџетот на Агенцијата за 2009 година се предвидени три буџетски програми:
<u>Програма 1 - Администрација.</u> Оваа програма ги вклучува активностите и трошоците на правната служба, сметководството, АОП и останатите режиски трошоци, преку кои се обезбедува непречен проток на информации и документација, одржување и надградба на информацискиот систем, поддршка на базата на податоци за индивидуалните земјоделски производители и реализација на Програмата за односи со јавноста и медиумите.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на склучени договори со даватели на услуги за редовно функционирање на Агенцијата: 20

<u>Програма 2 - Совети.</u> Во оваа програма се опфатени активностите за давање на советодавни услуги на терен кај фармерите и нивните здруженија, се

едуцираат земјоделските производители по одделни области и се насочуваат кон планско производство, се дава поддршка во евидентирање на фарма - сметководство на фарма, се информираат фармерите, се имплементираат нови научнотехнички достигнувања на терен и слично.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на фарми корисници на советодавни услуги: 4.000

<u>Програма 3 – Систем за мониторинг на фарма.</u> Во рамките на оваа програма се опфатени активностите за одржување и надградба на информативниот систем како и создавање и одржување на мрежи со домашни и меѓународни субјекти и поддршка во развојот на вредносни синџири.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на фарми за кои се изготвуваат извештаи во рамки на ФМС/ФАДН: 450

## 14003 УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 140.636 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Управата за хидрометеоролошки работи е буџетска институција која извршува функции определени со Законот за вршење на хидрометеоролошки работи. Во делокругот на надлежностите на Управата спаѓа вршење на хидролошки и метеоролошки работи кои опфаќаат активности поврзани со развојот и функционирањето на хидролошкото бдеење, истражувањата на атмосферата, почвата и водните ресурси, противградобијната одбрана и работите на примената на хидрологијата и метеорологијата. Исто така, Управата ги извршува меѓународните обврски на Република Македонија во областа на метеорологијата и хидрологијата, следење на квалитетот на водите и квалитетот на воздухот и го координира нивното извршување.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во 2008 година е донесен новиот Закон за хидрометеоролошка дејност, пуштена е во работа автоматска метеоролошка станица со информативен панел на кој се добиваат моменталните податоци за временската состојба во Скопје, отпочна со работа новата соларна тест лабораторија која врши испитување на квалитетот на соларните колектори, изготвени се хидролошки подлоги за потребите на проектот за изградба на мали хидроцентрали во Република Македонија, изградени се 18 хидролошки станици во рамките на проектот RIMSYS опремени со најсофистицирана опрема за мерење и трансмисија на податоците од УХМР, учествувано е во изготвување на проекти и програми од областа на хидрологијата, метеорологијата и заштитата на животната средина за потребите на стопанството и преземени се низа активности насочени кон интензивирање и подобрување на меѓународната соработка во областа на хидрометеоролошката дејност.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Основни приоритети на Управата за хидрометеоролошки работи за 2008 година се осовременување на мрежата на метеоролошки и хидролошки станици, следење на примарните појави и процеси во атмосферата, почвата и водните ресурси и нивното влијание врз животната средина и природата, изготвување на проекти и програми од областа на хидрометеоролошките истражувања и работи на примена на хидрологијата и метеорологијата за

потребите на стопанството и интензивирање на меѓународната соработка и евроинтеграционите процеси во областа на хидрометеоролошката дејност.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 201
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 662

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Управата за хидрометеоролошки работи за 2009 година предвидува четири програми, и тоа:
Програма 1 - Администрација. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности кои ги поддржуваат другите програми на Управата со цел обезбедување услови за ефикасно извршување на законските обврски на одделните програми во рамките на Управата и активностите на полето на меѓународната соработка со цел зголемување на степенот на комуникација и пристап кон сите европски асоцијации од областа на хидрометеоролошката дејност.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на спроведени процедури за јавни набавки: 70

Програма 2 - Хидрологија и следење на состојба на природната средина. Оваа програма опфаќа активности кои се однесуваат на набљудувања и мерења на површинските води, подземните води од прво ниво и изворите во Републиката, со цел за утврдување на расположливите водни ресурси од атмосферско потекло и нивниот временски и просторен распоред; следење на квалитативните карактеристики на површинските води, акумулациите, водите кои се користат во системите за наводнување; квалитативните карактеристики на амбиенталниот воздух, врнежите и почвата; следење на трансграничен пренос на загадувачки материи низ атмосферата; прогноза на тенденциите на загадувачки материи во водите, воздухот и почвата; ажурирање на база и банки на податоци и устројување и водење на катастар на загадувачите на водите и воздухот.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на спроведени теренски активности за прибирање на хидролошки податоци: 12

Програма 3 - Метеорологија. Оваа буџетска програма опфаќа активности кои се однесуваат на: воспоставување, изградба и одржување на мрежа на метеоролошки станици; метеоролошки набљудувања и мерења за потребите на временската прогноза, на климатологијата, агро-метеорологијата и специјални метеоролошки набљудувања во мрежата на метеоролошките станици и основна обработка на забележаните податоци, висински (радиосондажни) мерења со цел подобрување на начинот на изработка и презентација на временската прогноза. Спроведувањето на овие активности има за цел одржување на базата на климатските податоци; осовременувње на програмскиот пакет за статистичката обработка на климатските податоци; автоматизација на метеорошкиот набљудувачки систем; усогласување на метеоролошките информации со правилата и прописите пропишани од страна на Светската метеоролошка организација.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на извештаи од метеоролошки, климатолошки, дождомерни и фенолошки станици: 12

Програма 4 - Прогноза, предупредување, информатика и техника. Оваа програма опфаќа континурано секојдневно информирање на јавноста и сите релевантни фактори за временските услови во Македонија, активности за перманентно радарско набљудување за состојба на атмосферата; оперативно спроведување на одбрана од град на бранети земјоделски површини во Република Македонија преку главните и помошните радарски противградобијни центри; истражување на физичките основи на модификација на времето и климата и развој на методи за оперативно спроведување на заштита од град и активности околу користење и одржување на информатичка технологија.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на изготвени временски прогнози: 365

## 14004 АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 4.465.646 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој е надлежна за извршување на мерките за поддршка и развој на земјоделството и руралните средини преку искористување на средства од Буџетот на Република Македонија и Инструментот за претпристапна помош за рурален развој на Европската унија (ИПАРД). Главни функции на Агенцијата согласно Законот за основање на Агенцијата се авторизација на плаќањата, извршување на плаќањата од областа на земјоделството и руралниот развој.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во 2008 година Агенцијата започна со реализацијата на Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Во тој поглед, во Агенцијата беа примени над 600 барања за користење на средства (реализација на проекти) од Програмата за рурален развој и над 70.000 барања за користење на средства од Програмите за директни плаќања (субвенции) во земјоделството. Средствата предвидени со овие Програми беа целосно реализирани и исплатени на крајните корисници. На полето на реализација на средствата од претпристапната помош на Европската унија за рурален развој беше завршена постапката за добивање на национална акредитација, и беше реализирана предакредитациска оценска мисија на претставници од Генералниот директорат за земјоделство на Европската комисија. Воедно, беше започната постапката за добивање на акредитација на Агенцијата од страна на Европската комисија преку ангажирање на надворешни ревизори кои треба да извршат ревизија и оценка на постапките за работа во Агенцијата.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Во 2009 година се планира Агенцијата да биде акредитирана од страна на Европската комисија која треба да донесе формален акт за пренесување на правото за управување со средствата од ИПАРД. Во поглед на реализацијата на Програмите за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во 2009 година, Агенцијата ќе реализира 4.300.000.000,00 денари со кои ќе придонесе кон остварувањето на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Македонија. За поуспешна реализација на овие Програми, Агенцијата ќе спроведе информативна кампања и обуки за потенцијалните корисници.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 46
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.567

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за 2009 година предвидува програма:
Програма 2 - Финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој заедно со клучните институции ќе ја спроведе Програма за рурален развој, донесена од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Општата цел на програмата е установување на мерките за рурален развој во согласност со мерките и административните системи на ЕУ, и поддршка на развојот во руралните области во согласност со постојните програми кон целните корисници заради подобрување на конкурентноста и одржливоста на земјоделството и руралните области.

## 15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.026.939 илјади денари

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Клучните задачи, обврски и активности на Министерството, произлезени од законските надлежности се: креирање политики и активни мерки за вработување и заштита од долгорочна невработеност; изготвување на закони и подзаконски акти за работните односи, варботување, плати, надоместоци и додатоци на плата; изготвување и имплементирање на законски и подзаконски акти за родовата рамноправност; обезбедување на организациони и другите предуслови за работата на Економско социјалниот свет, развој и унапредување на социјалниотдијалог и социјалното партнерство на трипартитно и бипартитно ниво; унапредување на системот за пензиско инвалидското осигурување, и развој на капитално финансираните пензискистолбови и доброволното пензиско осигурување согласно со европските стандарти; надзор на законитоста во работењето на ФПИОМ и Агенцијата за супервизија, развивање и унапредување на системот за социјална политика, заштита и помош на социјално и материјално загрозени лица; лицата со посебни потреби, цивилните инвалиди, азиланти и бегалци и имплементација на законската регулатива за правата на учесниците во НОВ; воените инвалиди; припадниците на безбедносните сили и членовите на нивните семејства, прашањата од областа на трудот, кои ги опфаќаат привремено невработените; системот на плати и животен стандард; колективните договори, социјалното договарање и преговарање и рамноправноста меѓу половите се решаваат во соработка со Државниот инспекторат за труд; Агенцијата за вработување; Сојузот на синдикатите на Македонија; Фондот на ПИОМ и Фондот за здравствено осигурување; меѓународни организации; УНДП; УСАИД; Светската банка и др; а правата на осигурениците на пензиското и инвалидското осигурување и на корисниците на пензиски бенифиции се остваруваат во соработка со ФПИОМ, Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување и здруженијата на пензионери. Заштитата на правата на децата како дејност од јавен интерес, со која се обезбедуваат определени права (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за второ, трето и четврто новородено дете и партиципација) и помошта на социјално и материјално загрозени лица, на лицата со посебни потреби, цивилните

инвалиди, азиланти и бегалци се остварува низ развој и унапредување на соодветните институции за социјална и детска заштита.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година во Министерството за труд и социјална политика продолжи операционализацијата на планираните активности, мерки и програми од Националната стратегија за вработување до 2010 година и Националниот акционен план за вработување 2006-2008 година. Се изврши дополнување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и во 2008 година, при што се воведе субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување за вработување на млади лица до 27 годишна возраст и невработени лица на кои работниот однос им престанал по основ на стечај во претпријатијата со доминантна сопственост на државата, заради олеснување на нивно повторно вработување и подобрување на нивната социо-економска состојба. Подготвен е Закон со кој се предвидува обезбедување на материјална и социјална сигурност на лицата со над 25 години стаж на осигурување кои не примиле испратнина поголема од 12 месечни плати, а на кои работниот однос им престанал во периодот од 2000 до 2004 година по основ на стечај, ликвидација или технолошки вишок во фирмите со доминантна сопственост на државата. Во тек е реализацијата на КАРДС Проектот- Поддршка за политиката за вработување 3 фаза, отпочна имплементацијата на ТВИНИНГ Проектот во рамките на кој ќе се дадат препораки и ќе се изврши усогласување на законодавството од областа на трудот со законодавството во ЕУ. Се потпиша Општиот колективен договор за јавниот сектор во РМ со кој се уредуваат правата и обврските на работниците и работодавачите од работен однос во јавниот сектор, условите и начинот на остварување на правата од работен однос, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните спорови. Во областа на пензиското инвалидско осигурување е донесен Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско инвалидско осигурување во делот на инвалидското осигурување. Донесен е Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, со кој се регулира третиот столб на пензискиот систем, односно осигурување на доброволна основа.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Доследно и успешно реализирање на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ, за областите и прашањата во надлежност на Министерството за труд и социјална политика (слободно движење на работници, социјална политика и вработување), во функција на исполнување на стандардите и критериумите за интеграција на Република Македонија во ЕУ и отпочнување на преговорите за членство; развој и имплементација на мерки за заштита од долгорочна невработеност и слободно движење на работна сила, подготовка и имплементација на регулативата за здравје и безбедност на работниците на работа , усогласена со европските стандарди; подготовка на Национална програма за развој на социјалната заштита, унапредување на системот за таргетирање на корисниците на социјална заштита и воспоставување на мрежен систем во социјалните установи и центри; Социјална заштита и превенција на лица со социјален ризик и социјално исклучени лица; намалување на сиромаштијата зголемување на квалитетот на живот кај ромското население преку имплементација на Акциониот план на декадата кој произлегува од донесената Стратегијата за вклучување на Ромите; имплементација и продолжување на реформските процеси за ефикасно пензиско и инвалидско осигурување; воспоставување на еднакви можности и родова рамноправност; во областа на детската заштита приоритет е реформирање на системот за заштита на децата во функција на подобрување на таргетирањето на корисниците на надоместоците на детскиот додаток, изградба на нови објекти од среден капацитет, имплементација и

продолжување на процесот за децентрализација според утврдените мерки и политики, зголемување на бројот на опфатени деца во детските градинки; развивање на системски пристап во меѓуресорско и меѓусекторско функционирање на Министерството за труд и социјална политика за подобра ефикасност и ефективност.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 334
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 829

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Планираните активности на Министерството за труд и социјална политика во наредната година ќе се реализираат преку осум буџетски програми и тоа:

Програма 1 - Администрација. Оваа програма ги покрива сите активности на секторите кои го поддржуваат постигнувањето на останатите програми. Целта на оваа програма е обезбедување на предуслови за навремено и ефикасно извршување на надлежностите, преку градење и развивање на системски пристап во реализацијата на политиките кои се во надлежност на останатите организациони единици. Со програмата се опфатени активности за: координирана стручна поддршка во процесот на усогласувањето на постојното и идно законодавство со законодавството на ЕУ, континуирано одржување на кадровската екипираност, градење и развивање на стручните капацитети на Министерството, како и активностите кои придонесуваат за одговорно, наменско и рационално користење на финансиските ресурси и средства.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на спроведени тендери: 54

Програма 2 - Работни односи и пензиско инвалидско осигурување. Оваа програма опфаќа креирање на стратегија за политики и акциони планови за вработување; изготвување на закони од областа на трудот, вработувањето, платите, надоместоцитеи додатоците на плата и рамноправноста меѓу половите, колективни договори и подзаконски акти; и обезбедување на организационите и другите предуслови за работата на Економско- социјалниот совет, развој и унапредување на социјалниот дијалог и социјалното партнерство на трипартитно, бипартитно национално и локално ниво, како и целосна имплементацијана реформите во пензиско инвалидското осигурување. Во рамките на оваа програма е опфатена и Агенцијата за супервизија на капитално пензиско и инвалидско осигурување.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на законски и подзаконски акти од областа на работни односи и пензиско осигурување: 10

Програма 3 - Социјална заштита. Оваа програма се однесува на: системот, организацијата, функционирањето и развојот на социјалната заштита; предлагање, следење и развој на социјалната политика; преземање на мерки за спречување и надминување на основните социјални ризици; правните односи во бракот, семејството; старателство и посвојување; заштитата на децата и малолетните лица; деца со воспитно социјални проблеми и деца со нарушено поведение; заштитата на лицата со интелектуална или телесна попреченост; заштита на цивилните инвалиди од војната; заштита на раселените лица и барателите на азил; преземање мерки за социјално вклучување; основање, започнување со работа и евиденција на

установи за социјална заштита; вршење работи од областа на социјалната заштита од други правни и физички лица; креирање политики за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост; креирање на стандарди за соодветен квалитет на услугите; постапување по меѓународни конвенции, договори и други акти и спроведување на процесот на хармонизација на законите од областа на социјалната заштита со законодавството на Европската Унија. Во рамките на оваа програма е опфатена и Реформата на системот на социјална заштита- проект финансиски поддржан со кредит од Светска банка.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на законски и подзаконски акти од областа на социјална заштита: 6

Програма 4 - Детска заштита. Оваа програма се однесува на унапредување на системот за заштита на децата, креирање на политики, организацијата и начинот на обезбедувањето на заштитата на децата согласно со Законот за заштитата на децата и подзаконските акти. Заштитата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските народителите за планирање на семејството и на државата и единиците на локалната самоуправа за водење на хумана популациона политика. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат според нивните материјални можности за давање на соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установите и службите за заштита на децата преку обезбедување на : определени права за заштита на децата ( детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за второ, трето и четврто новородено дете и партиципација); облици за заштита на децата (згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст, одмор и рекреација на деца ) и други облици на заштита на децата.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на извршени контроли во детски градинки: 20

Програма 5 - Управа за прашања на борците и воените инвалиди. Оваа програма ги опфаќа активностите на Управата за прашања на борците и воените инвалиди, орган во состав на Министерството за труд и социјална политика, усмерени кон обезбедување и остварување на правата на борците, воените инвалиди, на припадниците на безбедносните сили на РМ, на членовите на нивните семејства и на семејствата нападнатите борци, уредени со посебни прописи од областа на боречко инвалидската заштита. За остварување на правата на борците, воените инвалиди, припадниците на безбедносните сили, членовите на нивните семејства и членовите на семејставата на паднатите борци, во прв степен решава Управата, а во втор степен Министерството, во постапката учествуваат и лекарски комисии кои даваат наод и мислење за степенот на оштетувањата на организмот на барателот, за остварување на соодветните права уредени со прописите.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на корисници на боречка и воена инвалиднина: 6.343

Програма 6 - Државен инспекторат. Во рамките на оваа програма се опфатени активностите на Државниот инспекторат надлежен за инспекциски надзор над примената на законската регулатива за работните односи и инспекциски надзор за подобрување на условите за работа преку заштита на работниците при работа, примената на колективните договори и други акти со кои се уредуваат правата и обврските на работниците и работодавачите.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на извршени инспекции на деловни субјекти: 30.000

<u>Програма 7 – Совет за мирно решавање на спорови</u>. Собранието на Република Македонија во јули 2007 година го усвои Законот за мирно решавање на работните спорови („Службен весник на РМ“ бр.87/07). Советот врши стручни работи кои се однесуваат на мирното решавање на колективните и одделни индивидуални работни спорови, изборот на помирувачи и арбитри и нивно стручно усовршување, водење на именик на помирувачи и арбитри, одлучување за изземање на помирувачите и арбитрите и евиденција за постапките за мирно решавање на работните спорови.

<u>Програма 8 – Еднакви можности</u>. Оваа програма овозможува вршење на работи и работни задачи кои се однесуваат на унапредување на статусот на жените и воспоставување на еднакви можности на жените и мажите, стандардите и принципите на меѓународните конвенции и документи кои Република Македонија ги ратификувала или потпишала, а се однесуваат на еднаквите можности и на заштита од дескриминација ( пол, етничка, старосна, сексуална ориентација, лица со посебни потреби како и двојната дискриминација на индивидуите поради нееднаков третман во сферата на трудот, социјалната заштита и социјалното осигурување); координирање на сите активности од областа на родовата рамноправност, правна заштита на дискриминирани лица врз основа на пол и соработка со сите надлежни институции од оваа област.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на спроведени обуки согласно Акциониот план за родова рамноправност:21

## 15010 ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.331.865 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Заштитата на правата на децата е организирана дејност заснована на правата на децата, како и на правата и обврските на родителите и на државата за планирање на семејството, обезбедување услови и животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата и обврските на државата во создавањето услови за водење на хумана популациона политика, давање соодветна материјална помош на родителите според можностите на државата за издржување, подигање, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата. Дејноста е од јавен интерес и обезбедува определени права (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за второ, трето и четврто новородено дете и партиципација) и облици за заштита на децата (згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, одмор и рекреација на деца и други облици за заштита на децата).

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во 51 општинска јавна установа за деца- детски градинки опфатени се вкупно 21.155 деца, од кои 20.122 деца до 6 годишна возраст, што претставува зголемување на опфатот на деца за 29,5% во однос на 2007 година, 1.033 деца се опфатени со други форми- програми и тоа за 94% повеќе во однос на 2007 година. Во текот на годината се вршеше навремено трансферирање на

наменските дотации за тековно одржување на детските градинки, и непречено трансферирање на блок дотации за градинките лоцирани во оние општини кои ги исполниле условите за втората фаза на децентрализација. Во рамките на материјалните можности преземени се активности за создавање услови за нормално функционирање на јавните установи за деца, детски градинки преку тековно и инвестиционо одржување на истите. Во состав на детските градинки формирани се четири групи во други просторни услови и тоа во општина Битола, три групи (с.Кравари, с.Бистрица и с.Кукуречани) и една група во општина Зелениково. Изготвени се Нацрт-стандарди за рано учење и развој на децата, спроведен е стручен надзор врз исхраната на децата во детските градинки, оддржани се едукативни семинари за кадар кој учествува во подготвување на храната на децата. Во текот на 2008 година организирани се повеќе програмски активности за зимување, летување, настава во природа, разни ескурзии, семинари и др.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Основен приоритет во дејноста на детска заштита е навремена исплата на правата по основ на детски додатоци и продолжување на процесот за децентрализација според утврдените мерки и политики, со цел навремено обезбедување на средствата за функционирање на општински јавни установи. Во рамките на планираните средства за капиталните инвестиции неопходна е санација и реконструкција на детските градинки во рамките на расположивите средства, финализирање на изградбата на објектот за згрижување и воспитание на деца во населба Даме Груев, Општина Ѓорче Петров со капацитет за 150 деца, замена на застарената опрема на јавните установи и поцелосно искористување на расположивите капацитети со промовирање на скратени програми за децата во руралните и демографско загрозени општини. Во рамките на расположливите можности ќе се врши и инклузија на деца од ромската популација на возраст од 4,5 до 6 години во 15 јавни детски градинки.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 268
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 364

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Програма 21-Дејност на детски градинки. Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст е облик на заштита на децата кој како дејност се организира во детските градинки за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитание, образование и спортско рекреативни активности, превземање на мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот и менталниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основото образование. Дејноста во општински јавни детски градинки се остварува преку организирање и спроведување на програми за: целодневен престој, полудневен престој, скратени програми, пилот програми, програми за продолжен престој и вонинституционални форми на активности со деца. Во приватните детски градинки згрижувањето и воспитанието на деца може да се остварува согласно наведените програми, за што одлучува органот на приватната детска градинка во согласност со актот за основање.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на деца згрижени во детски градинки: 22.357

Програма 22-Дејност на детските одморалишта. Одморот и рекреацијата на децата како облик на заштита на деца се организира во јавните општински

детски одморалишта и детско одморалиште на Градот Скопје, како и во приватните детски одморалишта. Дејноста на јавните детски одморалишта се обезбедува преку организирање и спроведување на програми за: зимување, летување, настава во природа и други програми, а во приватните детски одморалишта одморот и рекреацијата на деца се остварува согласно наведените програми, за што одлучува органот на приватното детско одморалиште во согласност со актот за основање.

## 15020 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 23.235.877 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Дејноста на социјална заштита претставува организирана дејност на државата за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои се изложени одредени групи на населението. Оваа дејност се остварува преку социјална превенција, вонинституционална и институционална социјална заштита и навремено и непречено исплатување на надоместоците на социјална заштита. Во рамките на оваа програма е вклучена и дејноста на 27 меѓуопштинските центри за социјална работа, дејноста на заводите за социјална дејност, прифатилишта на бездомни лица и жртви на семејно насилство, дневни центри за деца на улица, деца со пречки во развојот и корисници на дрога.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година постигнати се значајни резултати во одделни сегменти на социјалната заштита, и тоа: обезбедена е грижа за сместените бездомни лица, отворен е еден дневен центар за деца со пречки во интелектуалниот развој во општина Дебар, отворен е мал групен дом за самостојно живеење со поддршка за возрасни лица со пречки во интелектуалниот развој над 18 години во општина Неготино, отворен е центар за деца на улица во општина Гази Баба, отворени се Народни кујни во општините Гази Баба, Кавадарци, Кичево и Пробиштип. Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, во функција на обезбедување на имплементацијата на Стратегијата за демографски развој на Република Македонија 2008-2015 година, заради зголемување на наталитетот на Република Македонија во општините со стапка на природен прираст на населението под 2,1 промили. Во текот на 2008 година постигнато е намалување на бројот на корисниците на социјална парична помош и одржан е приближно ист број на корисници на постојана парична помош, еднократна парична помош и паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Имплементацијата на НАП од Стратегијата за Ромите во Република Македонија и Декадата на Ромите 2005-2015 даде резултати во намалување на разликите во пристапот до образованието на ромите, зголемен е бројот на ромските ученици во образовниот процес и намалување на бројот на невработените Роми.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Основна цел во областа на социјалната заштита во 2009 година е обезбедување на одржлив систем на социјална заштита и подобрување на системот на таргетирање на социјалната помош односно обезбедување на социјална помош за најранливите категории на населението. Со цел подигање на статусот на социјално загрозеното население приоритетно е нивно активно ангажирање на пазарот на трудот преку организирање на јавни работи. За остварување на овие цели планирано е усогласување на законската регулатива

со регулативата на ЕУ, продолжување на деинституционализацијата на социјалните установи преку развивање на разни форми на згрижување и навремениo исплатување на социјалните надоместоци.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 946
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 694

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Програма 2-Вонинституционална социјална заштита која се однесува на активностите на Центрите за социјална заштита (27), Заводи за социјална заштита (3), Прифатилишта за бездомни лица и жртви на семејно насилство, Дневни центри за деца на улица, корисници на дрога, и деца со пречки во развојот, со цел реализирање на правата утврдени со Законот за социјална заштита, Законот за семејство и др законски акти, давање на стручна помош прифаќање и краткотрајно згрижување на одредени категории на лица и соработка со невладиниот сектор.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на лица сместени во дневни центри: 1070

Програма 3-Институционална социјална заштита Оваа програма ги опфаќа активностите врзани со згрижување на лицата со социјален ризик во социјални установи за згрижување на лица со пречки во развојот, деца со воспитно социјални проблеми, деца без родители, домови за стари лица и др.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на лица сместени во социјални установи: 700

Програма 4-Надоместоци и права во социјалната област. Оваа програма ги опфаќат паричните примања согласно Законот за социјална заштита и тоа: социјална парична помош за лица кои се способни за работа, но се социјално необезбедени (околу 58,000 домаќинства), постојана парична помош, која ја користат лица неспособни за работа и социјално необезбедени (5.200 домаќинства), помош и нега од друго лице која ја користат лица неспособни за извршување на на основните животни потреби, еднократна парична помош која се доделува на семејства кои се нашле во состојба на социјален ризик, надоместоци за цивилни инвалиди, помош за деца без родители, надоместоци на права по основ на детска заштита (детски додаток, посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, родителски додаток за второ, трето и четврто новородено дете и партиципација), надоместоци за борци и воени инвалиди, и помош на внатрешно раселени лица. Оваа програма ги опфаќа и трансферите до социјалните фондови: Фонд за ПИОМ и Агенција за вработување, со цел за навремена исплата на пензии, надоместоци на невработени и покривање на дефицит по основ на пензиски реформа. Во рамките на оваа програма се реализираат и активност сврзани со имплементација на Оперативните акциони планови од Декадата на Ромите и функционирање на постојнитена ромски информативни центри и отварање на нови центри на териториајата на РМ.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на корисници на разни права по основ на социјални надоместоци: 95.000

Програма 5- Транзициони трошоци по основ на пензиска реформа. Во оваа програма се предвидени средства за покривање на транзиционите трошоци, како ефект од имплементацијата на пензиската реформа. Со задолжителното

вклучување на новите и доброволното вклучување на постојните пензиски осигуреници и со пренесувањето на 7% од вкупниот придонес на пензиското осигурување на сметките на членовите на приватните пензиски фондови, недостигот на средства за финансирање на потребите на државниот Фонд за ПИОМ, се покрива со трансфер од Буџетот.

## 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 20.887.814 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за образование и наука ги врши работите што се однесуваат на: воспитанието и образованието од сите видови и степени, образованието на возрасните, организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката, воспитанието и образованието на децата со посебни потреби и децата на нашите работници на привремена работа и престој во странство, верификација на струките и профилите во образованието, ученичкиот и студентскиот стандард, технолошкиот развој информатиката и техничката култура, информацискиот систем, меѓународната научно техничка соработка, надзорот од негова надлежност и врши други работи утврдени со закон.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Министерството за образование и наука во текот на изминатата година спроведе бројни активности со цел исполнување на основните критериуми за поквалитетно образование во Република Македонија со донесување на нови закони и измени на постојните во сите дејности на образованието како што се Закон за основното образование, Закон за учебници за основно и средно образование, Закон за високо образование, Закон за научно-истражувачка работа, Закон за образование на возрасните, Закон за високообразовни установи на верските заедници, Закон за основање на Универзитет за информатички технологии во Скопје, Закон за образование на возрасни, Закон за потикнување и помагање на технолошкио развој и нивно имплементирање во целост. Остварувањата во изминатата година беа насочени и кон воведување на задолжителното средно образование, изградба и реконструкција на основни и средни училишта, ученички и студентски домови, имплементација на проектот Компјутер за секое дете, обезбедување на бесплатни учебници за децата од социјално загрозените семејства, воведување и спроведување на државната матура, санација на санитарните јазли во училиштата на целата територија на Република Македонија, воведување на кредит трансфер систем во високото образование, унапредување на дејноста на високото образование, научно-истражувачката дејност и успешно спроведување на процесот на фискалната децентрализација.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Активностите на Министерството за образование и наука во текот на оваа година ќе бидат насочени кон натамошна децентрализација на образованието, воведување на ефикасен систем за следење на користењето на наменската и блок дотација за образование во општините, натамошно спроведување на модернизација на образовниот процес, воведување на екстерна евалуација во образованието преку национални оценувања во основното и средното образование, спроведување на државната матура во средното образование како и на задолжително средно

образование,понатамошна имплементација на Болоњската спогодба, реализирање на Програмата за инвестиции, односно завршување на доградбата на започнатите училишни објекти од претходните години од основното и средното образование, како и отпочнување на изградбата на нови училишни објекти согласно потребите и реконструкција на постојните ученички и студентски домови во насока на обезбедување на услови за реализација на задолжителното средно образование, имплементација на проектот за изградба на училишни фискултурни сали во основните и средните училишта. Во текот на годината се планира и комплетна реализација на проектот Компјутер за секое дете, реализација на законските обврски по однос на одрдбите од Закон за учебници за основно и средно образование како и реализација на Проектот за инклузија наменет за децата со посебни потреби.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 8.927
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 923

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Министерството за образование и наука ќе се реализира преку следниве програми:

<u>Програма 1 - Администрација</u>. Оваа програма претставува административна и логистичка поддршка на активностите во одделните дејности на образованието и науката. Основна цел е обезбедување услови за успешно извршување на дејностите од образованието и науката, согласно со постојните закони и подзаконски прописи. Во рамките на оваа програма ке се преземат и активности за реализација на медиумска кампања за бројните реформи во дејноста на образованието.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на вработени што посетуваат обука финансирана од донации: 80

<u>Програма 2 - Основно образование</u>. Основното образование се остварува согласно Законот за основното образование и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот и ја опфаќа дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем. Се остварува во 330 училишта за редовно основно образование, четири основни училишта за образование на деца со посебни потреби, шест заводи за згрижување, воспитание и образование на деца и младинци со посебни потреби, 14 училишта за паралелно музичко-балетско образование и едно основно училиште за дооформување на основното образование на возрасните, со над 1100 објекти. Во текот на годината ќе се продолжи со активностите за успешна реализација на втората фаза на фискалната децентрализација на образованието преку финансирање со блок дотации за тие општини кои ги исполнуваат условите за премин во втора фаза, продолжување со реализација на Проектот Компјутер за секое дете, постигнување на целосен опфат на генерацијата од 6-14 години, подобрување на квалитетот на образовниот процес преку стандардизирани тестови за оценување на наставниците како и обезбедување на бесплатни учебници за сите ученици во дејноста на основното образование.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на ученици во основното образование: 223.824

<u>Програма 3 - Средно образование</u>. Активностите на оваа програма се реализираат согласно со Законот за средното образование со кој се уредува

организацијата, функционирањето и управувањето во средното образование, како дел од системот на воспитанието и образованието. Дејноста се остварува преку планови и програми за средно образование во 93 јавни (од кои 10 државни) и шест приватни средни училишта. Во 2009 година, целите ќе бидат насочени кон реализација на втората фаза од процесот на фискалнта децентрализација, воведување и реализација на задолжителното средно образование, реализација на започнатите реформи во гимназиското и стручното образование, отпочнување со работа на Центарот за образование на возрасни, продолжување на спроведување на државната матура во средните училишта, обезбедување на бесплатни учебници за сите ученици од оваа дејност.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на ученици во средното образование: 93.918

Програма 4 - Високо образование. Оваа програма ги опфаќа активностите кои согласно со Законот за високото образование се уредуваат условите и постапките за основање, финансирање и престанок на високо образовните установи и се утврдуваат условите за организација, управување, развој и за вршење на високообразовна дејност. Дејноста се остварува преку пет државни универзитети:"Св. Кирил и Методиј" во Скопје, "Св. Климент Охридски" во Битола, Државниот универзитет во Тетово, Универзитет "Гоце Делчев" во Штип и Универзитет за информатички технологии во Скопје. Основни цели на оваа програма се обезбедување услови за редовна и квалитетна настава на високообразовните институции, соработка со странски реномирани професори како и реализација на обврските од Болоњската декларација чиј што потписник е и Република Македонија, продолжување со имплементацијата на европскиот кредит трансфер систем и формирање на т.н. единствен европски простор во високообразовната дејност.
Во текот на 2009 година ќе се продолжи со реформите во дејноста на високото образование со цел создавање на услови за поголема достапност на високото образование на сите граѓани во државата со новоформираниот универзитет и факултети во рамките на постојните универзитети во повеќе градови на територијата на Република Македонија и подршка на дејноста во јавно приватни непрофитни високообразовни установи.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на студенти во високото образование: 23.378

Програма 5 - Ученички стандард. Ученичкиот стандард е организирана дејност преку која се овозможуваат и остваруваат материјални и други услови за образование на учениците. Оваа програма ги опфаќа активностите за обезбедување на сместување, исхрана, грижа за здравјето, стипендии, како и задоволување на работните, културните, воспитно-образовните, информативните, спортско-рекреативните и другите заеднички потреби на учениците. Цел на оваа програма е унапредување и подобрување на ученичкиот стандард во државата.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на ученици сместени во ученички домови: 1.850

Програма 6 - Студентски стандард. Студентскиот стандард е организирана дејност преку која се овозможуваат и остваруваат материјални и други услови за образование на студентите. Оваа програма ги опфаќа активностите за обезбедување на сместување, исхрана, здравствена заштита, стипендии и кредити, како и задоволување на работните, културните, воспитно-образовните,

информативните, спортско-рекреативните и другите заеднички потреби на студентите. Основна цел на оваа програма е унапредување и подобрување на студентскиот стандард преку реализација на проекти за реконструкција на студентските домови како и започнување со изградба на нов студентски дом.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на студенти сместени во студентски домови: 5.500

Програма 7 - Наука. Научно-истражувачката дејност се остварува согласно Законот за научно-истражувачка дејност и Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој и истата се реализира преку национални меѓународни проекти, издавачка дејност, стипендии за студенти и постдипломски студии, организирање на научни собири во Република Македонија, учество на научни собири во странство, престој на странски научни работници како и потикнување на технолошкиот развој.
Науката ги опфаќа активностите во врска со: системот, начелата, јавниот интерес, облиците на организирањето и управувањето во научно-истражувачката дејност, начините на поттикнувањето и помагањето на развојот на научно-истражувачката дејност, научно-истражувачките кадри и други прашања од интерес за научно-истражувачката дејност. Научно-истражувачката дејност опфаќа научни истражувања, оспособување и усовршување на кадри за научно-истражувачка работа и научно-истражувачка инфраструктура. Основни цели на оваа програма се: развој и зголемување на конкурентноста и ефикасноста во научно-истражувачката дејност во функција на активирање на постојните и стимулирање на нови производни процеси и програми, заради создавање услови за подобрување на економската состојба во државата и мотивирање на создавање на научно-истражувачки кадар преку изнаоѓање на дополнителни извори за финансирање на стипендиите за студентите на постдипломските студии. Научните институти, како јавни научни установи основани од Републиката заради вршење на научно-истражувачка дејност од јавен интерес, вршат систематски организирана творечка активност чии резултати содржат во себе изворност или новина насочена кон проширување на вкупните знаења и унапредување на науката. Цел на оваа програма е развој на научно-истражувачката дејност од јавен интерес преку усогласување на правната рамка на оваа област со истата на Европската Унија.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на финансирани научно истражувачки проекти: 250

## 16002 БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 271.385 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото врши стручни работи од значење за развојот и унапредувањето на воспитанието и образованието во Република Македонија и ги извршува следните надлежности: изготвување на концепции за промени на предучилишното, основното и средното воспитание и образование во Република Македонија; изработува наставни планови и програми и други стручни документи за воспитно-образовната дејност, на установите за предучилишното, основното, средното образование и воспитание, специјалистичкото образование, ученичките домови, образованието на учениците со посебни потреби; стручно и педагошко усовршување на раководниот и воспитно-образовниот кадар на установите и следење и вреднување на резултатите од воспитно-образовната работа на училиштата;

проучување и истражување во областа на образованието на одделни воспитно-образовни проблеми; подготовка и издавање на дидактичко-методска и друга педагошка прирачна литература; врши советодавна стручна работа (стручен надзор) во воспитно-образовните установи поврзани со унапредување на квалитетот на воспитно-образовната дејност; изработува образовни стандарди, стандарди на постигањата на учениците и спроведува активности за вреднување на постигањата на учениците и имплементација на концепцијата за матура и за завршен испит во средното образование; врши вреднување на квалитетот на учебниците, има издавачка дејност (издавање на педагошка документација и евиденција за основното и средното образование, издавање на прирачници и друга прирачна литература за воспитувачите, наставниците и стручните соработници за предучилишното, основното и средното образование).

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година во Бирото за развој на образованието изработени се наставни планови и програми за деветгодишно основно образование по сите наставни предмети според наставниот план ( од IV до IX одделение - 136 програми); спорведена е обука на наставниците од I одделение за описно оценување (извршена е обука на околу 3.000 наставници); спроведена е обука за наставниціте за примена на новите наставни програми од I-III одделение и за наставните програми во VI одделение (обучени се повеќе од 10.000 наставници); реализирани се семинари за наставата по англиски јазик за наставниците кои ја реализираат наставата во I, II и III одделение; подготвени се прирачници за наставниците кои изведуваат настава во II и III одделение (на македонски, албански, турски и српски јазик) како и прирачници за наставата по изборните предмети во VI одделение; изготвени се постери за секоја училница во која се реализира настава во II и III одделение; издадена е брошура за учениците кои се вклучуваат во деветгодишното основно образование (на македонски, албански, турски и српски јазик во тираж од 26.000 примероци); подготвени се нови наставни програми за I одделени за учениците со посебни образовни потреби, како и нови наставни програми за основно и средно музичко училиште; изработени се нови наставни програми за општообразовните програми во средното стручно образование; успешно реализација на државната матура со која беа опфатени 17.800 ученици од средните училишта.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во текот на 2009 година ќе отпочнат реформи во средното образование. Во надлежност на Бирото за развој на образование е подготвката на наставните програми за гимназиското, уметничкото образование како и на општобразовните предмети во средното стручно образование. Ќе се изработат повеќе од 100 наставни програми. Исто така, Бирото ќе реализира обука на наставниците за примена на новите наставни програми во средното образование. Со обуките ќе бидат опфатени 2000 наставници. За деветгодишното основно образование ќе се изготви концепција за воннаставните активности и ќе бидат изработени нови програми за реализација на слободните ученички активности, продолжениот престој на учениците, прифаќањето и заштита на учениците пред и по наставата. Во текот на 2009 ќе се интезивира советодавната и стручна работа за имплементирање за концептот на деветгодишното основно образование и поддршка на реформите во средното образование со посети на училиштата, стручни средби со активите на наставниците, училишните педагози и психолози и директорите на училиштата.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 158
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.630

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Бирото за развој на образованието ќе се реализира преку следниве програми:

Програма 1 - Администрација. Преставува административна и логистичка подршка на активностите во надлежност на Бирото. Спроведува постапки за јавни набавки согласно со Законот за Бирото за развој на образованието и Законот за јавните набавки. Ги извршува надлеженостите за унапредување и развој на предучилишното, основното и средното образование.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на објавени и спроведени јавни набавки: 10

Програма 2 - Развој и подготовка на наставни програми. Бирото ќе подготви дидактички материјали за наставата во основното и средното образование (прирачници за наставниците во IV одделение по сите наставни предмети, постери за училниците во кои се реазлизра наставата, упатстава за реалзиација на наставата во средното образование, а особено за планирањето на наставата). Согласно Законот за средно образование и Законот за основно образование во надлежност на Бирото е да изготви стандарди за оценување на на учениците во наставата согласно наставните програми, анализа на средното образование во нашата држава и развиените земји на европската унија-гимназиско образование, средно стручно образование, програми со тригодишно траење, средно стручно образование програми со четиригодишно трање, компјутерска обработка внесување и обработка на податоци, печатање и превод на анализата, изработка на програми за вреднување на квалитетот на учебниците, детските списанија и дополнителната литература во оновното образование.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на изготвени нови наставни програми: 154

Програма 3 - Подготовка и реализација на државна матура. Со реализацијата на активностите од оваа програма се планира изведување на државна матура од првата фаза на реализација на концепцијата за матура и завршен испит (мајчин јазик како задолжителен предмет и математика или странски јазик како изборен предмет) и подготовка на испитен материјал за истата, подготовка на тестови на испитите од државната матура и нивно оценување и спроведување на испитите во средните училишта како и навремено известување за постигнатите резултати. Цели на буџетската програма е подобрување на квалитетот на образованието, воспоставување стандарди за оценување на постигањата на учениците и наставниците; реализација на првата фаза од Концепцијата за матура и завршен испит т.е спроведување на екстерно тестирање на задолжителниот предмет мајчин јазик (македонски јазик или албански јазик или турски јазик) и изборниот дел математика или странски јазик (англиски или француски или германски или руски јазик); спроведување на главното тестирање за Национално оценување на постигањата на учениците во одделенска настава по преметот мајчин јазик (македонски јазик и албански јазик). Изготвување на стандардизирани тестови за оценување на постигањата на учениците од основното и средното образование.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на изготвени тестови: 40.000

Програма 4 - Развој и подготовка на наставни програми за средно стручно образование и постсредно образование. Во рамките на оваа програма се врши изготвување на нови наставни програми за стручно образование, обука на наставен кадар од стручното образование, изготвување на концепција за средно образование, изготвување на концепција за постсредното образование и професионален развој на советници и наставници од средното образование и изготвување на концепција за задолжително средно образование. Во текот на 2009 година основна цел е изготвување на концепција за средно стручно образование, продолжување со реформите во средното стручно образование; изготвување на нови наставни програми за четиригодишно стредно стручно образование и тригодишно стручно образование; организирање обуки на наставниот кадар од стручното образование за новите наставни програми; евалуација на правилноста во примената на новите наставни програми; нова концепција за средно стручно образование, продолжување со реформите во средното стручно образование; изготвување на нови наставни програми за четиригодишно средно стручно образование и тригодишно стручно образование; организирање обуки на наставниот кадар од стручното образование за новите наставни програми.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на изготвените нови наставни програми за средното стручно образование и постсредно образование: 280

## 16003 НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 93.254 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, како самостојна јавна институција има значајна улога во процесот на европската интеграција на Република Македонија. Основна цел е децентрализирано менаџирање и користење на фондовите на ЕУ за Програмата Доживотно учење и Програмата Млади во акција. Градењето на институционален капацитетот, односно доекипирање на институцијата и целосно етаблирање на Националната агенција, добивање на акредитација од ЕУ, е еден од приоритетите кој беше посочен од ЕК во делот 3.26 за образование и култура. Мисијата на Националната агенција е да обезбеди зголемена размена, соработка и мобилност во областа на образованието, обука меѓу младите, вклучувајќи ги и оние со посебни потреби. За таа цел, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ќе ги имплементира неопходните мерки и нормативи за децентрализиран менаџмент на Програмата за доживотно учење и Програмата млади во акција.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Согласно Годишната програма за работа за 2008 година, во периодот јануари-јуни Националната агенција реализираше активности за јакнење на институционалните, инфраструктурни и човечки капацитети и промоција на европските образовни програми; одржана е иницијална конференција пред околу 150 учесници при што беше промовирана Националната агенција, нејзините надлежности, сегашни и идни активности; формирање на мрежа на

промотори на агенцијата која брои четири лица распоредени во државните универзитети; реализирани се обуки за вработените за раководење со проектен циклус со посебен акцент на ЕУ проектите. Главни корисници на програмите се: Комениус-основните и средните училишта; Леонардо да Винчи-средните стручни училишта; Еразмус-универзитетите. Во текот на 2008 година избрани се четири училишта за почетно учество во е-Твининг проектите. На преставниците на избраните училишта напревени се презентации за е-Твининг проектната рамка, при што од страна на училиштата беше искажана спремност за учество и во проектите на потпрограмата Комениус.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во текот на наредната година дејноста на Националната агенција ќе биде насочена кон: спроведување на обуки за крајни корисници во рамките на акциите на Програмата за доживотно учење и Програмата млади во акција: обуки на наставен кадар од основните и средните училишта за користење на грантови и аплицирање во рамките на Комениус проектите; обуки и реализација на подготвителни посети за наставници од основните и средните училишта за аплицирање за грантови и реализација на професионален развој во рамките на Комениус; обуки за училиштата за спроведување на проектите во рамките во е-Твининг; обуки и работилници за наставниот кадар од основните и средните училишта за користење на ИКТ алатки во рамките на е-Твининг; обуки на младите за користење на грантовите на програмата Млади во акција како и обуки за вработените на Националната агенција и нејзини соработници. Организација на јавни настани, медиумски кампањи и промоции; спроведување на пилот проекти во рамките на Програмата за доживотно учење и програмата Млади во акција; спроведување на проекти во областа на културата, истражувањето и технолошкиот развој.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 10
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари) 2.891

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ќе се реализира преку следниве програми:

Програма 2 – Европски образовни програми и мобилност. Приоритетите и целите на Националната агенција, произлегуваат од општите цели на Програмата за Доживотно учење во периодот од 2007-2013 година, програмата Млади во акција во перодот 2007-2013 година, како и други програми, проекти или акции поставени од страна на Европската Комисија во полето на образование, наука и мобилност. Националната агенција ќе остварува вмрежување и соработка со меѓународни национални институции од полето на образование и обука кои што се директно или индиректно поврзани со програмите на заедницата; техничка и професионална имплементација на размена на студенти, како и универзитетски професори; спроведување на работни цели и техничка подршка при имплементација на мерки и активности од европската структуирана помош, вклучувајќи ги иницијативите на Европската Заедница од областа на образование, обука, работа со млади, спорт и наука. Подготовка и издавање на промотивни публикации и друг вид на информативен материјал; организирање и одржување на конференции, семинари, работилници и други видови на состаноци; изготвување на анализи и експертизи од соодветните програмски области.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на лица кои ги поминале обуките за користење на фондовите на ЕК од програмите Доживотно учење и Млади во акција: 1.500

## 16101 АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 637.100 илјади денари**

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Агенцијата за млади и спорт врши следење на спортските и спортско-рекреативните активности, развој на масовниот и врвниот спорт, води грижа за статусот на младите, ги помага различните облици на организирање на младите, врши работи што се однесуваат на грижата за психофизичкиот развој на младите и нивна заштита од болести на зависности, проституција, криминал и други социопатолошки појави. Со Стратешкиот план, Националната стратегија за млади и Акциониот план утврдени се приоритетите на Агенцијата за млади и спорт во доменот на реализација на капитални инвестиции во спортска инфраструктура во периодот 2009-2012 година.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Агенцијата за млади и спорт во текот на 2008 година се насочи кон зголемување на опфатот на деца и млади со национален систем на натпревари, надградба на децентрализација во спортот, поддршка на поединци, екипи, репрезентации на националните спортски федерации припреми, обукинатпревари на спортистите- кандидати кои учествуваа во разни спортски дисциплини и ја претставуваа Република Македонија на Олимпијадата, Параолимпијадата и други меѓународни спортски настани. Спроведе кампања за потикнување на имплементацијата за Националната Стратегија за млади и изврши нејзино промовирање; отпочна со процесот на имплементација на Националната Стратегија за млади преку организирање Кампања за утврдување приоритетни акции; промовира младинските иницијативи и интереси во Република Македонија на Форумите, организираше состаноци и други форми на организирање со Советот на Европа, Централно-Европската иницијатива, УНЕСКО и други меѓународни институции кои се занимаваат со младински прашања.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Основните приоритети на Агенцијата за млади и спорт за 2009 година се насочени кон зголемување на опфат на деца, млади и граѓани со национален систем на натпревари, надградба на процесот на децентрализација во спортот, остварување на врвни спортски резултати на поединци, екипи и репрезентации на националните спортски федерации. Со реализација на капиталните инвестиции во спортски објекти, Проектот за финансиска поддршка на 500 талентирани спортистикои се стекнале со категорија-спортска надеж и спортисти кои стекнале национално спортско признание ќе се имплементира Националната стратегија за млади на Република Македонија според приоритетите утврдени во Акциониот план за 2009 година.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 28
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.037

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Програма 2 - Спорт. Програмата ги опфака активностите за партиципација во програмите од јавен интерес на државата, во кои како приоритети и обврска се поттикнување на спортските активности на децата и младите, организирање и спроведување на спортски тренинг и натпревари, поттикнување и реализација на програмите на националните спортски федерации, изградба и одржување на информатичка спортска мрежа, помагање на издавачката дејност во спортот, оганизирање стручна и научна работа во спортот. Главни приоритети на оваа програма за 2009 година се: зголемување на опфатот на деца, млади и граѓани со националниот систем на спортски натпревари, подигање на квалитетот на националните спортски натпревари, спроведување на Конвенцијата за насилството во спортот, Конвенциите за анти-допинг во сите спортови. Во рамки на програмата е дефинирана Буџетска подпрограма 2А-Спортски објеки со која е определено во периодот 2009-2012 година да бидат реализирани следните проекти: изградба на 35 спортски сали, 50 фудбалски игралишта, 100 тениски терени, олимписки базени, Вештачка карпа, Сала за зимски спортови и Спортско стрелиште. Во претходниот период постигнати се одредени резултати изградени се дел од спортските објекти од проектите 35 спортски сали и 50 фудбалски игралишта, во 2009 година ке продолжи нивната реализација како и останатите проекти.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Опфат на граѓани со активности во дејноста спорт: 5%

Програма 3 - Млади. Оваа програма води грижа за психофизички развој на младите и промоција на здрави животни стилови, нивната заштита од болести на зависност, развој на механизми за реализација на превентивна грижа, реализација на програми за интегрирање на младите со посебни потреби во општествениот живот, социјална интеграција, квалитетот на живеење на младите како и афирмација на младинската политика и развој на младински структури. Главна задача на оваа програма е имплементација на Националната стратегија за млади преку имплементација на Акциониот план за 2009 година кој опфаќа: подготовка на локални младински стратегии, младинско вработување, промовирање и застапување на младинските иницијативи и интереси во Република Македонија, Советот на Европа, Централно-Европската Иницијатива, УНЕСЦО и други меѓународни институции кои се занимаваат со младински прашања.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на млади луѓе вклучени во програмите за претприемништво и бизнис: 10.000

Програма 4 - Меѓународен програм. Оваа буџетска програма партиципира во програмите од јавен интерес на државата, во кои како приоритети и обврска се утврдени програмите на 46 спортски федерации, кои учествуваат во меѓународниот систем на натпревари организиран од меѓународните спортски асоцијации, за сите возрасни категории, програмите со кои се остварува учество на европските и светски првенства во младинска и сениорска категорија, во машка и женска конкуренција; се подржуваат програмите на лица со инвалидитет кои учествуваат на меѓународни натпревари организирани од надлежните меѓународни асоцијации, програми со кои се организираат меѓународни натпревари (балкански, светски и европски првенства во нашата земја). Со оваа програма се дава подршка и партиципација во организација на традиционалните меѓународни спортски манифестации, турнири, натпревари организирани во Република Македонија, Со оваа програма се подржува меѓународната соработка на билатерална и мултилатерална основа, соработка

со Советот на Европа и други меѓународни институции во областа на спортот. Едни од најзначајните приоритети за 2009 година се: остварување на врвни спортски резултати на меѓународни манифестации, редовно исплаќање на надоместокот на спортистите кои оствариле право на паричен надоместок, спроведување на здравствена заштита и анти-допинг контрола на врвните спортисти, успешен настап на спортските игри на младите од Југоисточна Европа, евидентирање на потенцијалните кандидати за учество на Олимписките игри во Лондон 2012 година, одржување и обезбедување услови за организирање на традиционални или мегународни спортски натпревари и друго.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Учество на спортисти од Република Македонија на меѓународните спортски натпревари: 1.000

## 17001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.756.430 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за информатичко општество ги врши работите што се однесуваат на дефинирање на механизми за обезбедување и раководење со средства за финансирање на развојот на информатичкото општество; евиденција, координација и следење на имплементацијата на прифатените проекти за развој на информатичкото општество во Република Македонија; координација и препораки за имплементација на информационите системи во државната управа на Република Македонија; креирањето и водењето на евиденција на расположливиот хардвер, софтвер, телекомуникациона опрема и друга информатичка опрема и лиценци во рамките на државната управа; креирањето и водењето на централна база на знаење достапна на секторите за информатика на државната управа; давање на препораки, насоки и други стратешки и оперативни документи на централно ниво; предлози за склучување на договори со стратешки партнери; давање насоки за оперативна прогарама и архивирање на податоци и информации; координирање на активностите кои се извршуваат од страна на секторите за информатиката во органите на државната управа; координирање, управување и развој на интегрирана и безбедна информатичка мрежа за потребите на државната и јавната администрација; планирање, спроведување и развој на електро-комуникациска мрежа за поврзување на сите јавни институции; грижа за подготвување и подигање на јавната свест и едукација за значењето на развојот на информатичкото општестов и за користењето на придобивките; изработка на едукативни и промотивни материјали за користење на електронски услуги; следење, иницирање и воведување на меѓународни стандарди во органите на државната управа на полето на информатиката и телекомуникациите, безбедносни аспекти и развојот на инфраструктурата; воспоставување, развој и користење на државни и локални регистри и бази на податоци и нивно меѓусебно поврзување и размена на информации на безбедносен начин; развој на информатичката и телекомуникациската инфраструктура и технологија на органите на државна управа; изработка, координација и следење на реализацијата на плановите за континуирана едукација и усовршување на кадрите во секторите за информатика; создавање и континуиран развој на образовен и научно истражувачки систем; следење, евидентирање и оствраување на техничка и технолошка меѓународна соработка; упатување на стручни усовршување во странство и користење на услугите на странски експерти; стипендирање, специјализација и практично образование врз основа на договори и врши и други работи утврени со овој и друг закон.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени:1
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 294.930

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во функција на поддршка на приоритетите и целите на Министерството за информатичко општество ќе бидат креирани четири до пет хоризонтални програми. Пред да се пристапи кон креирањето на програмите ќе се анализира сосотојбата во ИТ област, влијанието на надворешното опкружување и SWOT анализа. Како следен чекор ќе се анализираат можните инпути на Министерството за информатичко општество во поддршката на приоритетите и целите на Владата на Република Македонија, догорочните развојни документи на ниво на државата, особено обврските содржани во Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и потербата од донесување и спроведување на стратегии од обласста на Информатичката технологија.

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Министерството за информатичко општество ќе се реализира преку следнава буџетска програма:

<u>Програма 2 – Информатичко општество.</u> Оваа буџетска програма го опфаќа: обезбезбедување и раководење со развојот на информатичко општество; евиденција, координација и следење на имплементацијата на прифатените проекти за развој на информатичко општество во Република Македонија; координација и препораки за имплементација на информационите системи во државната управа на Република Македонија.

**18001 МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 652.117 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Министерството за култура ги извршува активностите за следење, анализирање и предлагање на акти и мерки за развој и унапредување на културата; организација, финансирање, развој на мрежа на националните установи и финансирање на програми и проекти од национален интерес од областа на културата; надзорот во културата и други работи утврдени со закон.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008**

Во текот на 2008 година Министерството за култура изработи повеќе нормативни акти од својата надлежност, со едновремено продолжување со реализацијата на капиталните проекти на Министерството за култура и тоа: изградба на Стар Театар, изградба на културен дом во с.Матејче, изградба на Музеј над вода во Охрид, изградба на Универзитет на ,,Св.Климент,, кај Плаошник, Реставрација на куќата на Албанската азбука, археолошки истражувања на локалитетите Скупи, Стоби, Тетовско Кале, Виничкото Кале и Скопската тврдина Кале.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Како основни приоритети на Министерството за култура за 2009 година се: искористување на културата како ресурс за развој; заштита и (ре)креирање на културното наследство; поттикнување на современото

творештво со посебен фокус на културните потреби на младите; создавање услови за остварување и заштита на врвни културни вредности; подобрување на менаџментот во културата; афирмирање на културниот идентитет на заедниците; соработка со невладини организации; меѓународна соработка/соработка со соседите.

Нормативните активности на Министерството за култура во 2009 се насочени за следните законски проекти: Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство и Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за култура.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 168
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 829

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Министерството за култура ги поддржува следниве програми:

Програма 1 - Администрација. Оваа програма опфаќа реализација на општите активности од областа на културата, вклучувајќи ги административните активности кои се однесуваат на комплетното книговодствено и финансиско сервисирање за потребите на министерството и дејностите од областа на културата; планирање и развој; како и вршење на правни работи од областа на домашното и меѓународното право за работи поврзани со културата. Во рамките на оваа програма опфатени се проектите за изградба на Стариот театар, Скопската тврдина, Градска куќа и концертна сала.

АУТПУТ ИНДИКАТОР:
Број на тендери за капитални инвестиции: 20

Програма 2 - Управа за заштита на културното наследство. Управата за заштита на културното наследство е надлежна за вршење на управните и одредени стручни и други работи од областа на заштитата на културното наследство. Основни цели на оваа програма се: категоризација на заштитените споменици на културата; привремена заштита на незаштитени добра; воспоставување на Националниот регистар на културното наследство; воспоставување на информативниот систем за културното наследство на Република Македонија; како и дигитализација на културното наследство.

Во рамките на оваа програма опфатени се проектот за изградба на Стариот театар, Скопската тврдина, Градската куќа и концертна сала, Музеј над вод во Охрид, Универзитет на Св.Климент кај Плаошник, локалитетите Стоби и Скупи, Виничко и Тетовското кале.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на истражувања во област на музејска дејност: 70

## 18010 ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 2.942.144 илјади денари

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Финансирањето на дејности од областа на културата ги поддржува програмите на установите од областа на културата во издавачката дејност, библиотекарството, филмската дејност, музичката и сценско-уметничката дејност, заштитата на културното наследство, ликовната и галериската дејност, културно-уметничките манифестации, музејската и кинотечната дејност,

меѓународната соработка од областа на културата, поддршката на младите таленти и децентрализацијата на власта.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008**

Во текот на 2008 година во областа на издаваштвото реализирано е издавањето на значајни публикации од национален интерес, проектот 130 тома Македонска книжевност, извршена е набавка на 30 стручни и научни учебници на македонски јазик од реномирани странски автори од по 1000 примероци од секој наслов.

Програмата за библиотечна дејност реализира проекти за: збогатување на книжниот фонд, при што особено внимание е посветено на автоматизацијата на библиотечните процеси. Целосно се опремија со компјутерска и комуникациска опрема сите јавни библиотеки во источниот и западниот регион на Република Македонија. Поддржани се неколку културни активности за популаризација на книгата.

Во филмската дејност поддржан е профилот на Македонската конематографија преку организирање на "Ден на Македонски филм" во Њујорк, завршени се 9 филмови и поддржани се аматерски филмски фестивали.

Во музичко сценската дејност реализирани се: програмските содржини на националните установи со успешни гостувања на реномирани странски уметници како и домашни музички уметници, дадена поддршка на проектот-Топол културен бран во помалку развиените градски средини низ Македонија, кој имаше за цел да се направи културата подостапна до сите граѓани, а не само до оние во поголемите градови.

Преку драмската дејност реализирани 41 премиерни изданија и 5 фестивали. Како репрезентативни премиери во 2008 година се: "Мара Сад" и Дундо Мароe" на МНТ; "Супернова", "Сите лица" на Петре М. Андреевски" и "Сон на летната ноќ" на Драмски театар, "Војцек и "Хасанагиница" на Албански театар, " Женички" на Турски театар, " Далај Мама" и " Многу врева за ништо " на Народен театар од Битола и други.

Заштита на културното наследство главно се однесува на санацијата и реконструкцијата на Беговскиот конак во Тетово, конзервација на архитектурата на црквите: св.Никола, Св.Ѓорѓи Старо Нагоричане, црквата Св.Богородица с.Лешок, реставрација на Татар Синан бег џамијата во Куманово, Шарена џамија-Тетово, археолошки истражувања во Јени џамија, реставрација и конзервација на фасадите на Широк сокак во Битола, заштитни систематски археолошки ископувања на Самоиловата тврдина, археолошки истражувања на локалитетот Стибера, конзервација на локалитетот св.Преображение с.Зрзе во Пролеп и др.

Ликовната дејност се заокружи преку реализирање на изложбени активности во галериските простори, во изложбените салони на музеите, центрите и домовите на културата но и други изложбено-галериски, продажни и алтернативни изложбени простори со партиципација на автори од помладата генерација (Марјан Денков, Вук Митевски, Александфра Петрушевска и др.) и постарата генерација Жарко Јакимовски, Осман Демири, Владимир Георгиевски, Борислав Трајковски, Петре Николоски и др).

Министерството за култура во текот на 2008 година даде поддршка на следните манифестации и фестивали: Охридско лето, Меѓународен театарски фестивал, Млад отворен театар, Галичка свадба, македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" во Прилеп, Струшки вечери на поезијата, Мајски оперски вечери, Скопски џез фестивал, Интерфест Битола, Денови на албанска култура, Скопски филмски фестивал, Интернационален фестивал на филмска камера "Браќа Манаки" во Битола и итн.

Во областа на музејската дејност опфатени беа позначајни проекти за археолошките истражувања на локалитетите: Неолитска населба Тумба Маџари-Скопје, локалитетот "Татичев камен" с.Кокино-Кумановско, Градиште

кај село Таор, Вардарски рид, неолитската населба Велушка тумба кај с.Породин Битола и др; палеонтолошки истражувања во околината на Делчево, како и етнолошки истражувања во долновардарската етничка целина во областите Дојранска рамнина, Валандовска и Гевгелиска клисура.

Меѓународна соработка се реализираше со повеќе активности меѓу кои позначајни се: Манифестацијата "Македонија во чест на Свети Кирил во Рим", чествување на Св.Методиј во Елванген, СР Германија, презентација на македонското книжевно творештво на Меѓународниот саем на книгата во Болоња, учество на филмот "Јас сум од Титов Велес" на Берлинскиот филмски фестивал, учество на Биеналето на архитектурата во Венеција, реализирање на повеќе изложби, мултумедијални проекти, настапи, разни презентации во Културните центри на Република Македонија во Софија и во Њујорк и издадавање на Зборникот "Охридски пораки за мир и соживот".

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Активностите во 2009 година главно ќе бидат насочени во повеќе области, при што во областа на издавачката дејност се планира поттикнување на современото книжевно творештво, зголемување на преводната литература и книжниот фонд

Во областа на библиотекарството се планира дополнување на библиотечните фондови, заштита на националната книжна продукција-библиотечни добра, заштита на националната книжна продукција-библиотечни добра, поддршка на регионалните КОБИСС информациски центри во југозападниот и Југоисточниот регион на Република Македонија, валоризација и ревалоризација на библиотечните добра.

Во областа на филмската дејност се планира поддршка на долгометражните, краткометражните и документарните филмови,меѓу кои позначајни се: Ова не е Американски филм и Приказни од Дивиот Исток.

Во областа на музичка сценската дејност се планира зголемување на продукцијата на музичко-сценско творештво, отпочнување со работа на нови оперски установи на локално ниво, презентација на домашните уметници, промовирање на домашните уметнички кадри, инвестирање и поттикнување на изворната македонска култура, традиционалниот фолклор и негова поголема промоција.

Преку драмската дејност се планира стимулирање и развој на националната драматургија односно задолжително поставување на драмски текстови од домашни автори во професионалните театри со приоритет на нови текстови-праизведби, поддршка на квалитетни проекти и алтернативна драмска продукција (нови форми и изразни средства)

Во областа на заштитата на културното наследство се планира непосредната заштита на сите видови недвижно и движно културно наследство, дигитализација на културноти наследство, заокружување на систематските истражувања на пооделни археолошки локалитети и нивно ставање во функција на културниот туризам, конзерваторско-реставраторски работи на сакрални и профани објекти, на икони, иконостаси и друг вид црковен мебел.

Во рамките на ликовната и галериската дејност се планира отворање на постојана поставка на современи ликовни дела 1964-2009 во Музејот на современа уметност, отворање на спомен куќата на Лазар Личеновски, како и учество на Република Македонија на Венецијанското биенале.

Преку музејската дејност се планира остварување на непосредна заштита на сите видови на недвижно и движно културно наследство, вклучително и валоризацијата и ревалоризацијата на движното културно богатство и обезбедување на траен електронски запис и ефикасен пристап до документацијата за културното наследство, создавање услови за развој на културен туризам како фактор за социјалниот и економскиот развој-

презентирање на археолошките локалитети, манастири, карневалски и парадни етно презентации поврзани со празнување на обичаи, верувања и традиции.

Преку меѓународната соработка се планира пошироко претставување на македонската култура во Белгија, Украина, Чешка и во земјите кои ќе претседаваат со ЕУ, завршување на започнатите преговори за отварање на реципрочни културни центри во Истанбул и Скопје, претставување на македонската книжевност на меѓународните саеми на книгата во странство, организирање на 14-то Биенале на млади уметници од Европа и Медитеранот, кое ќе се одржи во Скопје од 3-12 септември 2009 година, под темата "Седум Порти", како и отварање на програмата Медиа 2007-2013.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 1.994
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 477

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Финансирање на дејностите од областа на култура ги поддржува следниве програми:

Програма 1 - Издавачка дејност. Издавачката дејност ја опфаќа поддршката на публикации од национален интерес кои придонесуваат за афирмација на современото книжевно творештво со особена важност е поддршката на капитални изданија, како и подршката на значајни монографии, хрестоматии и речници. Во рамките на издавачката дејност се поддржува и преводната литература од македонски јазик на јазиците на заедниците во Република Македонија и обратно, како и преводната литература од странски и класични јазици на македонски јазик.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на публикации: 350

Програма 2 - Библиотекарство. Преку оваа програма се врши континуирано збогатување на библиотечниот фонд, следење на меѓународните библиотечни стандарди, одржување на хардвер/софтвер опремата, заштита на книжниот фонд; автоматизација на библиотечното работење и валоризација и ревалоризација на книжното културно наследство.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на корисници на библиотечен материјал (членови и читатели): 130.000

Програма 3-Филмска дејност. Филмската дејност е дејност за продукција на аудиовизуелно дело, како уметничко дело изразено во вид на поврзани подвижни слики, со или без тон, без оглед на видот на носачот што ги содржи и се поддржува продукцијата на играни филмови, документарни, кратки и анимирани филмови.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на филмови (долгометражни, кратки играни, анимирани): 22

Програма 4-Музичка и сценско-уметничка дејност. Оваа програма овозможува реализација на сериозната музика (оперско-балетски дела, филхармонија, камерна и симфониска музика, рок, поп и слично) и изворна фолклорна музика, подготвување и јавно изведување на драмски, оперски, оперетски, балетски, танцови, куклени и други уметнички дела, како и народни песни и игри и дела од фолклорот, како и дејноста на домовите на културата и центрите за културата. Преку програмата ќе се реализираат праизведби и изведби на

значајни дела од симфониската, концертната, оперската, балетската, камерната и ораторијалната литература, поддршка на македонско музичко творештво, поддршка на трајни записи (компакт дискови) на дела од музичката литература, афирмација на македонските уметници на домашната и меѓународната сцена.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на музички проекти и театарски премиери: 209

Програма 5-Заштита на културното наследство. Основна цел на програмата е валоризација на духовното културно наследство и ревалоризација на недвижното културно наследство, изработка на студии за заштитно конзерваторски основи за потребите на просторни и урбанистички планови, конзерваторски проекти за најзначајни или најзагрозени недвижни културни добра, конзерваторско реставраторски работи и непосредна заштита на отпочнатите конзерваторски проекти и презентација на заштитените недвижни добра, како и конзервација на археолошките локалитети.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на елаборати за недвижно и движно културно наследство и заштитно конзерваторски основи: 124

Програма 6-Ликовна и галериска дејност. Основната цел на оваа програма е организирање на монографско-ретроспективни изложби, самостојни и групни ликовни изложби, ликовни колонии, како и други тематски проекти од областа на архитектурата и дизајнот.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на самостојни изложби и други самостојни проекти: 235

Програма 7-Културно уметнички манифестации. Преку програмата се дава подршка на манифестации и фестивали кои потесно го третираат севкупното продуктивно и репродуктивно творештво.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на културно уметнички манифестации: 22

Програма 8-Музејска и кинотечна дејност. Со програмата се опфатени истражувањата, евидентирањето, документирањето, заштитата и конзервирањето, откупот, чувањето и презентирањето на музејските (археолошки, етнолошки, историски, уметнишки, природонаушни и кимотешни добра), како и заштита на аудиовизуелните добра.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на музејски поставки и изложби: 53

Програма 9-Меѓународна соработка. Преку програмата се врши унапредување на билатералната и мултилатерната соработка со акцент на регионот и ЕУ, афирмација на националната култура во светот и промовирање на странската култура во РМ, оддржување на интензивна комуникација во сите области, размена на искуства, афирмирање на културните вредности со другите држави, меѓународни организации (ЕУ, УНЕСКО, Совет на Европа, Франкофонија и др.), воспоставување на билатерални договори, како и усовршување на кадри во одредени области.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на меѓународни проекти: 10

## 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 1.774.497 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Мисијата и основна цел на Министерството за здравство е обезбедување на високо ниво на здравје на населението, како и високо квалитетна здравствена заштита на најисплатлив начин. Оттука, Министерството за здравство е надлежна институција за воспоставување и одржување на ефикасен и достапен систем на здравствена заштита, подготвен за пристапување во ЕУ. Утврдените задачи наложуваат Министерството за здравство да биде владин советник за прашања од областа на здравството и хигиената, како сеопфатно тело за утврдување на стратегиите, предлагање на законите и следење на поврзаните прашања.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Министерството за здравство, како надлежна институција за спроведување на здравствената политика и здравствените реформи, во 2008 година своите активности ги реализираше во рамките на планираните реформи и обезбедените средства за реализација на здравствени програми. Активностите воглавно се остваруваа во рамките на органите во состав, Дирекцијата за храна, Бирото за лекови, Санитарниот инспекторат и Дирекцијата за радијациона сигурност. Како резултат на реализација на здравствените програми постигнато е намалување на бројот на заболени од заразни болести, рано откривање на одредени болести, одржување и подобрување на опфат со вакцинација на децата, воведување т.е. вакцинирање на децата со вакцина против ХПВ, обезбедување на доволни количини на безбедна крв, намалена е матерналната смртност, постигната е поголема контрола кај болестите од зависности.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Основни приоритетни цели во 2009 година се: nатамошно подобрување на здравствената состојба на населението преку подобрена достапност при обезбедувањето на здравствените услуги за населението, зголемување на покривањето со вакцини на населението и воведување на ХПВ вакцината како задолжителна, според потребите, подобрување на примарните и јавните здравствени услуги со посебен акцент на подобрувањето на здравствените услуги во руралните и оддалечените места, како и започнување на изградбата на амбуланти во руралните средини, целосно здравствено осигурување на населението, намалување на смртноста кај приоритетните болести: рак, кардиоваскуларни заболувања, респираторни заболувања, како и намалување на жртвите на несреќни ситуации, заболувања на зависност (користење на алкохол, пушење и наркотици злоупотреба на droги), намалување на смртноста кај новороденчињата и подобрување на оралното здравје кај населението особено кај младите. Оддржлив, поефикасен и подостапен (поисплатлив) систем за обезбедување на здравствената заштита преку одржливо финансирање на здравството, подобро искористување на постојните средства што ќе вклучи прилагодување на структурата на давателите на услуги, како и прилагодување на организацијата според потребите на населението, воспоставување на капацитети за планирање и

следење на функционирањето на здравствениот систем и Фондот за здравствено осигурување, воспоставување ефикасни механизми за финансирање на здравствените институции, вклучително и реално плаќање на давателите на услуги засновано на нивниот учинок, набавка на нова медицинска опрема, изградба и реконструкција на ЈЗУ во Република Македонија и воспоставување на интегриран здравствен информатички систем.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 267
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.234

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Програма 1-Администрација. Програмата ги опфаќа општите административни активности кои се во функција на поддржување на реализацијата на здравствената политика и материјално финансиските и инвестициони тековни работи.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на тендери: 44

Програма 2- Државен санитарен и здравствен инспекторат. Државниот санитарен и здравствен инспекторат функционира во рамките на Министерството за здравство како посебен орган и согласно законските прописи врши надзор во областа на санитарно хигиенската, епидемиолошката и здравствената заштита на населението. Основни задачи на инспекторатот е спроведување на мерки за спречување и сузбивање на заразни болести преку надзор над здравствените објекти (објекти на јавно и приватно здравство од примарната, секундарната и терцијалната здравствена заштита), образовно социјални и детски установи, објектите и средствата за јавен превоз, објектите за рекреација, површински води, производство и промет на опојни droги и отрови, производство и промет на предметите за општа употреба, објекти коишто испуштаат штетни материи и бучава, објектите во кои што се пружат хигиенска нега и услуги и надзор над лицата кои што се вработени на работни места каде што со својата здравствена состојба можат да го загрозат здравјето на луѓето, ексумација на умрени лица и пренос во Република Македонија и во странство, луге, стоки, превозни средства на граничен премин, управување со медицински отровии др.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на извршени контроли: 7.990

Програма 3- Биро за лекови. Бирото за лекови како орган во состав на Министерството за здравство има надлежности во областа на производството, прометот и снобдување со лекови, медицински помагала, помошни лековити средства, опојни droги и отрови според позитивните прописи кои се однесуваат на тие области, изготвување на законски прописи од областа на лековите, медицинските помагала, помошните лековити средства и отрови и опојни droги води постапка за увоз извоз, ставање во промет на лекови, медицинските помагала, помошни лековити средства и медицински помагала, опојни droги и отрови и врши инспекциски надзор од оваа област.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на регистрирани лекови: 760

Програма 4- Дирекција за храна. Дирекцијата за храна како орган во Министерството за здравство претставува централен орган одговорен за инспекција и супервизија во целиот синџир на храна. Главната цел на оваа институција е превземање на мерки за гарантирање на храната која е предвидена, дистрибуирана или маркирана во земјата, во согласност со највисоките стандарди за безбедност и хигиена на храната, како и во согласност со легалните (правните) барања односно кодексите за добра пракса. Во рамките на оваа програма ќе се реализира и Мониторинг програмата за безбедност на храната која обезбедува интегриран приод во контрола на храната и безбедна храна со висок квалитет во рамките на средствата обезбедени по основ на издадени одобренија при регистрација на објекти за производство на храна и издадени сертификати за безбедност и квалитет на прехрамбени производи во буџетот на министерсво за здравство.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на записници и решенија: 9.900

Програма 5-Здравствена заштита и превенција. Програмата за здравствена заштита за превенција содржи: превентивни активности за рано откривање на заразни и други болести. Оваа програма ги опфаќа подпрограмите: Рано откривање, дијагностицирање и лекување на рак на дојка кај жената, Систематски прегледи на ученици и студенти, Организирање и унапредување на крводарителството, Превентивна здравствена заштита, Задолжителна имунизација на населението, Испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето во Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението. Заштита на населението од СИДА. Активна здравствена заштита на мајките и децата и Рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената. Основни цели на овие програми се: натамошно унапредување на превентивната здравствена заштита на населението во Република Македонија преку спроведување на општите и посебни мерки за обезбедување на мирна епидемиолошка состојба во државата, обезбедување на исправна вода за пиење, превентивни мерки за спречување и рано откривање на туберкулозата, бруцелозата и СИДА, редовно спроведување на систематски прегледи на децата и младината, спроведување на континуирана задолжителна имунизација, спроведување на превентивни мерки за активна здравствена заштита на мајки и деца, обезбедување на доволни количини на крв.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на лица опфатени со прегледи во рамки на Програми за превентивна здравствена заштита: 415.366

Програма 6- Програмата за куративна здравствена заштита во рамките на оваа програма се обезбедуваат средства за лекување на болни од болестите на зависности, душевни растројства и болните кои се третираат со дијализа, обезбедување на лекови за трансплантирани болни цитостатици, инсулин, хормон за раст и лекување на болни од хемофилија.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на лица опфатени со прегледи во рамки на Програми за куративна здравствена заштита: 113.000

Програма 7-Дирекција за радијациона сигурност. Дирекцијата за радијациона сигурност е институција формирана од Владата на Република Македонија и за работата одговара пред претседателот на Владата на РМ согласно со Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност. Дирекцијата за

радијациона сигурност е надлежна за: изготвување на подзаконски акти, водење на постапката на пријавување, регистрација, издавање на дозвола и контрола на изворите на јонизирачкото зрачење, издавање на дозволи за: увоз, извоз, дистрибуција, пренос, превоз, складирање, одлагање, давање на користење, сместување, поставување и одржување, престанок на употреба, било која друга активност во врска со изворите на јонизирачкото зрачење, како и презема интервенции во случај на вонреден настан.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на радиоактивни громобрани: 150

## 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 253.099 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Министерството за локална самоуправа е надлежен државен орган за креиеање и спроведување политика за развој на локалната самоуправа ипромовирање на рамномерниот регионален развој на Република Македонија. Во тој контекст Министерството за локална самоуправа го координира процесот децентрализација на власта врз основа на Програмата за спроведување на процесот на децентрализација 2008 - 2010 донесена од Владата на Република Македонија. Политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија е фундирана врз одредбите на Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија (Службен весник на РМ 52/07) чија имплементација започна во 2008 година. Политиката за рамномренен регинален развој има за цел да се промовира полицентричниот модел на развој, намалување на диспаритетите помеѓу и во рамките на планските региони, зголемување на конкурентноста на планските региони, зачувување и развивање на посебниот идентитет на планските региони, ревитализација на селата и развој на подрачјата со специфични развојни потреби како и подршка на меѓуопштинската и прекуграничната соработка на единиците на локалната самоуправа. Министерството за локална самоуправа во рамките на своите надлежности утврдени со закон спроведува надзор над прописите на единиците на локалната самоуправа.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008

Во текот на 2008 година Министерството за локалана самоуправа ги реализираше следниве активности: координирање и спроведување на процесот на децентрализација; подготвена е стратегијата за регионален развој на Република Македонија; воспоставени се планските региони; конституирани се заеднички комитети за следење на имплементацијата на програмата за прекугранична соработка Република Македонија-Бугарија и Република Македонија-Албанија; усвоена е програмата за прекугранична соработка Република Македонија-Грција; извршено е континуирано спроведување на надзор на правните акти на единиците на локалната самоуправа.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009

Приоритети и цели на Министерството за локална самоуправа за 2009 година се: координирање и спроведување на процесот на децентрализација; имплементација на политиката за рамномерен регионален развој на Република Македонија; поддржување на активностите и институционалниот развој на центрите за развој на планските региони.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 37
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.595

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Министерството за локална самоуправа за 2009 година ќе се реализира преку следниве програми:

Програма 1 - Администрација. Програмата ги опфаќа општите административни активности кои ја поддржуваат реализацијата на активностите за реформа на локалната самоуправа; следењето на развојот и предлагањето мерки за унапредување на локалната самоуправа; предлагање на системот, политиката, мерките и инструментите за оставрување рамномерен регионален развој и други активности со цел за обезбедување услови за ефикасно извршување на основните функции на Министерството.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на обуки на државни службеници: 20

Програма 2 – Правен надзор. Програмата ги опфаќа активностите за правен надзор над законитоста на прописите на единиците на локалната самоуправа; реализирање на активности за надзор над законитоста на работењето на органите на општините во Република Македонија во согласност со принципите содржани во Европската повелба за локална самоуправа и преземање на активности за воспоставување на Регистар на прописите на општините.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на извршен увид на прописите на општините: 11

Програма 3 – Рамномерен регионален развој. Програмата ги опфаќа активностите во функција на постигнување на целите на политиката за рамномерен регионален развој преку спроведување на активностите кои ќе бидат утврдени во Стратегијата за регионален развој на Република Македонија; обезбедување финансиска и техничка поддршка за Центрите за развој на планските региони; намалување на економските диспаритети во степенот на развиеност помеѓу планските региони.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Спроведени развојни проекти во планските региони: 8

Програма 4 – Активности поврзани со децентрализација. Програмата ги опфаќа активностите за координирање и спроведување на процесот на децентрализација; координирање на трансферот на надлежности од централно на локално ниво на власта; обезбедување на ефективни, ефикасни, конзистентни и одржливи политики за децентрализација на надлежности и ресурси од државата на општините; постигнување на фундаменталните европски стандарди на добро владеење и демократија на локално ниво како основен елемент за спроведување на политиките за одржлив развој.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на обуки за фискална децентрализација 15

**19201 - АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО**
**ВКУПЕН БУЏЕТ: 22.628 илјади денари**

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Програмата на Агенцијата за иселеништво се состои од активности поврзани со подобрување на положбата и правата на иселениците од Македонија; помагање на културниот развој и унапредување на врските со нив и нивните здруженија; запознавање на иселениците со состојбите во Република Македонија; создавање услови за реинтеграција на иселениците и нивно вклучување во јавниот и економски живот во Република Македонија и контакти во земјата со припадници на македонската дијаспора преку системска мрежа со единиците на централната власт, како и локалните власти и заедницата на единиците на локалната самоуправа која дава дава стручно-техничка помош на иселениците во процесот на инвестирање во стопанските капацитети на Република Македонија и на планот на извоз на македонски производи во странство.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година постигнати се следните резултати: се започна со интензивирање на процесот на инвестициони вложувања во Македонија преку одржаниот Бизнис форум на иселеници бизнисмени од Македонија и комуникација со иселеници бизнисмени за давање на стручно техничка помош во процесот на инвестирање во стопанските капацитети и изработени дигитални носачи на медиум на кој се претставени дел од производните гранки кои се доминантни на подрачјето на нашата земја; реализирање на пеоектот Летна школа за Македонски јазик со цел одржување и усовршување на македонскиот јазик на децата на македонските иселеници и проширување на знаењето со новите јазични истражувања на наставниците по македонски јазик кој работат со децата на нашите иселеници надвор од Македонија; изработен дигитален носач на медиум за државјанскиот статус на иселениците од Македонија; превземени активности за конституирање на Иселенички совет кој ќе биде составен од претставници на иселеници кои живеат и работат надвор од Македонија; превземени активности за издавање на периодично информативно списание – ревијата Македонија наменета за иселениците.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Одржување на Бизнис форум на иселеници бизнисмени со цел интензивирање на процесот на инвестиционите вложувања во Република Македонија; организирање на Летна школа на македонски јазик во Република Македонија со цел одржување и усовршување на македонскиот јазик на децата на македонските иселеници; организирање и одржување на традиционален Иселенички фолклорен фестивал во Македонија со цел зближување на фолклорните друштва од иселеничките организации; конституирање и одржување на Иселенички совет со цел унапредување на положбата и правата на иселениците од Македонија, кои предлози ќе бидат основа за изработка на државна стратегија; реиздавање, печатење и дистрибуција на периодичното списание Македонија за потребите на иселениците; одржување на комункација со иселениците и организирање на средби на кои ќе се поврзуваат иселениците и граѓаните во Македонија кои се занимаваат со одредена професија.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 19
Оперативни расходи по вработен(во илјади денари): 1.190

## ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Буџетот на Агенцијата за иселеништво за 2009 година предвидува една програма која ги опфаќа сите активности кои ги извршува Зголемување на инвестиционите вложувања од иселеници и нивно вклучување во економскиот живот во земјата; Поттикнување на културниот развој и оддржување на националниот идентитет на иселениците; Унапредување на положбата и правата на иселеницитево земјите каде што живеат и работат; Информирање на иселениците со состојбите во земјата; Унапредување на врските со иселениците од Македонија.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на македонски иселеници кои ке учествуваат во реализирањето на програмските активности: 520

## 19302 - КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 16.373 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е формирана на 28 април 2006 година, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Комисијата ги спроведува решенијата вградени во Законот, кои се во функција на зголемување на транспарентноста, ефикасноста и ефективноста во работењето на администрацијата, како јавен сервис за граѓаните, со легитимитет, како и зајакнување на довербата на јавноста во отвореноста за работата на државната власт, но и кај сите институции што вршат јавни овластувања.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Приоритетните активности на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2008 година се однесуваат на целосна имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, соработка со имателите и барателите на информации од јавен карактер. Комисијата како независен второстепен орган во текот на 2008 година целосно се посвети и работата ја насочи кон однесувањето на имателите на информации од јавен карактер како клучни фактори за уставно загарантираното право на граѓаните, бидејќи честата рамнодушност од страна на имателите и недоволната упатеност на граѓаните за ова ново право беше значајна компонента на која Комисијата и посветуваше посебно внимание. Залагајќи се за доследно спроведување на Законот, Комисијата по пат на едукативно дејствување успеваше инертноста и неефикасноста од едната и неинформираноста од другата страна да се намалат, за што добар показател се бројките и резултатите постигнати во работата на Комисијата. До Комисијата во периодот од 1 јануари до 31 август 2008 година бројот на поднесени жалби е енормно зголемен во споредба со 2007 година и изнесува 580. Очекуваме до крајот на годината бројот на поднесени жалби до Комисијата во споредба со претходната година да биде зголемен за повеќе од 2 пати што е добар показател дека граѓаните во Република Македонија во овој период стекнале сознанија за остварување на нивното право да побараат и да добијат информации од јавен карактер.

## ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Постапувајќи по Законот, Комисијата во текот на 2009 година ќе продолжи со започнатите активности во 2008 година со цел да се заокружи издавачката дејност на Комисијата, медиумската кампања, едукацијата на имателите на информации и соработката со невладиниот сектор во земјава и претставниците на меѓународната заедница во Република Македонија. Посебно внимание од страна на Комисијата ќе биде посветено на директните контакти со одговорните и службените лица за посредување со информации од јавен карактер со што бројот на позитивно донесените решенија од страна на имателите ќе биде сигнал за доследна имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Единствен критериум по кој Комисијата ќе може да цени колку и како се спроведуваат одредбите од Законот ќе биде бројот на поднесените жалби на незадоволните граѓани чиј број од досегашното искуство е во постојан подем. За постигнување на овие цели Комисијата во 2009 година ќе мора да се доекипира кадровски (вработените во Комисијата се преземени од поранешната Агенција за информации кои според стручната квалификација не се во можност навремено и квалитетно да ги извршуваат задачите и активностите наброени во Законот). Исто така Комисијата во 2009 година заради зголемениот обем на работа, кој никогаш целосно не може да се предвиди ќе биде принудена да ја обнови застарената информатичка опрема што ќе повлече и дополнителни материјални средства.

ИНДИКАТОРИ:
Број на вработени: 16
Оперативни расходи по вработен(во илјади денари): 1.013

## ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Буџетот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2009 година предвидува една програма која има за цел спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер..

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на пријавени жалби: 600

## 20001 КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 10.096 илјади денари

## ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи ги врши работите кои се однесуваат на правната положба на верските заедници и религиозните групи и работите во врска со односите меѓу државата, верските заедници и религиозните групи.

## ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во 2008 година беше Донесен новиот Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група, Примопредавање на досиејата од регистрацијата на верските заедници и религиозните групи (26) во Основен суд Скопје 2, кој според новиот Закон е надлежен за нивната регистрација, Согледување на состојбите во Американско-канадската и Австралиско-новозеландската епархија на МПЦ, Учество на манифестацијата „Македонија во чест на Св.Кирил“ во РИМ – Италија, Учество на манифестацијата

„Македонија во чест на Св.Методиј“ во ЕЛВАНГЕН – Германија, Организирање на Прва рабинска конференција во Скопје, Избор на прв рабин на Еврејската заедница во РМ.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Активностите на Комисијата во оваа година ќе бидат насочени кон Поттикнување и поддршка на проектот од заеднички интерес на сите верски субјекти, Следење и поддршка во врска со воведувањето на веронаука во образовниот систем во учебната година 2008/09, Следење и поддршка во врска со вклучување на високошколските институции во системот на високото образование, Опремување на библиотеки во средните училишта на верските институции и поддржување на акцијата за отворање библиотеки во верски објекти од значење за културниот и духовниот развој на РМ, Следење и поддршка во врска со имплементацијата на новиот Закон за правната положба на црква, верска заедница и религиозна група кој што започна да се применува од мај 2008 година.

*ИНДИКАТОРИ:*

Број на вработени: 8

Оперативни расходи по вработен (во илјада денари): 1.006

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи за 2009 година предвидува една програма која ги опфаќа сите активности кои ги извршува Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи со цел успешно резлизирање на зацртаните приоритети и на законски утврдените функции.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*

Број на издадени одобренија за привремен престој на странски верски лица: 160

## 21001 АГЕНЦИЈАТА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 787.304 илјади денари

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Агенцијата за катастар на недвижности се основа за вршење на работите на востановувањето и одржувањето на катастарот на недвижностите, управувањето со геодетско-катастарскиот информациопнен систем, како и воспоставувањето, одржувањето и јавниот пристап до Националната инфраструктура на просторните податоци. Агенцијата за катастар на недвижности има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утвдени со Законот за катастар на недвижности и за својата работа одговара пред Владата на Република Македонија.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Во текот на 2008 година Агенцијата за катастар на недвижности реализира 80,22 % востановен катастар на недвижностите, воспоставени се активни 6 ГНСС станици, воспоставен е-катастар во Сектор за катастар на недвижности - Скопје и дигитализирани 30% од територијата на Република Македонија.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Активностите на Агенцијата за катастар на недвижности ќе бидат во насока на реализација на следниве приоритетни цели: 100 % востановен катастар на недвижности до крајот на 2009 година на цела територија на Република Македонија, целосно воспоставен катастар на недвижности на сите катастарски општини, воспоставување на активна ГНСС мрежа на цела територија на Република Македонија, воспоставување на е-катастар на цела терирорија на Република Македонија и дигитализација на 65 % на архивски катастарски планови.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 881
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 524

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Целите и приоритетите на Агенцијата за катастар на недвижности за 2009 година во Буџетот ќе бидат прикажани преку следниве програми:

<u>Програма 1 - Администрација</u>. Оваа програмата ги опфаќа општите активности кои обезбедуваат услови за ефикасно извршување на премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*

<u>Програма 2 - Програма за катастар на недвижности</u>. Во рамките на оваа програма се извршуваат активности за премерот, катастарот и запишувањето на правата на недвижностите. Основни цели на оваа програма се воспоставување на катастар на недвижности и регистрација на правата, формирање на активна и пасивна ГНСС референтна мрежа.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Востановен катастар на недвижности на територијата на Република Македонија: 100%.

## 22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 206.070 илјади денари

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Државниот завод за статистика ги врши работите што се однесуваат на: прибирање, обработка, анализа, објавување на статистички податоци за голем број појави од демографскиот, социјалниот и економскиот живот на земјата, подготвува статистички прогнози, трендови и модели и други аналитички податоци и индикатори. Државниот завод за статистика е надлежен и за воспоставување и водење на бази на податоци и статистички регистри во земјата, пропишување на статистички методологии, стандарди и номенклатури, воспоставува меѓународна соработка во доменот на статистиката, континуитет во обезбедувањето на статистички информации со подобрен квалитет и слично.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008**

Во текот на 2008 година институцијата ги постигна следниве резултати: тековно спроведување на статистичките истражувања утврдени со петгодишната програма за статистички истражувања за периодот 2008-2012 година; извршена е надградба на информатичката инфраструктура; спроведени

се Пописот на деловни субјекти и Пописот на трговски капацитети и капацитети во угостителството; реализиран е TWINNING проектот за зајакнување на капацитите на заводот; донесени се поголем број на статистички стандарди усогласени со ЕУ стандардите.

**ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009**

Приоритети и цели на Државниот завод за статистика за 2009 година се: спроведување на статистичките истражувања во земјата во согласност со Програмата за статистички истражувања за периодот 2008-2012 година; спроведување на пробен Попис на населението и домувањето во Република Македонија 2009 година; продолжување на процесот на хармонизирање на македонската статистика со статистиките на Европската унија; донесување на националните статистички стандарди хармонизирани со ЕУ стандардите од областа на статистиката.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 255
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 739

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Државниот завод за статистика за 2009 година ќе се реализира преку следниве програми:

<u>Програма 1 - Администрација.</u> Оваа програма ги опфаќа општите административни активности кои ја поддржуваат реализацијата на програмата за статистички истражувања за периодот 2008-2012 година. Основни цели на програмата се: подготовка на нацрт верзија на Законот за попис на населението и домувањето во Република Македонија-2011 година кој е основа за спроведување на пописот; подготовка на статистички стандарди усогласени со ЕУ стандардите; воведување мониторинг на програмата за статистички истражувања во функција на успешна реализација на статистичките истражувања.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на донесени правни прописи на статистичка легислатива: 10

<u>Програма 2 - Статистички истражувања.</u> Во рамките на оваа програма се извршуваат активности поврзани со спроведување на статистички истражувања; активности поврзани со донесувањето на статистичките методологии, класификации и стандарди хармонизирани со ЕУ регулативите, а во функција на нивна примена во земјата и продукција на споредливи статистички податоци.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на реализирани статистички истражувања: 50

<u>Програма 3 - Програма за попис.</u> Оваа програма вклучува активности насочени кон подготовката за спровдување на Пописот на населението и домувањето во Република Македонија-2011 година; изготвување на нацрт верзија на Законот за попис на населението и домувањето.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на воспоставен статистички регистар на деловни субјекти: 1

<u>Програма 4 – Изборни активности.</u> Оваа програма опфаќа активности кои се однесуваат за редовно и тековно ажурурање на избирачките списоци; организационо-техничка и методолошка обработка на податоците во

Избирачкиот список, стручна изработка на техничките описи на избирачките места, со цел за успешно спроведување на сите избори.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на ажурирања на избирачкиот список: 12

## 24001 ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 111.455 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Државниот архив на Република Македонија ги врши работите кои се однесуваат на примање архивска граѓа и водење евиденција за неа, средување и обработка на архивска граѓа, чување и заштита на архивска граѓа (конзервација и реставрација), истражување и комплетирање на архивските фондови и збирки и научно истражувачка работа од областа на архивистиката, објавување архивска граѓа и организира предавања, изложби и други погодни облици на културно просветна и научна дејност.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Објавени се следните изданија: "Македонските бегалци во Полска", "Крсте Петков Мисирков", опремување на одделенијата на ДАРМ со неопходна компјутерска опрема, зголемен инспекциски надзор кај имателите на архивската граѓа, континуирана конзервација и реставрација на архивската граѓа, средување и обработка на приоритетни фондови.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Стручна помош во одбирањето на архивска граѓа, изработка на архивски знаци и листа на категории, како и евидентирање на архивската граѓа и нејзино превземање и уништување на документарниот материјал со изминат рок на чување, рационализација на просторот во депоата, конечна локација на фондовите по гранки на дејности, микрофилмување на архивската граѓа од прва категорија и конзервација и реставрација на оштетената архивска граѓа, средување и обработка на архивската граѓа од следните фондовски целини: архивска граѓа истражена во Република Македонија и странските архиви која се однесува на историјата на Македонија, фондови на македонски организации и друштва, црковно-верски фондови и организации во Македонија, техничка документација, фондовски истражувања во Турција, Србија и Црна Гора, Унгарија, Полска, Италија, Хрватска, евидентирање на фондовите во странските архиви, активности од билатерален и мултилатерален план, потпишување на договори за соработка со повеќе архивски институции, издавачка дејност.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени:227
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 475

### ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Буџетот на Државниот архив на Република Македонија за 2009 година ќе се реализира преку следниве програми:

<u>Програма 1 – Администрација.</u> Во рамките на оваа програма се одвиваат активности поврзани со изработка на нормативно-правни и општи акти, правно застапување на ДАРМ, водење кадровска, статистичка евиденција и водење финансиско-материјално книговодство, законитост, ефикасност и навременост во извршувањето на планираните и тековните работи во доменот на

нормативно-правните и финансиско-материјалните работи, законитост во планирањето, трошењето и контролирањето на одобрените финансиски средства со Буџетот на Република Македонија, зголемување на човечките потенцијали во Државниот архив како неопходен атрибут за успешно извршување на планираните работни задачи, одржување и зголемување на безбедноста на објектите во Државниот архив на Република Македонија.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР*:
Број на објавени тендери во текот на годината: 4

<u>Програма 2 – Инспекциски надзор и заштита на архивска граѓа</u>. Во рамките на оваа програма се изведуваат следните активности: инспекциски надзор во архивското работење на сите иматели во Републиката како и надзор врз канцелариското работење во органите и организациите кои не вршат јавни овластувања, превземање на архивска граѓа од имателите, нејзино евидентирање, микрофилмување, конзервација и реставрација на оштетена архивска граѓа, валоризација, класификација, систематизација и обработка на архивските фондови и архивска граѓа и изработка на научно-информативни средства за неа, организирање и изведување истражување на архивска граѓа во земјата и странство, откуп на архивска граѓа и подготвување на документи за издавање на зборници и други изданија.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на направени посети за инспекциски и стручен надзор кај имателите: 4.900

## 25001 БИРО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 26.400 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за судски вештачења е орган во состав на Министерството за правда, надлежно за вештачење од областа на материјално-финансиското работење, сообракајно-техничката, електро - машинската струка, градежништво и архитектура, агрономија, графологија, технологија и вршење на супервештачења и експертизи.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА

Во текот на 2008 година постигнато е зголемување на ефикасноста во завршување на вештачењета, унапредување на соработката со судовите на сите нивоа со постигнување на навремено и во пропишаниот рок завршување на вештачењата.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА

Основните приоритети и цели на институцијата за 2009 година се изготвување на вештачења во кривично правната област, особено во истражните дејствија каде што се бара стручност и временска ефикасност.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 27
Оперативни расходи по вработен (во илјада денари):934

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Во буџетот на институцијата за 2009 година е предвидена една буџетска програма 2-Судски вештачења, која опфаќа активности поврзани со вештачење по кривични предмети (даночно затајување, измама, проневера во службата, фалсификување и уништување на деловни книги, сообраќајни незгоди, убиства, реконструкција на самото место и слично). Основната цел на овие активности е ефикасност во завршување на вештачењата и експертизите, унапредување на соработката со судовите, зголемување на бројот на примени и завршени предмети со ангажирање на надворешни соработници.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на примени предмети за вештачење: 1300

## 26001 МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 195.450 илјади денари

**ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ**

Македонската академија на науки и уметности е научно истражувачка организација која во својата основна дејност работи на повеќе научно-истражувачки проекти, има обемна издавачка дејност, организира научни собири, организира уметнички изложби, учествува на меѓунардни научни собири, соработува со повеќе Академи од странство.

**ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008 ГОДИНА**

Издадени се повеќе изданија од разни области; реализирани се планираните научни собири и уметнички изложби; реализирани се повеќе посети на академци во странство на научни собири, одржувани се контакти со странски академии за соработка.

**ПРИОРИТЕИ И ЦЕЛИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Работа на научно-истражувачки проекти, повеќе од 60 проекти, издавачка дејност, учество и организација на научни собири, организирање на изложби и други активности во функција на Академијата.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 56
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 2.317

**ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА**

Буџетот на Македонската академија на науките и уметностите за 2009 година ќе се реализира преку следнава програма:

Програма 1 – Администрација. Во рамките на оваа програма се врши извршување на основните функции на Академијата, научна работа, издавачка дејност, организирање на научни собири, организирање на уметнички изложби, учество на мегународни научни собири, соработка со други странски академиии и научни институции од светот и земјата.

*АУТПУТ ИНДИКАТОР:*
Број на научно-истражувачки проекти: 60

## 28001 БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ
## ВКУПЕН БУЏЕТ: 300.558 илјади денари

### ОПИС И ГЛАВНИ ФУНКЦИИ

Бирото за регионален развој е орган во состав на Министерството за локална самоуправа со својство на правно лице. Своите активности ги извршува согласно Законот за рамномерен регионален развој. Со своите активности ги спроведува мерките за развојот на стопански недоволно развиените подрачја.

### ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2008

Во текот на 2008 година ѓи реализираше обврските определени со Законот за рамномерен регионален равој; исплаќани се обврски за придонеси за пензиско и здравствено осигурување за лица согласно член 71 од Законот како и обврски за одобрени регреси на дел од камати по користени кредити согласно член 72; како и превземените обврски по одобрени решенија од 2007 година.

### ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ ЗА 2009

Активностите кои ги презема Бирото за регионален развој се насочени кон намалување на разликите во степенот на развиеноста во однос на нивото на Републиката и намалување на миграцијата село-град преку создавање подобри инфраструктурни и други услови за развој во неразвиените подрачја и преку севкупните мерки, а особено индиректните зголемување на вработеноста. Поттикнувањето на побрзиот развој на стопански недоволно развиените подрачја ќе се остварува преку директна поддршка со насочување на средства во реализација на инвестициони проекти во економската инфраструктура, социјалната сфера и слично. Во текот на 2009 година Бирото ќе продолжи да води грижа за наменското искористување на одобрените средства, активно ќе ја следи изградбата на инфраструктурните објекти.

*ИНДИКАТОРИ:*
Број на вработени: 14
Оперативни расходи по вработен (во илјади денари): 1.572

### ПРОГРАМИ ЗА 2009 ГОДИНА

Буџетот на Бирото за регионален развој за 2009 година ќе се рализира преку следниве програми:

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на условите за функционирање и извршување на работните задачи на МО и АРМ. Активностите ќе бидат насочени за реконструкција на хотел Шар "Попова Шапка", изградба на стражара, дежурана и Оперативен Центар за координација и контрола на Криволак, адаптација на објект 11 Кичево, изградба на водоводна мрежа Штип, високопарен котел Кичево, Објект Чојлија, како и поправка на лифтови. Со реализација на планираните активности се очекува подобрување на условите за функционирање и извршување на работните задачи на МО и АРМ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **109.800** | **114.800** | **124.800** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 84.000 | 90.000 | 100.000 |
| 631 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 25.800 | 24.800 | 24.800 |
| **Вкупно** | **109.800** | **114.800** | **124.800** |

Потпрограма ВА ИНТЕГРАЦИЈА ВО НАТО

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е зголемување на борбената готовност на единиците на АРМ. Активностите ќе бидат насочени кон набавка на опрема согласно материјалната формација на АРМ, модернизација и зголемување на експлоатациониот век на опремата (за копнена војска, воздухопловство, интендантска опрема и други видови на опрема). Со реализација на планираните активности се очекува зголемување на борбената способност и постигнување на интероперабилност со НАТО алијансата.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **649.782** | **780.000** | **855.000** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 253.031 | 300.000 | 330.000 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 396.751 | 480.000 | 525.000 |
| **Вкупно** | **649.782** | **780.000** | **855.000** |

**Раздел 05004 ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

Потпрограма 3А ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИСКО - ИНФОРМАТИВЕН СИСТЕМ СО ЕДИНСТВЕН БРОЈ НА ПОВИКУВАЊЕ

Опис и цели Воведувањето на единствен европски број за итни повици Е-112 има за цел да се подобри достапноста и нивото на управување со итните повици, да се намали потребното време за одговор на итните повици, да се спасат животи и да се заштитат имоти со ефикасно, брзо и координирано дејствување на службите за итна помош во Република Македонија. Системот Е-112 ќе ги прима сите повици за итност од целата територија на Република Македонија, ќе ги прибира информациите за итните настани, ќе ги активира ресурсите за справување со итните настани и ќе обезбедува комуникациска и координативна функција. Системот ќе биде структуиран од три регионални центри кои ќе бидат целосно интегрирани и комуникациски поврзани во еден систем. Активностите за воведувањето на Е-112 во Република Македонија се реализираат во две фази. Првата фаза е концептуалното дефинирање на Е-112, а втората фаза е имплементација на Е-112. Физибилити студијата треба да го содржи техничкото решение за системот Е-112 и да претставува целосна подготовка на тендерската документација, да даде временска рамка и приоритети поврзани со фазите на имплементација, начинот на изведба, просторните потреби, човечките ресурси, институционалните капацитети на партиципиентите, финансиската одржливост на системот и сл. После изработката на физибилити студијата и дефинирањето на начинот на финансирање на имплементацијата на Е-112, ќе следи спроведување на тендерски процес за избор на имплементатор во согласност со решенијата предвидени со физибилити студијата. Со реализација на планираните активности се очекува зголемена сигурност на граѓаните и општеството во целина, заштита на имотот, намалување на смртноста и штетите од итните настани, ефикасно и рационално користење на ресурсите, зголемена економичност во работата на службите за итна помош, можност за мониторинг на состојбата и чување на податоци, водење на статистика и симулирање на сценарија за итни настани, донесување на навремени и квалитетни одлуки, воедначена функционалност на итните служби, единствена техничко-информатичко комуникациска средина за сите итни служби, скратување на времето потребно за интервенција на службите за итна помош и сл.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **30.000** | **190.000** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.000 | 190.000 | 0 |
| **Вкупно** | **30.000** | **190.000** | **0** |

**Раздел 06001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Потпрограма 1Б РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗГРАДИ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма ќе се реализираат активностите поврзани со изградбата, реконструкцијата и адаптацијата на капацитетите кои служат за сместување, одмор и рекреација на вработените и подобрување на квалитетот на сместувачките услугите. Притоа, ќе се врши редовно одржување, реновирање на веќе постоечките објекти за одмор, а се со цел да се постигнат подобри и поквалитетни услови за сместување на вработените од Министерството.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Самофинансирачки активности** | **13.000** | **13.000** | **13.000** |
| 787 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 13.000 | 13.000 | 13.000 |
| **Вкупно** | **13.000** | **13.000** | **13.000** |

Потпрограма 2А РЕФОРМИ ВО ПОЛИЦИЈА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се предвидени активности од Проектот Реформи на полицијата преку кои ќе се овозможи креирање на современа полиција, согласно ЕУ стандардите, одржување на поволна безбедносна состојба, спроведување на владеење на правото согласно националното законодавство, вклопување во регулативите и стандардите на ЕУ во сите аспекти на полициското работење. Воедно, ќе се постигне подобро, поефикасно и поефективно функционирање на полициските служби, висока стапка на откривање на криминал и повисока стапка на кривично гонење.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **562.240** | **562.240** | **562.240** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 562.240 | 562.240 | 562.240 |
| **Вкупно** | **562.240** | **562.240** | **562.240** |

**Раздел** **06001** **МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**

Потпрограма 2Б РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ЗГРАДИ

Опис и цели Во рамки на оваа потпрограма ќе се реализираат активности поврзани со изградба, реконструкција и адаптација на објекти преку кои ќе се подобрат условите за работа на вработените во МВР, обезбедување на соодветна инфраструктура согласно европските стандарди и нивно материјално-техничко опремување.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **170.000** | **170.000** | **170.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 170.000 | 170.000 | 170.000 |
| **Вкупно** | **170.000** | **170.000** | **170.000** |

**Раздел 07001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Потпрограма 1А РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ПОДРАЧНИ ОДДЕЛЕНИЈА И МЕСНИ КАНЦЕЛАРИИ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма планирани се активности за реконструкција и опремување на 237 месни канцеларии и 34 подрачни одделенија, со цел подобрување на условите за работа на подрачните одделенија и месните канцеларии како и поефикасно остварување на правата на граѓаните во изборниот процес и матичната евиденција. Со реализација на планираните активности ќе се обезбеди континуирано и непречено функционирање на 34 подрачни одделенија со 237 месни канцеларии во нивен состав.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **13.000** | **14.000** | **14.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 13.000 | 14.000 | 14.000 |
| **Вкупно** | **13.000** | **14.000** | **14.000** |

Потпрограма 1Б РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма ќе се реализираат активностите кои ја поддржуваат реализацијата на програмските задачи поврзани со обезбедување на општите услови за остварување на основната функција на јавното обвинителство како единствен и самостоен државен орган кои ги гони сторителите на кривични дела и на други со закон утврдени казниви дела.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **600** | **1.500** | **1.500** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 600 | 1.500 | 1.500 |
| **Вкупно** | **600** | **1.500** | **1.500** |

**Раздел 07001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

Потпрограма ГА РЕФОРМА НА СУДСТВОТО

Опис и цели Целта на потпрограмата е да придонесе за подобрување на судската ефикасност и ефективност, како и деловната клима преку: (1) имплементација на законите кои произлегуваат од Стратегијата за реформи во судството, спроведување на обуки за стратешко и оперативно управување со правосудните органи, како и за автоматизирање на нивната работа и (2) подобрување на судската инфраструктура.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **39.524** | **21.161** | **1.084** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 17.848 | 6.636 | 770 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 21.676 | 14.525 | 314 |
| **Заеми** | | | **122.620** | **98.630** | **5.810** |
| 786 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 39.238 | 23.100 | 4.164 |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 83.382 | 75.530 | 1.646 |
| **Вкупно** | | | **162.144** | **119.791** | **6.894** |

**Раздел 07002 УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ**

Потпрограма 3А ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на условите во казнено-поправните установи преку реконструкција на 7 казнено-поправни установи и завршување на изградба на еден нов затвор согласно меѓународните стандарди, со цел обезбедување на квалитетен третман на осудените и малолетните лица, похуман однос меѓу вработените и осудените лица и подобрено менаџирање и управување.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **60.000** | **90.000** | **90.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 60.000 | 90.000 | 90.000 |
| **Вкупно** | **60.000** | **90.000** | **90.000** |

Потпрограма 3Б РЕФОРМИ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е унапредување на процесот на извршување на санкциите преку заокружување на реформите во пенитенцијарниот систем потпомогнато со заем од Банката за развој при Советот на Европа,

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **73.650** | **88.012** | **87.732** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 5.650 | 8.012 | 57.732 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 68.000 | 80.000 | 30.000 |
| **Заеми** | **183.930** | **85.240** | **85.240** |
| 786 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 2.361 | 5.240 | 5.240 |
| 786 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 181.569 | 80.000 | 80.000 |
| **Вкупно** | **257.580** | **173.252** | **172.972** |

**Раздел 09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Потпрограма 1А ДОИЗГРАДБА НА ЗГРАДА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ (ОБЈЕКТ НА БАНКА ЗА НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА)

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активностите во врска со градежните работи кои ќе се извршуваат на објектот Банка за надворешна трговија, која е во сопственост на Министерството за финансии. Со доизградбата на објектот ќе се овозможи просторно сместување на Министерството за финансии во сопствен објект, како трајно решение на проблемот за просторно сместување на Министерството кое во моментот изнајмува деловни простории за сместување и плаќа високи износи на кирии и закупнини. Со доизградба на зградата би се надминал и проблемот на просторна оддалеченост на дисперзираните сектори на Министерството за финансии, чие моментално сместување е во различни деловни објекти.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **200.000** | **400.000** | **150.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 200.000 | 400.000 | 150.000 |
| **Вкупно** | **200.000** | **400.000** | **150.000** |

**Раздел 09001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Потпрограма 2А ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ОПШТИНИ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма опфатен е Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиски поддржан со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка. Проектот се реализира преку финансирање на општините или јавните претпријатија основани од општините, по пат на задолжување со on-lending аранжман и истиот има за цел да овозможи реализирање на општинските проекти кои ќе придонесат за зголемување на приходите на општината или јавните претпријатија како и намалување на оперативните трошоци на истите. На ваков начин ќе се обезбеди подобрување на перформансите на општината, квалитетот на комуналните и другите општински услуги како и развиток и зајакнување на општинските надлежности и функции уредени со Законот за единиците на локалната самоуправа. Ефектите од имплементацијата на овој проект се подобрување на локалната отчетност, ефикасност и финансиска одржливост на општините и јавните претпријатија учеснички во проектот.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **10.830** | **61.310** | **61.310** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 604 | 6.131 | 6.131 |
| 630 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 61 | 6.131 | 6.131 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 10.165 | 49.048 | 49.048 |
| **Заеми** | | | **112.669** | **306.550** | **306.550** |
| 786 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 6.155 | 30.655 | 30.655 |
| 786 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 613 | 30.655 | 30.655 |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 105.901 | 245.240 | 245.240 |
| **Вкупно** | | | **123.499** | **367.860** | **367.860** |

**Раздел 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на првата компонента од инструментот за предпристапна помош ИПА се опфатени проекти кои се реализираат преку повеќе министерства и државни органи и тоа во во следниве области: а)Добро владеење и владеење на правото во кој проектите имаат за цел исполнување на политичките критериуми. градење на институциите и јакнење на капацитетите за децентрализирано управување со фондовите од ЕУ б) Економски развој и социјална кохезија во кој проектите се наменети за подобрување на инвестиционата клима. подобрување на административните капацитети на централно и локално ниво во областа на фискалната политика (наплата на даноци. контрола на трошоците и сл) и институционална надградба во областа на регионалната политика како придонес за подобра имплементација на националните и регионалните развојни планови. в) Acquis во кој проектите се поврзани со законодавството на ЕУ во областа на јавните финансии. статистика. царинско работење. институционално зајакнување на капацитетите на регулаторните тела, дирекции. инспекторати и управување со земјиштето г) Техничка помош во кој проектите се наменети за поддршка при подготовка на проекти (изработка на тендерско досие и друга проектна документација како поддршка за реализација на компонентите 3 4 и 5).

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **0** | **40.590** | **12.300** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 40.590 | 12.300 |
| **Донации** | **234.020** | **355.089** | **208.928** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 228.854 | 349.923 | 206.345 |
| 785 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 5.166 | 5.166 | 2.583 |
| **Вкупно** | **234.020** | **395.679** | **221.228** |

**Раздел 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА**

Потпрограма МБ ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

Опис и цели Втората компонента од инструментот за предпристапна помош ИПА има за цел да ја зајакне соработката помеѓу пограничните региони на Република Македонија со сите соседни земји со цел обезбедување и развој на добрососедските односи, зајакнување на стабилноста, безбедноста и просперитетот во заедничките односи на сите земји и поттикнување на нивниот рамномерен развој. Координацијата на активностите околу реализацијата на средствата од втората компонента на ИПА е обврска пренесена на Министерството за локална самоуправа.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **0** | **32.472** | **28.181** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 23.703 | 19.727 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 8.769 | 8.454 |
| **Донации** | | | **0** | **111.069** | **79.704** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 83.173 | 55.793 |
| 785 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 27.896 | 23.911 |
| **Вкупно** | | | **0** | **143.541** | **107.885** |

**Раздел 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА**

Потпрограма МВ РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Третата компонента од инструментот за предпристапна помош ИПА има за цел да ја подготви земјата за користење на средствата од Структурните и Кохезионите фондови на ЕУ. Со Оперативната програма за регионален развој 2007-2009 година ќе се финансираат проекти во областа на транспортот (70-80% од вкупните алокации) и проекти во областа на животната средина (20-30% од вкупните алокации). Имплементатори на проектите финансирани во рамките на третата компонента на ИПА се Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **26.737** | **364.590** | **702.639** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 26.737 | 17.243 | 7.281 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 347.347 | 695.358 |
| **Заеми** | | | **0** | **879.450** | **1.082.400** |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 879.450 | 1.082.400 |
| **Донации** | | | **96.890** | **1.490.142** | **1.847.631** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 80.211 | 51.729 | 21.840 |
| 785 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 16.679 | 1.438.413 | 1.825.791 |
| **Вкупно** | | | **123.627** | **2.734.182** | **3.632.670** |

**Раздел 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА**

Потпрограма МГ РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Опис и цели Четвртата компонента од инструментот за предпристапна помош ИПА ги поддржува проектите во областа на вработувањето, образованието и социјалното вклучување. Проектите во областа на вработувањето имаат за цел привлекување и поттикнување на вработувањето преку подобрување на информатичката инфраструктура на Агенцијата за вработување, поддршка при спроведување на Стратегијата за вработување, подобрување на состојбата на младите луѓе, жените и невработените лица на пазарот на труд. Проектите во областа на образованието се насочени кон инвестиции во човечки капитал преку подобрување на образовниот процес во насока на негово прилагодување на потребите на пазарот на труд, како и подеднаков пристап за сите етнички заедници до образовните институции. Проектите во областа на социјалното вклучување се насочени кон зајакнување на интегрирањето на луѓе со посебни потреби, развој на инфраструктура за алтернативни форми на социјални услуги, унапредување на социјалната вклученост, интегрирање на малцинствата, како и активно учество на граѓанскиот сектор. Во реализацијата на проектите финансирани во рамките на четвртата компонента од ИПА учествува Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **40.969** | **86.411** | **49.465** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 33.334 | 62.960 | 38.479 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 7.635 | 23.451 | 10.986 |
| **Донации** | | | **232.154** | **403.757** | **280.302** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 188.890 | 296.627 | 218.049 |
| 785 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 43.264 | 107.130 | 62.253 |
| **Вкупно** | | | **273.123** | **490.168** | **329.767** |

**Раздел 09002 МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА**

Потпрограма МД РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Петтата компонента од инструментот за предпристапна помош ИПА ги поддржува проектите кои ќе овозможат достигнување на стандардите на ЕУ воспоставени во областа на земјоделското производство, како и преработката на храна и руралниот развој. Помошта преку оваа компонента е насочена кон поддршка на проекти поврзани со инвестиции во земјоделски и преработувачки капацитети и маркетинг на земјоделски производи и риба, како и подобрување и развој на руралната инфраструктура и обука на земјоделците.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Донации** | **2.460** | **221.960** | **269.683** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 2.460 | 177.568 | 215.747 |
| 785 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 44.392 | 53.936 |
| **Вкупно** | **2.460** | **221.960** | **269.683** |

**Раздел 09003 ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Царинската управа е носител на Програмата Царина (Customs) која има за цел воспоставување на електронски системи за размена на информации помеѓу националните администрации, спроведување на тренинг семинари за царински службеници и експерти, размена на службеници помеѓу национални администрации итн. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **10.455** | **5.535** | **922** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 3.075 | 615 | 922 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 7.380 | 4.920 | 0 |
| **Донации** | | | **0** | **2.460** | **2.153** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 2.460 | 2.153 |
| **Вкупно** | | | **10.455** | **7.995** | **3.075** |

**Раздел 09005 УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Управата за јавни приходи е носител на Програмата-Fiscalis која има за цел подобрување на функционирањето на даночните системи во внатрешниот пазар преку подобрување на соработката меѓу земјите, нивните администрации и службените лица. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **7.367** | **3.764** | **738** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 2.460 | 492 | 738 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.907 | 3.272 | 0 |
| **Донации** | | | **0** | **1.968** | **1.722** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 1.968 | 1.722 |
| **Вкупно** | | | **7.367** | **5.732** | **2.460** |

**Раздел 10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Потпрограма БВ ЕЛЕКТРИФИКАЦИЈА НА СЕЛА

Опис и цели Со електрификација на неелектрифицирани населени села ќе се постигне целосна електрифицираност на селата во Република Македонија и ќе се создадат можности за поинтензивен и порамномерен економски развој на земјата, а со тоа и услови за намалување на сиромаштијата. Во понатамошниот период се очекува враќање на жителите од напуштените села и развој на земјоделството, сточарството и шумарството во овие региони.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **20.000** | **15.000** | **15.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 20.000 | 15.000 | 15.000 |
| **Вкупно** | **20.000** | **15.000** | **15.000** |

Потпрограма ДВ ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма ќе се реализираат активностите кои се во насока на забрзување на економскиот развој со привлекување и поттикнување на странски и домашни директни инвестиции во зоните, намалување на невработеноста, имплементирање и развој на нови технологии и нивна примена во националната економија, зголемување на конкурентноста на РМ преку зголемување на извозот на конкурентни производи и развој на инфраструктурата.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **502.000** | **455.000** | **480.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 502.000 | 455.000 | 480.000 |
| **Самофинансирачки активности** | **0** | **4.900** | **4.900** |
| 787 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 4.900 | 4.900 |
| **Вкупно** | **502.000** | **459.900** | **484.900** |

**Раздел 10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Потпрограма ДГ ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активности за јакнење на постојните бизнис центри, деловни инкубатори и создавање на нови, со цел креирање на нови работни места и јакнење на конкурентноста и иновативноста на МСП. На ваков начин ќе се зајакне дијалогот со приватниот сектор и ќе се реализираат определбите на Европската повелба за малите претпријатија. Се очекува зголемување на бројот на мали и средни претпријатија за 5%, а соодветно на тоа и зголемување на вработувањето во малите и средни претпријатија за 5%.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **10.000** | **15.450** | **15.950** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 750 | 850 | 950 |
| 630 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 9.250 | 14.600 | 15.000 |
| **Вкупно** | **10.000** | **15.450** | **15.950** |

**Раздел 10001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Министерството за економија е носител на Програмата за конкурентност и иновација која има за цел обединување во заедничкото подрачје на конкурентноста, продуктивноста, иновативниот капацитет и одржливиот развој. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **23.731** | **6.362** | **18.662** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 23.731 | 6.362 | 6.362 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 0 | 12.300 |
| **Донации** | | | **0** | **20.918** | **20.668** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 20.918 | 20.668 |
| **Вкупно** | | | **23.731** | **27.280** | **39.330** |

**Раздел 10002 АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ**

Потпрограма ДЕ ПОДДРШКА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ВЛОЖУВАЊА

Опис и цели Основна цел na оваа потпрограма е доделување на државна помош на корисници во технолошко индустриските развојни зони со кои Владата на Република Македонија има потпишано или ќе потпише меморандуми за разбирање и договор за инвестиционо вложување. Доделената државна помош е во форма на помош за обука и усовршување на новвработените лица, учество во трошоците за изградба на градежни објекти, ослободувања од надоместоци за одржување на градежни објекти и засолништа и други погодности уредени во Законот за технолошко-индустриски развојни зони. Со реализација на активностите во оваа потпрограма ќе се зголеми приливот на странски инвестиции, вложувањето на странски капитал во областа на автомобилската индустрија и информатичка технологија, зголемување на производство на делови од автомобиска индустрија, компјутери, ЛЦД телевизор и останати производи од висока технологија, како и реализација на нови вработувања во периодот 2009-2011 година, согласно најавите на компаниите за кои се планира доделување на државната помош.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **100.000** | **250.000** | **300.000** |
| 630 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 100.000 | 250.000 | 300.000 |
| **Донации** | **1.147** | **0** | **0** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 1.147 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **101.147** | **250.000** | **300.000** |

**Раздел 12101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Потпрограма 2А КАСКАДНИ ПРЕГРАДИ НА РЕКА ВАРДАР

Опис и цели Изградбата на каскадните прегради по реката Вардар подразбира изградба на пречистителни станици во општина Ѓорче Петров и Сарај, како и уредување на речното корито на реката Вардар.Со реализацијата на овој проект ќе се постигне заштита на квалитетот на водите на реката Вардар од фекалните води кои се влеваат од териториите на општина Ѓорче Петров и Сарај, заштита на бунарското подрачје Нерези-Лепенец од кој се водоснабдува градот Скопје и естетско уредување на коритото на река Вардар во централното градско подрачје.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **98.000** | **653.000** | **153.250** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 98.000 | 653.000 | 153.250 |
| **Вкупно** | **98.000** | **653.000** | **153.250** |

Потпрограма 2Б ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активности за покривање на трошоци за оддржување и трошоци за електрична енергија за Хидросистемот Дојранско Езеро. Преку изградбата на новите бунари ќе се зголеми капацитетот на изворникот на вода за обезбедување на дополнителни количини на вода за Дојранското Езеро и новиот систем за наводнување Паљурци.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **60.000** | **50.000** | **40.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 60.000 | 50.000 | 40.000 |
| **Вкупно** | **60.000** | **50.000** | **40.000** |

Потпрограма 2Б ИСТОЧНА И ЗАПАДНА ТРИБИНА НА ГРАДСКИ СТАДИОН

Опис и цели Изградбата на источната и западната трибина на Градскиот стадион-Скопје подразбира рушење на источната и западната трибина, фасадно обликување и илуминација на Градскиот стадион, реконструкција на јужната трибина и реконструкција на спортскиот терен (борилиште), целосно завршување на посттрибинскиот простор на северната, источната и западната трибина, како и опремување на Градскиот стадион со цел заокружување на објектот како единствена естетска-функционална целина. Со оваа инвенстиција Градскиот стадион би се доближил до современите архитектонски тенденции за ваков тип на градби, како и задоволување на барањата на УЕФА и ФИФА за исполнување на условите на одржување на меѓународни натпревари.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **915.000** | **485.000** | **100.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 915.000 | 485.000 | 100.000 |
| **Вкупно** | **915.000** | **485.000** | **100.000** |

Потпрограма 2В ИЗГРАДБА НА СОЦИЈАЛНИ СТАНОВИ

Опис и цели Прашањето за социјално домување бара комплексен приод од страна на државата и оттука потребата од реализација на Проектот за изградба на социјалните станови. Крајна цел од изградбата на социјалните станови е намалување на сиромаштијата што е есенцијална претпоставка за обезбедување на хумани услови на живот, реафирмација на семејството, како и постигнување одржлив економски и социјален развој.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **427.000** | **400.000** | **250.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 427.000 | 400.000 | 250.000 |
| **Вкупно** | **427.000** | **400.000** | **250.000** |

**Раздел 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Потпрограма 2Г ДОГРАДБА НА ГТЦ

Опис и цели Доградбата на Градскиот Трговски Центар подразбира проектирање и изработка на физибилити студија за доградба на третиот кат на објектот во единствена естетско-функционална целина со збогатени угостителски, забавни и други содржини. Со оваа инвестиција, Градскиот Трговски Центар би се доближил до современите архитектонски тенденции за ваков тип на градби.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **122.000** | **610.000** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 122.000 | 610.000 | 0 |
| **Вкупно** | **122.000** | **610.000** | **0** |

Потпрограма 2Д АВТОБУСИ ЗА ЈАВЕН ГРАДСКИ ПРЕВОЗ

Опис и цели Основна цел на оваа потпрограма е квалитетно и ефикасно задоволување на потребите за современ јавен градски превоз во главниот град како предуслов за поквалитено живеење на населението. Со оглед дека постојните автобуси се карактеризираат со застареност и неможност да се одвива сообраќајот со проектираните брзини на движење, со планираната набавка на нови автобуси се очекува овозможување на сигурен, брз и безбеден јавен градски сообраќај.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **490.000** | **750.000** | **1.000.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 490.000 | 750.000 | 1.000.000 |
| **Вкупно** | **490.000** | **750.000** | **1.000.000** |

**Раздел 13001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

Потпрограма 3А КАСКАДНИ ПРЕГРАДИ НА РЕКА ВАРДАР

Опис и цели Изградбата на каскадните прегради по реката Вардар подразбира изградба на канализациона мрежа во општина Ѓорче Петров, изградба на колекторски системи во општина Сарај и изградба на колектори по левиот брег и десниот брег на реката Вардар до идната пречистителна станица во Скопје. Со реализацијата на овој проект ќе се постигне заштита на квалитетот на водите на реката Вардар од фекалните води кои се влеваат од териториите на општините Сарај и Ѓорче Петров, заштита на бунарското подрачје Нерези-Лепенец од кој се снабдува градот Скопје, како и естетско уредување на коритото на реката Вардар во централното градско подрачје.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **146.000** | **367.281** | **213.500** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 146.000 | 367.281 | 213.500 |
| **Вкупно** | **146.000** | **367.281** | **213.500** |

Потпрограма 3Б ВОДОСНАБДИТЕЛНИ И КАНАЛИЗАЦИОНИ СИСТЕМИ ВО РМ

Опис и цели Основна цел на оваа потпрограма е квалитетно и ефикасно задоволување на потребите од вода, како количински ограничен ресурс кој претставува еден од најважните предуслови за обезбедување на современ стандард на животот на граѓаните. Со оглед дека изграденоста на водоснабдителните и канализационите системи во повеќе населени места е незадоволителна и нерамномерна, Република Македонија со години наназад учествува во изградбата на водоснабдителни и канализациони системи, а со цел снабдување на населението со здрава вода за пиење, спречување на појавата на заразни и инфективни болести, како и спречување на миграцијата село-град.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **90.000** | **100.000** | **162.381** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 90.000 | 100.000 | 162.381 |
| **Вкупно** | **90.000** | **100.000** | **162.381** |

Потпрограма 3S ЖИЧАРА ОД СРЕДНО ВОДНО ДО МИЛЕНИУМСКИ КРСТ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активности за изградба на жичарата од Средно Водно до Милениумскиот Крст, при што ќе биде опфатена само првата фаза од реализацијата на овој проект, а со единствена цел зголемување и промовирање на културниот, економскиот и социјалниот развој на населението.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **60.000** | **200.000** | **240.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 60.000 | 200.000 | 240.000 |
| **Вкупно** | **60.000** | **200.000** | **240.000** |

Потпрограма ДА ИНВЕСТИЦИИ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Опис и цели Со планираните инвестиции во железничката инфраструктура опфатено е редовното и тековното одржување во постојната железничка инфраструктура, изградбата на новиот Короидор 8, изработката на инвестиционо-техничката документација, како и надоместување на услугите од јавниот интерес во железничкиот превоз на патници. Со оглед дека железничката инфраструктура се карактеризира со застареност и неможност да се одвива сообраќајот со проектираните брзини на движење, со планираното вложување во железничката инфраструктура се очекува обезбедување на сигурен и безбеден сообраќај, привлекување на оператори (превозници) на територијата на Република Македонија, како предуслов за зголемување на конкурентноста на железничкиот транспорт на пазарот за транспортни услуги

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **916.000** | **903.000** | **915.000** |
| 630 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 126.000 | 122.000 | 122.000 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 790.000 | 781.000 | 793.000 |
| **Вкупно** | **916.000** | **903.000** | **915.000** |

**Раздел 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Потпрограма 6А ХИДРОСИСТЕМ ЗЛЕТОВИЦА

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на лошата состојба и обезбедување на сигурно и стабилно водоснабдување во североисточниот дел на Македонија. Во текот на 2009 година главен приоритет е завршување на изградбата на Браната “Кнежево” со придружните објекти и отпочнување со нејзино полнење, како и Пакет 3 (екстензијата) за доводните цевководи за Лозово и Карбинци. Во 2009 година ќе се работи на Пакет 4-СЦАДА систем за остварување на автоматско управување, командување и мерење со ХС “Злетовица”. Со реализација на фазата 1 на овој проект ке се разреши проблем со водоснабдувањето на преку 100.000 жители кои живеат во општините Пробиштип, Штип, Кратово, Свети Николе, Карбинци и Лозово. Фазата 2 е предвидена за наводнување на 4.000 ха обработлива земјоделска површина која ќе допринесе за намалување на сиромаштијата во овој регион. Фазата 3 од овој повекенаменски проект е изградба на три мали хидроцентрали по течението на река Злетовица.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **232.646** | **260.000** | **100.000** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 21.000 | 21.000 | 0 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 211.646 | 239.000 | 100.000 |
| **Вкупно** | | | **232.646** | **260.000** | **100.000** |

**Раздел 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Потпрограма 6Б ХИДРОСИСТЕМ ЛИСИЧЕ

Опис и цели Хидромелиоративниот систем „Лисиче„ е повеќенаменски објект за водоснабдување на населението во градот Велес, водоснабдување на околните села што гравитираат на системот, снабдување на индустријата со технолошка вода, наводнување на 4100 ха плодна земјоделска површина, ревитализација на езерото "Младост", обезбедување на биолошки минимум на реката "Тополка" и подобрување на микроклимата во регионот. Во 2009 година се планира изградба на кракот за поврзување на ХС Лисиче со акумулација Отовица, што е дел од системот за наводнување.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | | | **89.390** | **168.000** | **248.000** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 13.000 | 13.000 | 13.000 |
| 630 | 45 | КАМАТИ | 9.500 | 25.000 | 35.000 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 40.000 | 50.000 | 50.000 |
| 630 | 49 | ОТПЛАТА НА ГЛАВНИНА | 26.890 | 80.000 | 150.000 |
| **Вкупно** | | | **89.390** | **168.000** | **248.000** |

Потпрограма 6В ИЗГРАДБА НА БРАНА НА ОРИЗАРСКА РЕКА

Опис и цели Во рамките на оваа развојна потпрограма се опфатени активности за изградба на брана за акумулирање на вода на Оризарска река, а реализацијата се планира да се одвива 4 години. Во 2009 година се планира изготвување на геолошко геомеханички и хидролошки подлоги и проектна документација врз основа на која се планира да се распише јавен оглас за изградба на браната. Во наредните три години се планира да се започне со изградба на браната за акумулирање на вода на Оризарска река со придружните објекти.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | | | **10.000** | **100.000** | **200.000** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 10.000 | 100.000 | 200.000 |
| **Вкупно** | | | **10.000** | **100.000** | **200.000** |

**Раздел 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Потпрограма 6Г ПРОГРАМА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ЈУЖНА ДОЛИНА НА ВАРДАР

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се планира изградба на системи за наводнување на земјоделските површини во регионот на Гевгелија и Валандово, во Миравци и Удово (лот 1) и во Негорци/Прдејци и Паљурци (Лот 2). Исто така се планираат и активности поврзани со проектирање на системите за наводнување предвидени со физибилити студија за втора фаза и изградба и завршување на системот Паљурци (750 ха).

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **21.893** | **23.000** | **35.100** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 4.010 | 4.000 | 4.100 |
| 630 | 45 | КАМАТИ | 3.500 | 5.000 | 5.000 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 14.383 | 14.000 | 26.000 |
| **Заеми** | | | **91.965** | **88.462** | **150.000** |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 91.965 | 88.462 | 150.000 |
| **Вкупно** | | | **113.858** | **111.462** | **185.100** |

Потпрограма ББ РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СЕЛА

Опис и цели Средствата за реализација на Програмата за ревитализација на селата ќе се користат за изградба и реконструкција на системи за водоснабдување на селата и изградба на системи за наводнување. Користењето на средствата од програмата се одвива по пат на поднесување на барања за одобрување на средства од страна на единиците на локалната самоуправа за изградба на системи за водоснабдување и поднесување на барања од страна на водните заедници за користење на средства за изградба и реконструкција на системи за наводнување.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **15.000** | **15.000** | **15.000** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 15.000 | 15.000 | 15.000 |
| **Вкупно** | | | **15.000** | **15.000** | **15.000** |

**Раздел 14001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се планирани средства за техничка и материјална поддршка на Ветеринарната управа со цел прилагодување на домашното законодавството со законодавството на ЕУ во сферата на контрола на појавата на болестите кај животните, правила за обезбедување на здравствена и хигиенска исправност на храната од животинско потекло, организирање на складирањето на отпадот од животни и др.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **0** | **22.140** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 22.140 | 0 |
| **Вкупно** | **0** | **22.140** | **0** |

**Раздел 14004 АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

Потпрограма 2А ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Програмата за рурален развој за 2009 година има за цел поддршка на инвестициите во земјоделството и руралните средини во Република Македонија. Преку неа ќе се финансираат проекти од областа на земјоделството по принципот 50% грант и 50% учество на корисникот на финансиска поддршка. Проектите ќе бидат насочени кон инвестиции во набавка и модернизација на земјоделска механизација, опрема и инсталации, подигнување и реконструкција на објекти, како и развој на руралниот туризам.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **500.000** | **600.000** | **700.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 500.000 | 600.000 | 700.000 |
| **Вкупно** | **500.000** | **600.000** | **700.000** |

Потпрограма МД РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се планирани средства за инвестиции во земјоделски стопанства со цел подобрување на квалитетот на производството како и профитабилноста на земјоделството по пат на користење на технолошко подобрување на производствениот процес; инвестирање во преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи, со цел подобрување на условите за преработка и маркетинг на земјоделските производи и исполнување на условите на ЕУ (хигиена, безбедност на храна, квалитет, околина, благосостојба на животните и др.); диверзификација и развој на руралните економски активности преку основање на микро-претпријатија и реконструкција на зградите наменети за рурален туризам на фарма и надвор од фарма; како и техничка помош во имплементацијата и мониторинг на програмата.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **12.300** | **30.000** | **50.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 12.300 | 30.000 | 50.000 |
| **Вкупно** | **12.300** | **30.000** | **50.000** |

**Раздел 15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Потпрограма БА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Опис и цели Основна цел на оваа потпрограма е зголемувањето на вработеноста како врвен приоритет на Владата на РМ и најдобар начин за справување со сиромаштијата и социјалната исклученост.Со активните мерки за вработување се дава можност на невработените лица активно да дејствуваат на пазарот на трудот, да стекнат неопходно работно искуство и да обезбедат вработување и егзистенција. Оваа програма ги опфаќа трансферите од Централниот буџет до Агенцијата за вработување со кои ќе се финансираат активните мерки за вработување согласно со Оперативниот план кој се однесува на поддршка на семејните бизниси, вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители, формализирање на постојните бизниси, ангажирање на невработени лица во јавните работи во единиците на локалната самоуправа, обуки и сл. Согласно законската регулатива обезбедено е субвенционирање на придонесот за здравствено осигурување за вработување на млади лица до 27 годишна возраст и невработени лица на кои работниот однос им престанал по основ на стечај во претпријатијата со доминантна сопственост на државата, заради олеснување на нивното повторно вработување и подобрување на нивната социо-економска состојба.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **598.000** | **598.000** | **598.000** |
| 630 43 ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ ДО ВОНБУЏЕТСКИТЕ ФОНДОВИ | 598.000 | 598.000 | 598.000 |
| **Вкупно** | **598.000** | **598.000** | **598.000** |

**Раздел 15001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Министерството за труд и социјална политика е носител на Програмата за вработување и социјална солидарност која е отворена за организации кои се активни во борба против дискриминација, кои промовираат полова еднаквост и интегрирање на инвалидни лица во општеството. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **9.840** | **3.936** | **9.225** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 9.840 | 3.936 | 9.225 |
| **Донации** | **0** | **5.904** | **9.225** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 5.904 | 9.225 |
| **Вкупно** | **9.840** | **9.840** | **18.450** |

**Раздел 15010 ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА**

Потпрограма 2А ИЗГРАДБА, ОПРЕМУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА

Опис и цели Оваа потпрограма ги опфаќа капиталните инвестиции во објектите за детска заштита (детски градинки и одмаралишта). За наредната година е планирана изградба на 4 нови градинки во руралните средини во Република Македонија, како и реконструкција и доградба на детските градинки: 8 Март- општина Кисела Вода, Братство и Единство- Скопје, Срничка- општина Аеродром, Ангел Шајче- општина Куманово, Рада Поцева- општина Кавадарци, Рахилка Гонева- Карбинци, Младост-општина Тетово, Вера Циривири Трена-општина Штип, Естреја Овадија Мара-општина Битола и Наша Иднина-општина Прилеп. Во следниот период ќе се започне и со реконструкција и опремување на сите детски одмаралишта (сезонски детски одмаралишта, јавни установи за деца-јавни детски одмаралишта). Реконструкцијата и опремувањето ќе продолжат и во останатите години согласно планираната динамика на реализација на активностите.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **90.000** | **86.500** | **91.500** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 81.500 | 86.500 | 91.500 |
| 631 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 8.500 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | | **90.000** | **86.500** | **91.500** |

**Раздел 15020 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Потпрограма 2А РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНА ЗАШТИТА

Опис и цели Оваа потпрограма ги опфаќа капиталните инвестиции во објектите за воинституционална социјална заштита (центри за социјална работа и дневни центри). Средствата во 2009 година се наменети за реконструкција и опремување на следните центри за социјална работа: Берово, Битола, Виница, Гевгелија, Струмица, Ресен, Тетово,Кичево и Пробиштип. Во 2010 година во рамките на одобрените средства се планира продолжување на започнатите реконструкции, како и започнување на капитални инвестиции за следните центри за социјална работа: Македонски Брод, Дебар, Делчево, Штип, Скопје, Крушево, Радовиш, Охрид и Велес. Во 2011 година во рамките на одобрените средства се планираат капитални инвестиции за следните центри за социјална работа: Гостивар, Неготино, Куманово,Кочани, Струга, Крива Паланка, Прилеп, Свети Николе и Завод за социјални дејности. Исто така планирана е и набавка на возила за центрите за социјална работа (околу 40) како би се овозможило нормало функционирање и извршување на работните обврски (посета на корисници, увид и обнова на документација).

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **40.000** | **45.000** | **50.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 40.000 | 45.000 | 50.000 |
| **Вкупно** | **40.000** | **45.000** | **50.000** |

**Раздел 15020 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Потпрограма 3А РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОПРЕМУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА ИНСТИТУЦИОНАЛНА ЗАШТИТА

Опис и цели Оваа потпрограма ги опфаќа капиталните инвестиции за објекти за институционална заштита (установи за згрижување на социјално загрозени категории граѓани). Во 2009 година се планира реконструкција и опремување на следните установи: ЈУ Специјален завод Демир Капија, ЈУ за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми -Скопје и ЈУ Дом за доенчиња и мали деца- Битола. Во 2010 година во рамките на одобрените средства се планира продолжување на започнатите реконструкции, како и започнување на капитални инвестиции на следните установи: ЈУ Завод за заштита и рехабилитација Бања Бањско и Завод за рехабилитација на деца и младинци -Скопје. Во 2011 година во рамките на одобрените средства се планира реконструкција и опремување на следните установи: ЈУ за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци-Ранка Милановиќ Скопје и ЈУ детски дом "11 октомври"-Скопје. Во рамките на оваа потпрограма е планирано и соодветна реконструкција и опремување на кујните на јавните установи согласно воведувањето на ХАСАП системот.

во иљјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **21.000** | **22.000** | **23.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 21.000 | 22.000 | 23.000 |
| **Вкупно** | **21.000** | **22.000** | **23.000** |

**Раздел 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Потпрограма SA ИЗГРАДБА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на инфраструктурата на основните училишта во Република Македонија преку изградба на нови имајќи ги предвид реформите во дејноста на основното образование, целосна имплементација на деветолетката како и исполнување на соодветни услови за непречено реализирање на наставата.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **200.000** | **200.000** | **200.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 200.000 | 200.000 | 200.000 |
| **Вкупно** | **200.000** | **200.000** | **200.000** |

Потпрограма SБ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма опфатени се активности за реконструкција на постојната мрежа на основните училишта во Република Македонија со цел подобрување на условите за изведување на наставата, создавање на еднакви можности за следење на наставата на сите ученици од основното образование.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **173.000** | **283.000** | **283.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 173.000 | 283.000 | 283.000 |
| **Вкупно** | **173.000** | **283.000** | **283.000** |

Потпрограма SB ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ САЛИ ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е изградба на училишни спортски сали во основните училишта согласно Програмата на Владата на Република Македонија и создавање на услови за реализирање на предметот спорт и спортски активности во насока на посветување на поголемо внимание на здравјето на идните млади генерации.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **50.000** | **75.000** | **75.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 50.000 | 75.000 | 75.000 |
| **Вкупно** | **50.000** | **75.000** | **75.000** |

Потпрограма SГ ИЗГРАДБА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на инфраструктурата на средните училишта во Република Македонија преку изградба на нови, притоа имајќи ги предвид реформите во дејноста на средното образование во насока на исполнување на соодветни услови за непречено реализирање на наставата како и имплементација на задолжителното средно образование преку создавање на еднакви можнисти за следење на наставата за сите ученици во оваа дејност.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **90.000** | **100.000** | **100.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 90.000 | 100.000 | 100.000 |
| **Вкупно** | **90.000** | **100.000** | **100.000** |

**Раздел 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Потпрограма SД РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е реконструкција на постојната мрежа на средните училишта во Република Македонија со цел подобрување на условите за изведување на наставата и задолжителното средно образование.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **100.000** | **100.000** | **100.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 100.000 | 100.000 | 100.000 |
| **Вкупно** | **100.000** | **100.000** | **100.000** |

Потпрограма SE ИЗГРАДБА НА УЧИЛИШНИ СПОРТСКИ САЛИ ВО СРЕДНИ УЧИЛИШТА

Опис и цели Основната цел на развојната потпрограма е изградба на училишни спортски сали во средните училишта согласно Програмата на Владата на Република Македонија, создавање на услови за реализирање на предметот спорт и спортски активности во насока на посветување на поголемо внимание на здравјето на идните млади генерации.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **29.900** | **45.600** | **60.200** |
| 630 45 КАМАТИ | 14.900 | 30.600 | 45.200 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 15.000 | 15.000 | 15.000 |
| **Заеми** | **31.310** | **100.000** | **124.664** |
| 786 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 31.310 | 100.000 | 124.664 |
| **Вкупно** | **61.210** | **145.600** | **184.864** |

Потпрограма SИ РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ ДОМОВИ

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на инфраструктурата на ученичките домови во Република Македонија преку реконструкција и санација на дел од објектите, санитарните јазли и просториите за исхрана, со цел подобрување на сместувачките капацитети во ученичките домови

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **4.200** | **6.000** | **6.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.200 | 6.000 | 6.000 |
| **Вкупно** | **4.200** | **6.000** | **6.000** |

Потпрограма SJ ИЗГРАДБА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на инфраструктурата на студентските домови и подобрување на студентскиот стандард во Република Македонија преку изградба на нов студентски дом во Скопје во функција на подобрување на сместувачките капацитети за студентите.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **10.000** | **60.000** | **60.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 10.000 | 60.000 | 60.000 |
| **Вкупно** | **10.000** | **60.000** | **60.000** |

**Раздел 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Потпрограма SK РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ

Опис и цели Основната цел на оваа потпрограма е подобрување на инфраструктурата на студентските домови, подобрување на условите за сместувањето на студентите во домовите и обезбедување на поголема достапност на високото образование до сите граѓани во Република Македонија.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **20.410** | **30.000** | **30.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 20.410 | 30.000 | 30.000 |
| **Вкупно** | **20.410** | **30.000** | **30.000** |

**Раздел 16001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Министерството за образование и наука е носител на две Програми на заедницата: Седма рамковна програма за истражување (Seventh Framework Programme for Research – FP7) која е главен инстумент за финансирање на истражувањето и развојот и Европа за граѓаните (Europe for Citizens) чија цел е потикнување на соработката на граѓаните и нивните организации од различни земји преку давање на помош на граѓански организации, поддршка на јавните настани, студии и информативни инструменти. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ за овие две Програми на заедницата.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **45.080** | **14.058** | **23.265** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 45.080 | 14.058 | 23.265 |
| **Донации** | **0** | **47.380** | **54.286** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 47.380 | 54.286 |
| **Вкупно** | **45.080** | **61.438** | **77.551** |

**Раздел 16003 НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во оваа потпрограма се опфатени активности за обука за крајните корисници на програмите за Доживотно учење и Млади во акција кои ќе имаат регионален опфат на целата територија на Република Македонија. Во овие обуки кје бидат опфатени над 1000 апликанти (училишта, универзитети, општини, јавни институции, НВО и индивидуалци). Средствата се наменети и за ангажирање на странски обучувачи за наведените програми, избрани по предлог на Европската Комисија.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **6.150** | **0** | **0** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 6.150 | 0 | 0 |
| **Донации** | | | **55.350** | **0** | **0** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 31.344 | 0 | 0 |
| 785 | 46 | СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 14.596 | 0 | 0 |
| 785 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 9.410 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | | | **61.500** | **0** | **0** |

**Раздел 16101 АГЕНЦИЈА ЗА МЛАДИ И СПОРТ**

Потпрограма 2A СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ

Опис и цели Со Програмата на Владата на Република Македонија за период од 2008-2012 година планирано е да се реализираат капитални инвестиции во спортската инфраструктура и тоа меѓуостанатите и за следните проекти: 35 спортски сали, 50 фудбалски игралишта, олимписки базени,100 тениски игралишта, спортско стрелиште и вештачка карпа. Во износот на планираните потребни средства за изградба на капиталните инвестиции вкалкулирани се и придружните трошоци на инвестициите (исплата за изготвување на целокупна проектна документација, ревизии на истата, геомеханички испитувања, надзорен орган, консултантски услуги, објави и сл).

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **390.000** | **473.000** | **543.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 390.000 | 473.000 | 543.000 |
| **Вкупно** | **390.000** | **473.000** | **543.000** |

**Раздел 17001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО**

Потпрограма НА РАЗВОЈ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ИКТ

Опис и цели Преку активностите предвидени во оваа програма ќе се овозможи зајакнување на институционалните капацитети на министерствата и другите органи на државната управа, забрзување на циркулацијата на информациите меѓу органите на управата, креирање и водење на централна база на податоци за водење на секторите за информатика на државната управа, со што ќе се обезбеди силна ИТ основа за сите хоризонтални програми и директна и индиректна поддршка во реализацијата на приоритетите на Владата на Република Македонија. Воедно, преку оваа потпрограма ќе се реализираат активностите од проектите “Документ менаџмент систем“, “Поврзување на регистри помеѓу институции“, “Инсталирање на систем за авторизација на јавната администрација“ и “Компјутер за секое дете“ .

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **1.674.500** | **467.000** | **467.000** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 225.000 | 326.000 | 326.000 |
| 630 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 20.000 | 61.000 | 61.000 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 1.429.500 | 80.000 | 80.000 |
| **Вкупно** | **1.674.500** | **467.000** | **467.000** |

**Раздел 18001 МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Министерството за култура е носител на две Програми - Култура и Медиа кои имаат за цел развој на културната соработка во Европа преку промовирање на транснационалната мобилност на сите кои работат во секторот култура, охрабрување на транснационалната распространетост на уметнички дела и културни производи, поттикнување на интеркултурен дијалог, зголемување на европскиот аудивизуелен сектор и зголемување на проток на аудиовизуелни производи во рамки и надвор од ЕУ. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **3.690** | **1.968** | **1.992** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 3.690 | 1.968 | 1.992 |
| **Донации** | | | **0** | **1.722** | **1.698** |
| 785 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 1.722 | 1.698 |
| **Вкупно** | | | **3.690** | **3.690** | **3.690** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма 1А РЕКОНСТРУКЦИЈА И ДОГРАДБА НА ОБЈЕКТИТЕ НА ЈЗУ ВО РМ

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрување на здравствената заштита на граѓаните на Република Македонија преку обезбедување на подобри услови за дијагностика и престој, дневни болници и краткотраен престој. Ефектот кој се очекува од реализацијата на реконструкцијата и доградбата на објектите на ЈЗУ во Република Македонија е подобрениот здравствен статус на населението, подобрена состојба на здравствените објекти и услови за давање на квалитетна здравствена заштита на пациентите. Со проектот се планира да бидат опфатени вкупно четириесет јавни здравствени установи.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **26.000** | **46.000** | **49.000** |
| 630 | 42 | СТОКИ И УСЛУГИ | 3.000 | 3.000 | 3.000 |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 23.000 | 43.000 | 46.000 |
| **Заеми** | | | **60.000** | **200.000** | **250.000** |
| 786 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 60.000 | 200.000 | 250.000 |
| **Вкупно** | | | **86.000** | **246.000** | **299.000** |

Потпрограма 1Б МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈЗУ ВО РМ

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активности за набавка на неопходната медицинска опрема со која ќе се овозможи подобрување на здравствените услуги за граѓаните на Република Македонија, преку обезбедување на подобри услови за дијагностика и престој, дневни болници и краткотраен престој на лицата кои имаат потреба од здравствена заштита.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | | | Година | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | | | **120.000** | **123.000** | **123.000** |
| 630 | 48 | КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 120.000 | 123.000 | 123.000 |
| **Вкупно** | | | **120.000** | **123.000** | **123.000** |

Потпрограма 1В ИЗГРАДБА НА АМБУЛАНТИ ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрување на условите за пружање на здравствена заштита на населението во руралните подрачја, подобрување на здравјето на населението и намалувањето на трошоците за пристап до здравствените услуги. Планирана е изградба на 18 амбуланти, од кои 8 во 2009 година и 10 во 2010 година. Изградбата на руралните амбуланти ќе придонесе за намалување на морбидитетот на населението, подобрување на квалитетот на живеењето и запирање на процесот на миграција село-град.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **23.920** | **20.000** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 23.920 | 20.000 | 0 |
| **Вкупно** | **23.920** | **20.000** | **0** |

Потпрограма 1Г ИНТЕГРИРАН ЗДРАВСТВЕН ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е зголемување на квалитетот на здравствените услуги преку воведување на нов систем на работа и контрола на процесите. Преку интегрираниот здравствен информатички систем ќе се обезбедат ефикасни здравствени услуги на пациентите. Инвестицијата опфаќа набавка на хардвер и софтвер, со цел комуникација на сите здравствени установи преку еден централен систем кој ќе ги содржи сите информации за пациентите со воведување на електронско медицинско досие. Првата година, проектот ќе се реализира преку седум пилот болници, а потоа ќе се изврши интегрирано поврзување на Министерството за здравство, ФЗОМ, ЈЗУ во Република Македонија и останати даватели на здравствени услуги.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **30.000** | **61.000** | **100.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.000 | 61.000 | 100.000 |
| **Вкупно** | **30.000** | **61.000** | **100.000** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма 1Д ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНА КАРТИЧКА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активностите околу реализацијата на Проектот здравствена картичка кој има за цел модернизирање на евиденцијата помеѓу давателите и примателите на здравствените услуги, како и поедноставување на сложените административни процедури во областа на здравството.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **30.000** | **30.000** | **30.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.000 | 30.000 | 30.000 |
| **Вкупно** | **30.000** | **30.000** | **30.000** |

**Раздел** **19001** **МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма ИА РЕФОРМА НА ЗДРАВСТВОТО

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма ќе се изврши набавка на хардверска опрема за потребите на Интегрираниот здравствен систем, наменета за сите јавни здравствени установи, Фондот за здравствено осигурување и Министерството за здравство. Во рамките на истата ќе се реализираат активностите за реконструкција на болниците финансирани од компонентата - Грантовска институција. Овие инвестиции и планираните обуки претставуваат поддршка за проширување на опфатот на реформите и политиките за приспособување на управувањето со јавниот сектор.Активностите во овој проект се реализираат преку следниве компоненти: креирање на политики и нивна имплементација, зајакнување на управувањето на ФЗО, подобрување на доставувањето на здравствените услуги и проектен менаџмент,следење и евалуација.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **18.000** | **22.616** | **0** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 4.850 | 7.690 | 0 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 13.150 | 14.926 | 0 |
| **Самофинансирачки активности** | **500** | **0** | **0** |
| 787 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 500 | 0 | 0 |
| **Заеми** | **70.000** | **113.080** | **0** |
| 786 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 20.684 | 38.448 | 0 |
| 786 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 49.316 | 74.632 | 0 |
| **Вкупно** | **88.500** | **135.696** | **0** |

**Раздел 19001 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Терминот Програми и Агенции на Заедницата е интегриран сет на активности усвоен од ЕУ поради промовирање на соработката помеѓу земјите членки на ЕУ во различни специфични области поврзани со политиките на ЕУ во период од неколку години кои се подготвуваат врз база на алокации од Генералниот Буџет на ЕУ. Учество во Програми и Агенции на Заедницата е овозможено и на земјите кандидати за членство во ЕУ и истите би им биле од голема корист за запознавање на нивните граѓани со политиките и методи на ЕУ. Секоја земја сама одлучува во кои Програми на Заедницата има интерес да учествува, а самото учество подразбира обврска за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ. Министерството за здравство е носител на Програмата Јавно здравство (Public health) која има за цел подобрување на здравственото осигурување на граѓаните, промовирање на здравството и ширење на знаење поврзано со здравството. Средствата планирани во рамките на оваа потпрограма се наменети за плаќање на влезен билет (entry ticket) во Буџетот на ЕУ.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **6.150** | **1.230** | **0** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 6.150 | 1.230 | 0 |
| **Донации** | **0** | **4.920** | **0** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 0 | 4.920 | 0 |
| **Вкупно** | **6.150** | **6.150** | **0** |

**Раздел 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Потпрограма 3А АТРАКТИВНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ

Опис и цели Планираните мерки и активности од оваа потпрограма ќе се спроведуваат во функција на постигнување на целите за рамномерен регионален развој. Средствата ќе се наменат за кофинансирање на тековните расходи на 8 центри за развој на планските региони во износ од 50% од Министерство за локална самоуправа и 50% од средствата на општините, вклучувајќи и нивен институционален развој. Паралелно ќе се финансираат проекти за развој на планските региони и подрачјата со специфични развојни потреби во согласност со прописите за класификација на планските региони според степенот на развиеност и прописите со кои се определуваат подрачјата со специфични развојни потреби.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **150.000** | **216.000** | **259.000** |
| 630 46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ | 150.000 | 216.000 | 259.000 |
| **Вкупно** | **150.000** | **216.000** | **259.000** |

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активностите за реализација на Проектот - Локална инфраструктура за социјалана и економска кохезија чија основна цел е поддршка на имплементацијата на инфраструктурните проекти во селектираните општини, развој, имплементација, мониторинг и надзор над инфраструктурните проекти.

во илјади денари

| Извор на финансирање / Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **25.830** | **73.185** | **10.455** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 3.444 | 0 | 0 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 22.386 | 73.185 | 10.455 |
| **Донации** | **14.760** | **0** | **0** |
| 785 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 10.332 | 0 | 0 |
| 785 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.428 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **40.590** | **73.185** | **10.455** |

**Раздел 19101 МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**

Потпрограма МБ ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА

Опис и цели Втората компонента од ИПА има за цел да ја зајакне соработката помеѓу пограничните региони на Република Македонија со сите соседни земји со цел обезбедување и развој на добрососедските односи, зајакнување на стабилноста, безбедноста и просперитетот во заедничките односи на сите земји и поттикнување на нивниот рамномерен развој. Координацијата на активностите околу реализацијата на средствата од втората компонента на ИПА е обврска пренесена на Министерството за локална самоуправа. За таа цел подготвени се програми за прекугранична соработка со трите соседни држави: Република Бугарија, Република Албанија и Република Грција.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **16.088** | **0** | **0** |
| 630 42 СТОКИ И УСЛУГИ | 11.681 | 0 | 0 |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.407 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **16.088** | **0** | **0** |

**Раздел 21001 АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Потпрограма 2A ГЕОДЕТСКО КАТАСТАРСКИ ИНФОРМАЦИОНЕН СИСТЕМ

Опис и цели Реализацијата на оваа развојна потпрограма ќе придонесе за добивање на современ електронски систем за регистрација на недвижностите во РМ и добивање на ажурна графичка дигитална катастарска подлога која ќе коренспондира со алфанумеричката база на податоци, развој и имплементација на електронски систем за регистрација на недвижностите во рамките на Центарот за катастар на недвижности-Скопје. Проширување на капацитетот на системот и датабазата и нејзино прилагодување ќе овозможи имплеменатација на системот за е-катастар низ сите подрачни одделенија за КН низ РМ. Исто така се планира скенирање и дигитализација на архивски катастарски планови и скенирање на работни оригинали на катастарски планови. Со ова ќе се овозможи поефикасно решавање на предметите од корисниците и скратување на роковите за добивање на услугите од катастарот.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **30.000** | **30.000** | **30.000** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 30.000 | 30.000 | 30.000 |
| **Самофинансирачки активности** | **60.000** | **60.000** | **20.000** |
| 787 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 60.000 | 60.000 | 20.000 |
| **Вкупно** | **90.000** | **90.000** | **50.000** |

**Раздел 22001 ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Во рамките на оваа потпрограма се опфатени активностите за реализација на Проектот- Формализација на системот за статистика со ЕУ. Преку овој проект ќе се поддржи развојот на целосен систем на производство на квалитетни статистики, вклучувајки воспоставување на унифициран систем на складирање на податоците и политика на метаподатоци, развојот на стандарди и насоки за производство и дисеминација на статистики и пристап до микро податоците, натамошниот развој на макроекономските и деловните статистики, како и подобрувања на дел од социјалните статистики (здравство, образование и криминалитет).

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **2.583** | **1.722** | **0** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 2.583 | 1.722 | 0 |
| **Вкупно** | **2.583** | **1.722** | **0** |

**Раздел 28001 БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ**

Потпрограма 1А РАМНОМЕРЕН И ОДРЖЛИВ РЕГИОНАЛЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Опис и цели Основни цели кои би се постигнале со реализација на потпрограмата се: финансирање на проекти во планските региони кои ќе се насочат за изградба на објекти од локален јавен интерес врз основа на предложени проекти од советите на осумте плански региони; финансирање на проекти во подрачјата со специфични развојни потреби кои ќе се насочат кон приоритетните проекти за изградба на објекти од локалната јавна инфраструктура и финансирање на проекти за развој на селата;

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Основен буџет** | **166.500** | **215.622** | **210.431** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 150.000 | 198.722 | 210.431 |
| 631 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 16.500 | 16.900 | 0 |
| **Вкупно** | **166.500** | **215.622** | **210.431** |

**Раздел 29010 СУДСКА ВЛАСТ**

Потпрограма МА ПОМОШ ПРИ ТРАНЗИЦИЈА И ИНСТИТУЦИОНАЛНА НАДГРАДБА

Опис и цели Целта на проектот е понатамошно зајакнување на институционалниот капацитет на Академијата за обука на судии и јавни обвинители во рамките на која се врши организирање и спроведување на почетна обука на кандидати за судии и јавни обвинители и постојано стручно усовршување на судиите и јавните обвинители и на судските и обвинителските службеници.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Основен буџет** | **0** | **3.690** | **2.460** |
| 630 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 0 | 3.690 | 2.460 |
| **Вкупно** | **0** | **3.690** | **2.460** |

**Раздел 66001 АГЕНЦИЈА ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

Потпрограма 2А ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТИШТА

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрувањето на патната мрежа во Република Македонија преку изградба на нови патни правци и рехабилитација на постојните патишта, а во функција на побрз економски развој, подобро регионално поврзување и повисок животен стандард. Оваа потпрограма опфаќа рехабилитација на патни делници од регионалната и локалната патна мрежа и изградба на нови делници (Радовиш-Струмица, Тетово-Јажинце, Куклиш-Банско, ски центар Кожуф, обиколница Охрид, крак Битола, трета лента Плетвар и др)

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Фондови** | **4.283.545** | **6.564.217** | **6.757.301** |
| 660 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 4.283.545 | 6.564.217 | 6.757.301 |
| **Вкупно** | **4.283.545** | **6.564.217** | **6.757.301** |

**Раздел 66002 ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Потпрограма 2А МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЈЗУ ВО РМ

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е подобрувањето на здравствените услуги за граѓаните на Република Македонија, преку обезбедување на подобри услови за дијагностика, односно за давање на квалитетна здравствена заштита на пациентите.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Фондови** | **370.000** | **370.000** | **370.000** |
| 660 48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 370.000 | 370.000 | 370.000 |
| **Вкупно** | **370.000** | **370.000** | **370.000** |

**Раздел 66003 АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Потпрограма БА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВРАБОТУВАЊЕТО

Опис и цели Целта на оваа потпрограма е преку активните мерки за вработување со кои ќе бидат опфатени одредени категории невработени лица да се овозможи нивно вклучување и задржување на пазарот на трудот. Во согласност со Оперативниот план опфатени се мерки кои се однесуваат на поддршка на семејните бизниси, вработување на самохрани родители, хендикепирани лица и деца без родители, формализирање на постојните бизниси, ангажирање на невработени лица во јавните работи во единиците на локалната самоуправа, обуки и сл.

во илјади денари

| Извор на финансирање<br>Категорија | Година | | |
|---|---|---|---|
| | 2009 | 2010 | 2011 |
| **Фондови** | **512.913** | **510.011** | **504.650** |
| 660 47 СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ | 512.913 | 510.011 | 504.650 |
| **Вкупно** | **512.913** | **510.011** | **504.650** |

## IV. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 12

Буџетот на Република Македонија за 2009 година влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.